**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Број 201**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Шестото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ
ОД ШЕСТОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 29-Х. 1992 година

*Л.* АНАСТАСОВСКИ МИТКО-11,15,63,64
2. АНДОВ СТОЈАН-15,24,28,29,44,61,65,66,165,178
3. АБДУРАХМАН АЛИТИ -51
4. АЛИУ ЕШТРЕФ -55,79,85,194,205,2о4,2о5,298
5. АБДИ ФАИК -86
6. АРСОВ ДРАГИ-122
7. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД -175
8. БОШКОВ ЈОРДАН-22,25,167
9. ГОЛУБОБСКИ БЛАДИМИР-51,55,,54,163,164,168
10. ГОШЕВ ПЕТАР-26,67,69,70,71,78
11. ДИМИТРОВА РАТКА -65,152
12.ДИМ0ВСКА ДОСТА -125
13. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ -195
14. ЗИБЕРИ НАСЕР -15,16,182,185
15. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС -96,108,109,159
16. ЗАФИРОВ ГОРАН -175,176
17. ЈОВАНОВ РИСТО-55,56,175,176
18. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА -116,158
19. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ-192
20. КРСТЕВСКИ НИКОЛА-148,155,162,165,171
21. КРСТЕВСКИ ЗОРАН -150,206
22. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН-41,44,47,108
23. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ -47,172
24. КЕЛЕШОВ РИСТИ -49,170
25. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА-102,104,207
26. МУРАТИ ЏЕЛАДИН-150,128
27. МЛАДЕНОВ ВАНЧО-112
28. МИНОВ ПАНЧЕ -94
29. МИЦЕБСКИ ТРАЈАН-104,174
30. НИКОЛОБСКИ ДУШКО -62
31. МУРТЕЗАНИ АВДК -29,50
32. МИНОВ ПАНЧЕ -40
33. ПЕТРОВ ТОДОР-54,42,45,48,165
34. ПЕТКОВСКИ ТИТО-27,119,151,158,159
35. ПАНОБСКИ МИХАИЛ -61,170 36. ПОПОВСКИ Л)УПЧ0-105
36. ПОПОВСКИ КИРО-159
37. ПОПОВСКИ ДИхМИТАР -160,167

38. РАМАДАНИ ИСМЕТ-154,166,177
39. САДИКУ ФЕРИД -3
40. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН-5,7,9,10
41. СТОЈКОВ СТОИЛЕ-21,62
42. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАБ -29,109,144,161,165,179,186
43. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ-32,151,135,1^2И53
44. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР -91,109
45. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ-118,120
46. СЕЛНАНИ НЕИМ-171,172
47 ТРПЧЕБСКИ ДУШКО-110
48. ТОДОРОВСКИ ЖИВКО-зам секретsp ,прозквка на пратениците
49.ТАИРИ ЏЕЛАЛ-73,189
50. ФРЧКОВСКИ ЛУБОМИР-99,105,133,164
51. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН -145
52- ХАРУНИ СЕЈФЕДИН-135,138,174
53. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА-56,66
54. ХАЛИЛИ МУХАМЕД-32,33,^5,159,161,163,164,169,191
55. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО-177
56. ЏАФЕРОСКИ АЛИЛ-153
57. ЏЕМАИЖ ВЕБИ-77
58. ЏАФЕРИ НЕЏАДИН-186
59. ШАКИРИ ХИСНИ -1

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од Шестото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 октомври 1992 година
Седницата продолжи во големата сала на Собранието со почеток во 11,40 часот.
Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа.
Пратениците Бранко Арсовски, Панче Насев и Симеон Наумовски ме известија дека не се во можност да присуствуваат на седнциата.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.
За збор се јави господин Хисни Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Господа пратеници во врска со амандманот за кој се води расправа јас не го прифаќам, бидејќи по својата содржина прави деформации на Уставот. Законот за лична карта со кој се регулираат многу важни прашања поврзани со интересот на сите граѓани на Република Македонија, во него треба да бидат инкорпорирани сите критериуми и стандарди предвидени во една современа граѓанска држава, која базира врз принципите на демократијата, ако сакаме трајно решение и мир во земјата, тогаш е неопходно да се придржуваме кон овие нормативи што произлегуваат од сите меѓународни

документи, а почитувајќи ги и разговорите што се во постапка со претставниците на Меѓународната заедница задолжени за појавените проблеми по распрадот на Југославија во сите новоформирани држави.
Поаѓајќи од многубројни причини за кои што се води расправата е многу важно во вакви моменти да се респектираат аргументите што ги пласираат пратениците на ПДП и НДП, се со цел за зачувување на мирот доколку тоа го сакаме. А тоа може да се постигне со конструктивни предлози и мислења. Секое поинакво решение што нема да ги задоволи интересите на сите во земјата, земјата ќе ја доведе во една хаотична состојба со многубројни проблеми, а тоа некои пратеници - Македонци го сакаат, бидејќи со своето однесување во досегашната работа на Парламентот на најнецивилизиран начин ги игнорирале албанските прашања, дури разни, разни навреди беа искажани од говорницата на адреса на албанскиот народ, што не му доликува на еден нормален човек да се послужи пред целиот аудиториум со изразите што не се во умот на еден човек со граѓанска култура.
Меѓутоа, секогаш кога расправаме за законите што ги тангираат интересите на Албанците, еден број од пратениците образложувајќи го своето деструктивно однесуваше се повикуваат на Уставот давајќи различно толкување. Тоа ни дава повод да размислуваме дека се работи со два устава, еден што е за државата а другит устав со кој што се ограничуваат правата на Албанците. Бидејќи Републиката моментално се соочува со економски проблеми кои предизвикуваат социјални немири, токму поради тоа треба да покажеме степен на разбирање кон овој закон, се со цел да се обезбеди рамноправност на јазиците во службена употреба.
1

Во согласност со горенаведените факти едно вакво едногласно решение може да се постигне со отпечатување на образецот на лична карта и пополнување на јазикот на носителот на тој документ.
На крај сакам да истакнам уште една работа што е загрижувачка за сите нас што одделни пратеници - Македонци бараат во Македонија да преовладува еден јазик, една култура, една историја, а тоа е всушност теорија на неофашизмот. Ние знаеме дека една вакква политика поткрепена со фашистички идеи не успеа пред 50 години во ниедна земја во Европа, а некој сака да ја применува денеска што е големо чудо и безкрајна авантура.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам не ме доведувајте во ситуација почесто да интервенирам во текот на седницата, меѓутоа, квалификации околу вакви или такви фашисоидни фашистички и незнам какви предлози да се извлекуваат, мора да се наведат конкретни точни примери бидејќи општите квалификации даваат тешка слика, Отфрлам таков начин на комуницирање и мислам дека тоа не е добро. Ве молам внимавајте во учеството во расправата сите, да не ме терате во оваа ситуација да бидам и често пати да се вмешувам.
Збор има Ферид Садику.

ФЕРИД САДИКУ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Барањата на пратеничката група на ПДП и НДП спаѓаат во доменот, според мое лично мислење, во доменот на основните права и слободи кои се предвидени од повеќе меѓународни конвенции па и според правата на сукцесија ја обврзуваат и нашата Република

како сукцесор на бивша Југославија. Барањата, личните исправи да бидат на јазикот на националностите и тоа текстот и податоците, внесени се, впрочем, да не повторувам заошто и многу други колеги пред мене дека се во согласност со текстот И' во согласност со Уставот на Македонија со член 7. Лични исправи на мајчин јазик, во Европа веќе 20 години се неспорни, дури државите за тоа се обврзани со правна регулатива заснована по одредени критериуми. Во Словенија каде што живеат 40 илјади Италијани, ова прашање одамна е надминато и во териториите каде што живеат документите се издаваат двојазично. Тоа важи и за Словенците и за Италијаните на еднаков начин. Иста правна регулатива важи и за Хрватска во врска со Унгарците во истата република, во Србија, Албанците во Јужна Србија, надвор од Косово. Дали со тоа не се документира дека на Македонија не и е местото во Европа. Мислам дека одговорот би бил потврден затоа што фактите така зборуваат. Со ваквата постапка го кршиме и Уставот на Република Македонија кој што е многу јасен и со тоа се дава можност за граѓанска непослушност која што и понатаму би ја компликувала и онака компликуваната ситуа-ци ја.
И на крајот би го цитирал историчарот Тојби кој вели: "Нема да ни биде лесно да ја совладаме тешката вештина на заедничко живеење", а јас би додал "Слушајќи ги последните два-три дена некои од пратениците овде од оваа говорница, посебно од партиите на македонскиот народ, македонските национални партии, на кои поради длабок револт, а и од практични причини не им ги спомнувам ни имињата, со своите истапи, полни со албанофобија, поднесените амандмани по фашоидна содржина, се плашам да тоа биде невозможно, се мисли на горенаведениот цитат.

Виедно пред јавноста на Републиката и пошироко изразувам лична захвалност на оние пратеници кои станаа во одбрана на  она што е демократско, људско, правда и она што го краси човекот, а мора да признаеме дека тоа беше вистински раритет во последните 20-тина месеци во овој Парламент. А во средствата за јавно информирање, колку што можев јас да следам и на телевизијата не беа спомнати.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Оломан Сулејмани.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Уште од почетокот го отфрлам амандманот на господин Петров и не сакам да се задржам во врска со тој амандман, меѓутоа директно ќе преминам на некои работи, а тоа се една од компоненти на заедничко живеење меѓу Македонците и Албанците, се и нивните јазици и писма. Тргнувајќи од тоа, јазиците на двата народа се и стабилен фактор во овие простори. Проблемите кои ги создаваме во врска со употребата на јазиците се тесно поврзани и со меѓунационалните односи. Тенденциите само македонскиот јазик да биде службен јазик, јас го сфаќам само како унитаристички сфаќања, а што се и напад кон другите јазици. Унитаристичките сфаќања приоритет му даваат на јазикот на својата нација, а од друга страна протестира кога слу-шат други јазици, бидејќи не ги познаваат или не сакаат да ги разберат. А во случајот, во овој Парламент, тоа неколку пати се докажа. Бидејќи унитаристите се повикуваат на јазикот на мнозинскиот народ, а истите му се спротивставуваа и на јазикот на другиот колетиБитет, во случајот на албанскиот и на турскиот јазик и на другите јазици. Врз основа на овие околности унитаристите оваа

теза ја продлабочуваат и така независно јазиците ги делат на "големи" и "мали".

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Сулејмани, не разговараме за равноправноста или незнам што на јазиците, не разговараме ни за унитаризмот. Патем да ви кажам Македонија е унитарна држава, второ во Уставот стои дека службен јазик е македонскиот јазик. Така не можеме да ги обвиниме луѓето оние кои бараат почитување на Уставот. Меѓутоа, ајде кажете вие за амандманот. Кажете си за амандманот.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Јас сум навикнат господине претседателе да ме прекинувате, не ви е првпат ова, меѓутоа, водете сметка ја сум равноправен пратеник со сите останати, а зад мене стојат околу 13 илјади избирачи. Имајте почит за моите избирачи.

СТОЈАН АНДОВ:

Имајте почит кон Деловникот, ве молам.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Врз база на овие околности.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова важи и за сите други избирачи.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Јас ќе бидам сосема краток.

СТОЈАН АНДОВ:

Ајде ве молам, за амандманот.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Врз база на овие околности унитаристите оваа теза ја продлабочуваат и така несвесно јазиците ги делат на големи и мали, важни и неважни, службени и неслужбени, а со други зборови се појавува....

СТОЈАН АНДОВ:

Гсподине Сулејмани ако немате што да кажете за амандманот,
ќе ве замолам да ја напуштите говорницата.
(Рекации од место со некакво тропање) . Ајде за амандманот, ви давам збор.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Јас мислам дека атмосферата ви покажува за нешто....

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не, ве молам јас водам сметка за атмосферата. Дајте кажете за амандманот што мислите. Нема смисла сега. Што мислите кажете.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Јас можам и да ја прекинам мојата дискусија, мегутоа знајте дека мислам дека деловнички грешите и  ако не сум правник.

СТОЈАН АНДОВ:

Сите ме обвинувате.

ОЛЕМАН СУЛЕЈМАНИ:

А, дури имам аплаузи и од клупите што за мене е разочарувачки.

СТОЈАН АНДОВ:

Кажите за амандманот. Ве молам продлжете за амандманот.

ОЛЕМАН СУЛЕЈМАНИ:

Јас не излегов дијалог да водам со вас претседателе, па дозволете ми да завршам.

СТОЈАН АНДОВ:

Седницата ја водам јас господине Сулејмани. Ке кажете за амандманот. (Реакции од место) Ве молам тишина.

ОЛЕМАН СУЛЕЈМАНИ:

Добро ги имам сите овие работи се поврзани со тој амандман, иако не им одговоара на останатите пратеници. Сега дали ќе ми дозволите да продолжам или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Продлжете за амандманот.

ОЛЕЈМАН СУЛЕЈМАНИ:

Во врска со амандманот ќе довршам.

СТОЈАН АНДОВ:

Ајде повелете.

ОЛЕЈМАН СУЛЕЈМНИ:

И нема да бидам долг, уште две три минути фактички.

Слушаме доста работи овде, па редно е да ме слушате и мене.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ајде да го дослушаме говорникот.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Знам дека не се слагате, меѓутоа, јас морам да продолжам, фактички имаме јазичен унитаризам, па ако сакате и унирaтистичка држава како форма на нациоанлизам, со тенденции за јазична хегемонија и писмо, со асимилаторска тенденција врз другите јазици. Впрочем, таа политика, последните години се водеше и се води јавно и во овој Парламент против албанскиот, турскиот и другите јазици. Во хетерогените средини рамноправноста на јазиците треба да се сфати како богатство, а не како натпревар за нивно уништување ,т.е. за нивно отстранување од јавна употреба. 41-та седница за мене има многу сличнсоти со 14-тиот вонреден конгрес на ЦК на СКЈ, бидејќи на овој конгрес не се покажа доволна спремност и умешност за дијалог.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам { едновремено удира во звоното), какви се тие компарации, какви се тие комперации, па ќе предизвикате непотребни...

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Знам дека не ви одговара, меѓутоа.,

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не ми одговара, нема врска ( се смешка) господине Сулејмани, каква врска, навистина, каква врска со амандманот има кој што ни е на дневен ред

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Вие толку време ми изгубивте што јас досега ќе бев завршен.

СТОЈАН АНДОВ:

-

Па, повелете, завршете. Зборувајте за амандманот, а не за нешто

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ

Па, како ќе свати јавноста, јас незнам,важно вам не ви одговара. Не се покажа доволна спремност и умешност за дијалог, за решавање на судбината на граѓаните на тогашна Југославија. А на сите нас последиците ни се јасни и овие грешки се плаќаат со животот на граѓаните. Сите ЈУ-републики, па и ние, Европа ја сативме, ја прифативме како посматрач за решавање на сите проблеми во врска со создавањето на нови демократски држави. Овие демократски држави ќе бидат прифатени како членки на Европа, ако ги исполнуваат критери-умите кои што Европа ги бара од нив. А сега е редно да се прашаме сите ние, каков Устав имаме, дали е национален или граѓански. За мене новиот Устав на Република Македонија е само граѓанско-македонски, бидејки со системските закони ја заокружуваме државноста на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Сулејмани, ве молам, напуштете ја говорницата. Не е на дневен ред Уставот. Не можеме така, верујте...

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Бидејки неколку пати сум опоменуван, ќе завршам со една реченица - во овој момент ги повикувам најодговорните во републиката

здраво и аргоментирано да размислуваат во овие моменти за признавањето на Република Македонија, бидејки со системските закони го работиме спротивното. Европа не е жедна за национални држави. Таа бара граѓански држави. благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам уште еднаш да напоменам, имаме уште една незгода, за разлика од многу параламенти што овде се читаат дома напишани текстови. Во многу парламенти тоа е забрането. И со тоа треба да размислиме за Деловникот, од Деловникот овие работи да ги отстраниме, Овде станува збор за тоа, оној кој е од народот овластен, да дојде да каже што мисли конкретно и т,н. Инаку вакви реферати како што сега господинот Сулејмани ни чита, подготвен во некои штабови надвор од салата, навистина, не е добро да се исцрпуваат луѓето. Затоа да продолжиме.Има збор господинот Митко Анастасовски.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Ова е правилна констатација на господинот претседател на Собранието. Остаете ги тефтерите од КумроБец,дома, стајте ги пишуваните, излезете, и тоа што мислите да го кажете. Ќе видите, колку ќе бидете поконкретни и ќе ве прифати народот. Затоа што знам тука, земате реферат уште од незнам која година. Ако можев да направам држава на два спрата, сега ќе ја направев. Ве молам малку...

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ајде ве молам, дајте да го ислушаме човеков сега. Уште не ни почнал.

МИТКО АНАСТАСОВ:

Јас почнувам и завршувам. Прво се обраќам,за овие два дена толку сме изморени, и ако некој не гледа од надвор, стварно ќе рече, овие луѓе не сакаат држава. Добро! А од друга. страна, гледајки ги дуелите мејѓу ПДП, НДП и независниот кандидат толку ми е незгодно што замислувам дека не знам на кој да ја префрлам топката и не знам како тоа да го решам. МеЈрутоа, гледајки го Уставот, читај-ки го Уставот и она што го изгласа овој Парламент за создавање независна, самостојна држава, ми се чини дека предлогот односно што го даде господинот Петров, е за почитување. Еве зашто - да не ми се лутите - оваа држава се вика Македонија. Без разлика кој народ, се зане дека македонскиот народ е мнозинство, и кој се другите националности кои живеат во таа држава, треба да ја почитуваат државата.За да ја почитуваме државата треба да ги донесеме и овие закони кои ќе ја означуваат државата и целокупноста на државата -системските закони. Амандманот на Петров не е спротивен ни на Уставот ни на захтевите на државата. И залудно водите полемика два дена.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (продолжение)

Мојата душа, мојата психа верувајте ми е целосно народна,без разлика кој тука седи внатре. Досега сите имавме легитимации. Легитимацијата беше под благословот на таа федеративна Република Југославија и под нивните закони и устави. Ништо никому тоа не му пречеше. Создаваме држава Македонија. Никому нема да му пречи во ништо ако тоа биде на кирилица и ако таа ја означува нашата целокупност. Уверен сум дека ако тоа го прифатиме и треба да го прифатиме тука решаваме еден голем проблем кој не може и претходниот дискутант кажа нешто. Извинете господине претседателе малку ќе се вратам поназад.

СТОЈАН АНДОВ:

Немој многу назад

.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Иако тој систем, јас зборувам за системи, не зборувам за личности, попречи во, односно не излажа во тоа братство и единство. Бевме излажани и вие и ние. Не постоеше никакво братство, единство, никакво национално единство. Таа е големата вистина, а тоа беше големата лага на системот.Амандманот го поткрепувам затоа што баш тука ми е и целта и не сакам да кажам и полош збор, ако не му е до држава и дошол тука само да прошета и да си оди. Тука баш ќе ни помогне да го створиме тоа вистинско братство, единство, тоа кое не зближуваше со години, години назад, братството, соседството и т.н. И ќе ве молам да не се деси од сега натаму да губиме време во меѓусебни захвати. Никој нема против ниту против албанец, ни спрема турчин, ни спрема влав, ни спрема ром, ни спрема секој човек кој реално ги прифати законите

на оваа држава и целосно ќе му служи на оваа држава. Јас не знам тогаш власта каква ќе биде ако дигне рака против некој од нас, или против некои од тие народности други кои што живеат во оваа земја. Мене ми се чини дека подобро ќе биде ако обележјата ги дадеме така како што се и како што ги бара Европа и бара Европа. Ако сакаме да водиме дилеми, ако сакаме да водиме полемики, ние не помагаме ни на ' Европа не си помагаме ни на себеси. Европа не сака да не слика и да не види нас. Европа сака документ која држава си и што ти прифати од таа држава. Тоа го бара Европа, тоа го бара светот. А ние, ни левата ни десната, ни левата затоа што незнам сега кои сме леви, кои сме десни, ние одиме кон една цел национално единство. А националното единство го покажуваме со Уставот. Јас реков господине дека амандманот на Петров е согласно Уставот. И законите и целите кои ги бара државата, а кавгите нека останат надвор од Парламентот. Да ви кажам една работа. Јас имам забелешки и на некои од ПДП-НДП, на некои од парламентарците, меѓутоа тоа го оставам за улица, за ходникот и незнам каде. Амандманите кои се даваат се во духот на признавањето на нашата држава, односно на личната карта. Добро бе луѓе, што ќе ни пречи ако тоа е напишано на кирилица, македонска кирилица која и досега ја имавте во џебот.(Ја покажува личната карта) Ви попречи? Не ви пречи. Еве тука е, прочитајте ја. Само што таа лична карта не доведуваше до дифонија, до кавга. А сега ќе имаме лична карта која ќе се пишува на кирилица и ќе пишува "држава на Македонија", државјанство македонско, а нормално националноста ќе ви се пише како што сме секој. Значи тоа е и целта. Немојте вие да се расправате, немојте да се карате и немојте да правите полемики затоа што тие полемики после се одразуваат и понатаму и т.н. и т.н. Прифатете го и предлогот, односно амандманот на Петров. Ми се чини

дека ако не се согласува некој, јас да ви кажам отворено, ако не се согласувате и мој човек да стане и да каже така, тоа значи дека не се согласува со државата што ја правиме, а тоа е многу тажна работа. Јас сум по исповест православен вие сте муслимани, ја почитувам и вашата вера затоа што сите сме под еден бог. И од мојата уста никогаш нема да излезе нешто против тој бог кој го  верувате и вие. Но, верувајте и вие дека никој од нас нема да дигне рака против вас, што верувам и вие тоа нема да го направите против нас.  Да ги направиме системските закони, да ја направиме личната карта и достоинствено ќе си ја носиме во џебот и нека излезе некој да ти каже тебе Мусли, или тебе Митко: тоа не ти е твое, туку е туѓо. Не. Сите државјани на Македонија ќе си ја носат личната карта кирилица, а сите тие други одредби. Една минута ќе се задржам на друго. Економски, културни просветни, научни тие се нормално на секоја нација, на секоја националност дадени и вие тие ќе ги развивате како што тоа го развива целиот свет. И уште една работа. Никаде во светот немаат две лични карти. Затоа нема држава во два спрата, една држава да е тука, а друга држава да биде во друг спрат. Една држава со разни народи и со љубов меѓу луѓето.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој бара збор?

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Јас однапред сакам да знам дали ќе ме прекинува претседателот, затоа што доаѓам со напишан текст.

СТОЈАН АНДОВ:

Мене ми го упатувате тоа?

По деловникот сега заради напишан текст немам можност да ве пре-кинам. Јас го кажав тоа за деловникот како да го средиме. А инаку се разбира дека тие напишани текстови овде не не оспособуваат да 'решаваме како што сме должни да решаваме, туку да водиме, полемики на умови и штабови кои не се присутни во оваа сала. Тоа е затоа во другите земји со деловник забрането. Тоа е прво. Второ, на почетокот ми се случува сега, да е малку понапредната седницата, барем еден час да сме работеле ќе ја прекинев седницата веќе кај господинот Оломан Сулејмани. И сега и господинот Анастасовски пак си почнавме ние како сега да почнуваме општ претрес по законот, а не по амандман кој е тука сега на дневен ред.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Не, јас нема да продолжам. Пак имам една процедурална забелешка. Ако треба да ги прекинуваме говорите на дискутантите, тогаш треба да имаме ист пристап кон сите. Ние за двајца дискутанти бевме сведоци каков пристап имавте кон дискусијата на Оломан Сулејмани кого десет пати го прекинавте и каков пристап имавте кон уважениот господин Анастасовски. Ако така и понатаму пристапите, јас нема да дискутирам, јас ќе одам на место. Нема да дозволам некој десет пати да ме прекинува за мојата дискусија која сакав да ја изложам овде.

СТОЈАН АНДОВ:

Тенденциозно ви е тврдењето.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Однапред на кажам дека сум против амандманот поднесен од пратеникот Петров зошто истиот нема правен основ и ги крши одредбите на Уставот, поконкретно ставовите 2 и 3 од членот 7 и политички е штетен. Како таков го отфрлувам и сметам дека не треба да се подржува. Но, следејќи ја дводневната расправа од продолжението на 41-та седница

на Собранието многу сум импресиониран и искрено да ви кажам и деприимиран за начинот на кој ова Собрание и овие пратеници размислуваат, за нивното меѓусебно комуницирање, толеранцијата, и недоразбирањата кои постојат овде меѓу нас пратениците. Од меѓусебната недоверба и заладувањето на меѓунационалните односи, од меѓусебните обвинувања за положбата на едните, или другите, впрочем загрижени се и сите граѓани во Република Македонија. Загрижен е и обичниот македонец, загрижен и обичниот албанец, загрижена е целата јавност во Македонија. И додека ние овде во Собрнаието меѓусебно се караме и обвинуваме, се делиме на наши и ваши, на албанци и македонци, или обратно, полека, но сигурно ваквото расположение господа, го внесуваме и кај граѓаните и кај народот во Македонија. И без нивна вина, но не и без наша како Парламент и Влада тој обичен граѓанин без оглед на неговата етничка, или верска припадност денес повеќе и од кога да е се осеќа обесправен, се осеќа загрозен, се осеќа без перспективен. Едноставно тој е фрустуиран, разочаран и депримиран. Единствениот капитал кој го имавме досега, мирот со кој се разбира се гордеевме на некој начин и се оправдувавме пред оваа јавност и ако понатаму вака продолжиме, на добар пат сме и да го изгубиме. Зарем не се сеќавате господа дека ваквата атмосфера и психоза владееше и во предратна Хрватска и во предратна Босна . А ние господа и понатаму тврдоглавно продолжуваме да играме исти валкани игри и со исти сценарија, игри како оние од предвечерјето на етничките и валкани војни во овие горе спомнати републики. Завчера бевме сведоци на една обвинителна и добро изрежирана претстава во која во улогата на обвинетиот беше ставена една цела националност, а во ролјата на обвинителот беа некои господа кои седат од десната страна. Не се бираа зборови.

не се бираа средства и начини, се одеше без пардон со една цел, што е можно повеќе да се дискредитира, декласира и валка цел еден народ. Гледачите обични македонци се прашуваат: зарем е можно нашиот комшија, нашиот сосед албанец да е навистина ваков, националист, сепаратист, иредентист, и незнам каков. Обичниот македонец се прашува ако албанците навистина сакаат Македонија да ја распарчат, да се припојат кон Албанија, или незнам каде, зошто тоа и не го прават? Зошто не го кажуваат тоа отворено и зошто уште бараат права и рамноправност токму во оваа држава. Гледачите пак албанци се осеќаа грозно, се осеќаа како на некој кому му судат во отсуство, без можност да се брани, без можност да ја прикажува и другата страна на вистината, ако воопшто може да се смета како вистина расправата која се водеше овде пред две вечери. Вчера пак јавноста на Македонија имаше прилика да гледа една пиеса каде пратениците до мера на недозволеност не се почитуваа меѓу себе. Се слушаа обиди да се докажува припадноста на Скопје, или на некој друг град. Едноставно речено јавноста на Македонија преку малиот екран присуствуваше на една лакрдија. Известувачот од малиот екран незаситен од директниот пренос и се она што беше прикажано во текот на целиот ден за вториот дневник ни приреди уште поголема радост. Со исечоците на дискусиите на албанските пратеници тој ни покажа една сосема подруга слика. Се разбира за да задоволството до крај биде исполнето се погрижиле комплет сите присутни овде во салата. Зарем неможеме господо поинаку да работиме? Зарем не можеме ние албанците да сватиме дека сите работи не се средуваат одеднаш, дека 50 години наталожените проблеми не се решаваат за една, или две години. Зарем вие господа македонци не можете да сватите дека правата на другите не можат да ги загрозуваат вашите права, зошто тогаш тие и не би биле права. Зарем вие господа

не можете да сватите дека рамноправноста на другите не ја загрозува вашата слобода. Напротив колку повеќе граѓаните на Македонија ќе се осеќаат за рамноправни, толку повеќе оваа Република ќе биде посигурна и побезбедна. Да знаете господа дека тоа нема да го дозволиме, па макар и по цена да некои работи кои се јасни и чисти како солза, како што е применаta, односно непримената на членот 7 од Уставот, непримената на членот 48, проблемите во образованието и низа други прашања не се решаваат во овој момент и како што вели правдата. И по цена на овие прашања ние нема да дозволиме Македонија да се дестабилизира. Но, за да Македонија биде поцврста, биде мирна и безбедна не се доволни само напорите на едната страна. Не велам дека ние албанците дадовме се од себе во полза на горе изнесеното. Но, верувајте дека другата страна уште помалку работи во овој правец а поготово десната страна од мене. Како поинаку да се толкува не донесувањето на закон за употреба на националните симболи, а сите се сеќаваме каква беше интерпретацијата на овој член од страна на министерот Фрчковски. Тој министер денес не само што се оглушува на барањето за регулирање на оваа област, туку спроведува санкции против луѓето кои ги употребуваат тие национални симболи, кои тој токму ги гледаше во членот 48. Зошто не се става на дневен ред законот за употреба на јазиците предложен од потпретседателот Мурати. Зошто се доцни со донесувањето на законите од образовнаието, зошто не се отстрануваат проблемите во областа на информирањето? За сите овие прашања одговор и подлога има во овој Устав кој вие го гласавте, а денес не го применувате, а од утре и ќе го кршите со усвојувањето на законот за патните исправи, законот за личната карта, законот за кривичната постапка и што не друго.

Зарем не сваќаме господа дека бавното решавањ.е на овие и слични проблеми ствара недоверба во власта и државата, поттикнува национализам, незадоволство, нетрпеливост кај албанците. Ваквата состојба пак кај едните неминовно предизвикува реакции кај другите. И ете конфликти, ете проблеми, ете несакани последици. Верувајте дека чашата на незадоволството се преполнува. Трпението се приближува кон крај.Не дозволувајте да политичко-територијалната автономија за албанците биде малку како што е малку денес автономијата за србите во Хрватска. Немојте да не принудите да нашата судбина, или вашата судбина ние ја земеме на свои раце, вие на вашите раце. Македонија нема да биде загрозена се додека албанците својата перспектива ја гледаат во оквирите на оваа држава и рамноправни со македонците. Македонија нема да биде вака како што се одвиваат работите се помалку ни овозможувате да нашата перспектива навистина ја бараме овде во оваа држава. Ова не го сваќајте како политички маркетинг, или нешто друго, туку како крајно искрена желба за подобра иднина за сите нас, за мир во земјата, за мир во светот, како би рекол господин Тупурковски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Овој пат морам да признаам дека претседателот на Собранието имаше слух иако на прва рака деловнички се отстапуваше во една ваква дискусија дозволи со оправдана толеранција да се искаже и претходниот говорник, а дозволи до некаде и тие што претходеа.Сакам да предложам процедурално денеска да се почитува оваа пракса да важи за сите пратеници, прашањето што го дискутираме денеска е сериозно, да дозволиме една деловничка непрецизност заради вистината и заради тоа што треба да го одлучуваме. Се надевам дека и наредните пратеници нема да бидат прекинувани и ќе им се овозможи целосно излагање.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ве молам, ако падне таков договор, тогаш ќе расправаме цел ден, ќе се повторат работите, нормално.Имаме еден предлог. Да видиме по тоа прашање, немојте по друго да започнувате.Има збор господин Стојков по предлогот на господин Голубовски.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Побарав процедурално, ме чуди како претседатлеот на Комисијата за деловнички прашања го прекрши деловникот, каков е таков е, ќе го почитуваме додека не донесеме нов. Ние, обичните пратеници во ред, да не ги знаеме одредбите на Деловникот, меѓутоа претседателот на Комисијата за деловнички прашања да не го знае, ме чуди.Господинот Голубовски што предложи,го предложи од револт, затоа што кога дискутираат македонските пратеници од македонските национални партии и независните пратеници од оваа говорница се опоменувани. Меѓутоа, им се дозволува на албанските национални претставници би рекол овде, така се декларираат, од нивните партии

им се дозволува да протураат тези и теории и уцени и закани. Ќе ве молам,овој Парламент треба да си го сочува својот дигнитет/ своето достоинство и имаме расправа по амандмани на господинот Петров

СТОЈАН АНДОВ:

Прво, го одбивам приговорот на господинот Стојков дека на пратениците од македонската националност им се упаѓа. Им се упаѓа еднакво како и на другите.И тука деловничките права не следуваат по националност, да се разбереме. Не следуваат по националност. Правата се еднакви. Вие и јавноста можеше да види како вчера зборуваа пратениците кои не се албанци, бидејќи немаше албанци овде и дали имаше интервенции и тн и тн. Немојте така, тоа е повеќе инсинуација отколку што е вистина. Тоа не е апсолутно вистина.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Даме и господа, јас не би сакал да се користи ваквиот миг за изнесување на некакви национални или квази национални па и малцински програми.
Она што можеше да се наслути од порано, а и сега сосема децидно ни го најавува господинот Зибери е една грозна војна и јас мислам дека при оваква расправа, при оваква точка на дневен ред ниту најмалку не беше упатно тоа да се слушне.По однос на текот на седницата мојата забелешка е во тоа што тука никаков претседател на Парламентот не може да кочи во излагањето. За мене само се става под знак на прашање зрелоста, волјата, мотивираноста за конструктивно работење.
Мое лично гледиште е дека оваа расправа не придонесува за националните интереси и сметам дека е подобро да се прекине.

Едноставно малку да се оладат главите кои се премногу вжештени, премногу емоционално се настапува. Извеената измена во раководството. на парламентарната група на ПДП-НДП секако дека придонесува за овој неповолен развој....

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте тоа, тоа немате право, немаме право да...

ЈОРДАН БОШКОВ:

Тоа е процедурата. Не, јас не зборувам за овој амандман. Мене едноставно ми е непријатно да присуствувам цел вчерашен ден тука, евентуално и овој ден или и утрешниот ден и да слушам говори кои се не само бесплатни туку се и контрапродуктивни. И, како пратеник во Собранието смеам да барам заштита. Не може една вечност да се уплеткуваат темите, па дури да се најавува и воен расплет, слично на она како биле работите во Хрватска, Босна или на други места. И, за тоа ние мораме да размислиме.Мојата сугестија е дека е подобро да се прекине, да се договорат раководствата од парламентарните групи, а после да видиме како да продолжиме.Или пак другата алтернатива каде што, ете, немам разбирање барем во добар дел од пратеничкиот состав, тоа би било стриктното држење до предметот. Уврстената точка на дневен ред е државен интерес. Не е тоа волја на некој пратеник, на поединец или на Владата. Тоа треба |^а сите да ни биде перфектно јасно и затоа, дами и господа барам или стриктно да се држиме до она што одразува парламентарно ниво или да прекинеме. А, вакви заложби, долгоминутни настапи не се потребни и секако се безплодни.Толку, јас навистина не сакам сосема спротивно на моите ставови зборувам вака долго за ова прашање, меѓутоа мислам дека тежината е премногу голема за да се мине преку тоа. Мора да сватиме

дека процедурата е нешто што мора да биде запазена. Па и самиот господин Зибери предлага деловник за работа на Собранието. Јас се надевам дека тој предлог излегува после длабоко анализирање на парламетнарните искуства. А, вакви нешта во тие демократии тешко да се допусливи.

СТ01ЈАН АНДОВ:

Сега имаме два предлози. Едниот предлог е да бидеме малку непрецизни во спроведувањето на деловникот, тоа е предлогот даден. од господинот Голубовски и така морам да ги наведам по редослед заради значајот на ова прашање, го цитирам неговото образложение а не заради тоа што е лут на некого, ве молам не заради тоа, тоа некој го спомна овде, туку заради значењето на прашањето да се овозможи поширо-ка елаборација и надвор од рамките што ги одредува само материјата конкретно на амандманот. Така го сватив предлогот. Тоа е еден предлог.Друг предлог е да прекинеме со расправата ако неможеме да се држиме стриктно до деловникот. А, како што и самиот гобподин Бошков кој го даде овој предлог, тој веројатно и самиот е начисто дека пратениците не се држат стриктно до деловникот, и не само овде една група, туку сите  не се држат и не доведувате во невозможна ситуацијада се спротивставувам на волјата   скоро на секој говорник. Верувајкте тоа не е добро. За работата на Парламентот тоа не е добро.Друго, замислете сега, ние не успеавме зарали овој факт што секој од пратениците не прифаќаше ниту најмала моја и оправдана интервенција, деловнички заснована интервенција, сега ние, дури имаше и разни инсинуации и напади врз мене дури и кога ќе се разгневат за други работи па на мене напаѓаат за да си создадат простор да можат уште повеќе да пропагираат овде свои идеи затоа што се чувствуваат ограничени во искажувањето на широките свои идеи што сметам дека не е инаку правилно.Правилно е да се зборува за амандманот. Меѓутоа,

сега имаме предлог на Голубовски, таков е овој амандман по природа. Сакале-нејкеле навлегува малку пошироко и сега да го менуваме режимот, па на сите овие што ќе зборуваат, без согласност на сите да го спроведеме строгиот деловнички режим, а не успеавме до сега, тоа ќе биде и неправично, се разбира, а друго, може да доведе до сериозен расцеп овде во Парламентот овде верувајте.Затоа, за да се придонесе за конструктивноста на искажувањето, јас апелирам кон вас, вие кажете ги ставовите со аргументи и аругментите во таков случај, ако сега се договориме така, но избегнувајте квалификации и инсинуации кои, да речеме опонентот го доведуваат до бес па реагираат бурно па влегуваме во една низа на реплики што неможат да запрат, не враќаат на процедурални расправи како што не вратија сега и тн.Инаку, сакав да ви кажам дека овој закон е многу важен и Собранието би требало да направи напор да не го одлага. Денеска да го донесеме. Законот е многу значаен. Овде, сакам да ви кажам имаме еден предлог сега ќе го поделиме и ќе го дадам на изјаснување од една група пратеници кои предлагаат Законот за лична карта да се донесе во пакет со Законот за матичните книги и Законот за употреба на јазиците на националните малцинства. Собранието ќе се изјасни кога ќе дојде тој предлог, сега да се измножи, предлогот го добив сега и ќе го упатам, ќе го поделиме,но сакав да ве информирам дека се тука група пратеници, колку можев да прочитам тука се господин Ефтим Манев, Чкатровски Благоја,незнам кој е после, и Ристо Јованов. Додека не го добиеме предлогот сите нема да го дадам на изјаснување. Според тоа, јас молам во излагањата да бидеме коректни, сето тоа да личи на парламентарци и друго, во аргументацијата не е нужно да се враќаме илјада години назад. Ова е сепак Парламент. Јас и минатиот , пат ви кажав некои работи можат да се докажат и со поскромно аргументи

од сега како живееме и тн, а не со грамоти на еден или друг цар од пред илјада години или петсто години и тн. Тоа е работа на пратеникот, но ќе внесеме еден дух другите да соберат па што било пред , некој друг цар и тн. и ова нема да биде Парламент и борба за донесување закон туку повеќе од било кој историски симпозиум.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, претседателот на Собранието се разбира дека има право да се обидува седницата да се одвива според деловникот на културно, достоинствено ниво и тој има право да опоменува да сугерира ако некој страсти излегуваат надвор од нормалното, вообичаеното, да се обидува малку да ги смири. Но, ние многу време губиме со тоа што еден пратеник предупредува друг пратеник што зборува и како зборува и зошто така зборува. Тоа се повторува веќе многу, многу пати.
Да ве потсетам на членот 16 од Уставот - се гарантира слобода на уверувањето, на совеста, на мислата,на јавното изразување. Се гарантира слободата на говорот, на јавниот настап, на јавното информирање и тн. и тн. Значи, совеста, говорот. Секој има право да ги искаже своите ставови. Но ова е еден член од Уставот што сме го усвоиле како парламент.
Има друг член каде говори дека тие што подбуцнуваат на војна, на незнам што во државата таму има член под кој можат да бидат подведени. Според тоа, секој нека изнесе што мисли а над-лежните органи имаат право и должност да проценат ако некој подбуцнува верски судири или повикува на војна, или се заканува, па ќе се преземат мерки против тие лица што така говорат. Но, секој секого да предупредува што треба да говори-и ЈПТО треба да мисли, мислам дека е недопусливо. Тоа е една работа.

Втора работа, нам повеќе пати ни се случува при крајот на расправата да ги менуваме правилата на однесувањето на самата седница. Ни се случувало откако ќе има 50 дискутанти за останатите 20 или 15 да се изменат правилата врз основа на тоа што ќе се постави на гласање како мнозинството мисли да продолжи седницата. Е па мнозинството, бидејќи истапило на седницата и говорело ќе ја крене раката да биде поинаку отколку оние што останале во наредниот период да говорат. Тоа не треба да се случува. Како ќе започне една седница така треба и да заврши за сите пратеници. Друго е прашањето што ние имаме деловник во согласност со законот за здружениот труд. Тоа е наша општа брука, на сите членови овде на парламентот.

СТОЈАН АНДОВ:

Времетраењето на расправата не се утврдува за цела седница, туку за секоја точка, на почетокот на расправата по точката.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, да беше лесно овие закони, државнотворните, Законот за државјанството, Законот за патните исправи и за лична карта да ги донесеме веројатно немаше три месеци да ги одлагаме  постојано. Тие се стожерни закони на македонската држава. Со нив се удираат политичките основи на македонската држава. Според тоа, секој член од овие закони за кои што станува збор оправдано предизвккуваат голем интерес кај пратениците. Затоа, сватливо за мене и  разбирливо е што преку еден амандман, како што сега господинот Петров го поднесе а имаме уште неколку амандмани со слична содржина од други пратеници, фактички се прекршува целиот закон. Преку членот 5, тоа е стожерот на Законот за личните карти. Ништо друго не е спорно. Ни до членот 5 ни она што е после членот 5. Ако го апсолвираме членот 5 сме го донеле законот.

Според тоа, за мене е разбирливо и треба да ја прифатиме оваа сугестија да може да се елаборира малку повеќе бидејќи со амандманот фактички се доведува до различна интерпретација и на Уставот и различно сфаќање по однос на правата. Едни тврдат, вчера цел ден и денес од сабајле дека со овој амандман фактички се доведува во ред законот со уставот, а други тврдат дека им се повредени правата утврдени со Уставот. Значи, истиот член се интерпретира различно, зависи од која групација станува збор. Според тоа мислам дека е многу тешко исклучиво да се држиш за амандманот ако не проговориш малку повеќе со аргументи што значи со амандманот, дали се доведува во прашање употребата на македонскиот јазик како службен јазик односно дали се повредени правата на националностите што се утврдени со Уставот.да дозволиме Според тоа, јас би бил за едно пофлексибилно разбирање да можеме пратениците повеќе аргументи за едната или другата теза да изнесат. Впрочем и на вчерашната седница многу пратеници бараа еднаш да се отвори прашањето за меѓунационалните односи, а едно од тие основни прашања што ги тангираат тие меѓунационални односи заправо е и оваа одредба од членот 5 од Законот за личната карта.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, само овој мој повик што господинот Гошев го истакна на, да кажам така толерантна конструктивна расправа сепак останува. Сите треба да си кажат се што можат, но на начин како не го понижува или навредува другиот, начин да може да води кон решение, да може да дојдеме до солуција. Значи, можеме да продолжиме. За збор се јави господин Авди Муртезани.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Господине претседателе, јас би сакал да мојата дискусија ја искажувам на мој мајчин јазик. Па би сакал ако може и со Деловник е дозволено е да ми се пружи можност.

|

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира постојниот деловник дозволува, само вие мора да знаете кој ќе ве разбере овде, ние немаме техника да ви овозможиме симултано превдување.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Во Собранието постои служебн преведувач, па би барал да обезбедите услови за да можам да се искажам.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас мислам дека тоа многу ќе ја искомпликува состојбата не ќе успееме ..... ајде пауза од 15 минути, бараат овде.
(Паузата започна во *13,00* часот)
(По паузата седницата започна со работа во 15,10 часот-

СТОЈАН АНДОВ:

Збор имаше господинот Авди Муртезани. (некои од пратениците зборуваат од место) ве молам не, не, тој имаше збор, па потоа ќе се објасниме. (еден од пратениците зборува во врска со тоа од место). Па неможе сега му дадов збор на човекот . Во што е работата? (некој од патениците велат процедурално) Процедурално ќе отвориме цела расправа процедурално тогаш. Добро, ајде тогаш господин Абурахман, тогаш и Томислав Стевковски, ќе влеземе во процедурална расправа. Во ред, тогаш ќе му дадам збор на господин Стевковски,

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, навистина настана една ситуација во работата на Парламентот и јас го поздравувам чинот на претседателот Андов за прекинувањето на седницата кога се направи обид за злоупотреба на оваа говорница.  Не се согласувам со делот од образложението

дека поради технички причини не се дозволува говорење на јазикот на било која националност од оваа говорница. Таквото објаснување ? на претседателот со други зборови значи дека има право да се говори и на јазикот на националностите. Сметам дека Уставот на Република Македонија ја исклучува можноста од употреба на јазиците на било која националност за што се работи за законодавен орган на Република Македонија во што Парламентот на Република Македонија се спречува да се третира како единица на локалната самоурпава. Ке дозволите да ви прочитам ставот два од привремениот Деловник на Собранието на Соци-јалистичка Република Македонија."Покрај одредбите на привремениот Деловник до донесувањето на новиот Деловник се применуваат и одредбите на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македони "Службен весник на СРМ" број 16/86, 51/88 и 46/89) доколку се во согласност со Уставот на Социјалистичка Република Македонија со закон и со овој привремен Деловник".Од недвосмислено произлегува дека нема никаков Уставен основ и дека постојниот Деловник е во спротивност со Уставот на Република Македонија, а тоа ја исклучува употребата од оваа говорница на јазикот на било која националност и согласно членот 7 од Уставот на Република Македонија и членот 51 од Уставот на Република Македониј
Од ова што го реков јасно произлегува дека испадот, ќе го речам така, на пратеникот, претходен говорник, е дел од една игра за претставување на Република Македонија во едно лошо светло, особено кога денес има гости кои што на одреден начин учествуваат во разрешување на кризата на југословенскиот, на балканскиот простор и кој што имаат одредено влијание на судбината на Република Македонија, а тоа се работи на присуството на господинот Овен  и Венс.

Таквите претстави мислам дека треба да бидат , да престанат за што не се во функција токму на она за кое што се залагаат пратениците од ПДП. Потенцирам ПДП и сметам дека тоа е силата на парламен- . тарната група на албанската националност во Република Македонија. Секој таков обид, а имаме. денеска пример да се настапува се со цел да се руши оваа Република и се со цел да се стекнува некаков си статус на народ кој што понатаму би имал одредени реперкусии во оптшото живеење на нашата Репбулика. Мислам дека треба да се свати и кога се излегува на оваа говорница, да се каже дека оваа Република има Устав и дека тој устав јасно утврдил дека во Република Македонија има ма - кедонски народ и националности и дека секој треба да поаѓа и да дис-кутира кога настапува од таквата позција што е утврдена во Уставот и никако поинаку.

АБДУРАХМАН АЛИТИ:

Јас, се разбира, ќе се воздржам од можноста да ја злоупотребам говорницата и да го коментирам уставот и ќе се задржам само на тоа што имав намера да го кажам. Имено, од тука беше предложено дискусијата да продолжи, беше даден предлог да продолжи исклучиво по амандманите. Беше дадено објаснување дека ако така продолжиме со оглед на тоа дека прашањето имплицира и други проблеми и јазична политика и незнам што, и поради тоа треба да се дозволат тие излети. Мислам дека тоа образложение не е образложение затоа што ако тоа го сакаме ние треба да утврдиме на дневен ред точка Употреба на јазиците и за тоа да дискутираме. Бидејќи тоа не е денеска на дневен ред и тоа не го сакаме, јас предлагам , дискусијата натаму да продолжи исклучиво по поднесените амандмани и инсистирам овој предлог да се даде на гласање без претрес и за тоа да одлучи Собранието велам без претрес, а не со толкување на деловничките одредби.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, овде Муртезани постави едно прашање, дозволете, се обрати до претседателот да му се дозволи тој на  мајчин јазик да говори од оваа говорница. Јас не сакам да ги пов-орувам стручните прашан>њ што ги истакна господин Стевковски околу тоа дали или неможе. Меѓутоа, сакам да кажам една друга работа. На овој Парламент се постави едно прашање, едно барање да му се дозволи затоа што Уставот не дозволува, а особено одредницата од член б од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Макеоднија каде што говори дека законите кои што не се во согласност со Уставот ќе се усогласат во рок од една година, не го дозволува ова, Деловникот бе е усогласен , не е усогласен и порано со поранешниот Устав,а ова барање ние ќе го сметаме  како процедуралнобарање и на него без расправа како што рече господин Абдурахман ние ќе можеме да одлучиме со гласање,. дали ќе му дозвлиме или не.Ако сака некој демократија нека демократијата остане и нека се спроведе и повеќе за вакви прашања еднаш за секогаш да се одлучат и повеќе да не се поставуваат.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Мислам дека нема потреба да се загрее температурата, да се подигне тука. Господин Муртезани не постави никакво прашање, тоа да ви е јасно, тој рече дека ќе зборува на албански јазик. Јас на пример можам еве сега да кажам (почнува да зборува на албански јазик. Дел од пратениците во салата негодуваат *со*  чукање по клупите).

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам господине Халили вие дојдовте да ....

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Не те прашувам јас, јас зборувам , за тоа ...

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам вие дојдовте процедурално да кажете како ќе се разбереме.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ;

Не не, да ви кажам дека кога сакам можам да зборувам. (реакција од некои пратеници во салата). Ти тишина, тоа да ти кажам тебе , тој не дојде тука да прашува . Пак инсистирам на тоа да продолжиме со работа и законот да го донесеме, а тоа што не сме сакале тука да зборуваме на албански , тоа било наша култура за да можеете вие да не разберете.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме по амаднамните. Што е сега ( му се обраќа на еден од пратениците). Што е сега пак процедурално, господин Абдурахмаг Чекајте да се разбереме овде имаме разни предлози за гласање. Еден е да расправаме по амандманите, друг е, се коси со тоа на Стојановски да гласамие, дали да му дозволиме на господинот Муртезани да зборува на албански.Јас ви кажав, ве молам, јас албански не разбирам, јас не сакам од тоа сега да правиме уставен спор, едноставно неможам да претседавам на седница, ако некој зборува она што јас не го разбирам. Вие тоа треба да го сватите. Јас морам да го контролирам текот на седницата цело време и не треба ние сега да одиме во други спрови ние можеме после некој си бара уставно право по Уставен суд негова работа , и на Муртезани  и на било кој. Неможам никого да го лишам од тоа право да си бара тоа што ќе си бара. Овде не си земам компетенции да толкувам Устав, никој нема право да толкува Устав, а од друга страна јас неможам да претседавам затоа што неможам да го следам

текот на излагањето. Јас морам да знам во секој момент тоа што останало овде, дали зборува по тоа што е тука на дневен ред, дали за тоа се расправа и тн.И уште еднаш ви кажувам , ќе му дадам збор на господинот Муртезани, ако зборува на македонски кој го разбирам, ако зборува на албански ќе ја прекинам седницата.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ќе стане бесмислена паузата што ја доби овој Парламент ако не се потсетиме со каков епилог ја завршивме.  И, затоа сакам да прочитам неколку пасоси од стенограмот кој како што кажкал . Господинот Авди Муртезани се обраќа од оваа говорница. "Господине претседателе јас би сакал мојата дискусија да ја искажувам на мој мајчин јазик. Би сакал ако може и со Деловник ми е дозволено да ми се пружи можност'.' Претседателот Стојан Андов одговори:"се разбира постојниот Деловник дозволува, само вие мора да знаеете кој ќе ве разбере овде ние немаме техника да ви овозможиме симултано рпеведување".Господинот Авди Муртезани продолжи " во Собранието постои службен преведувач па барам да обезбедите услови за да можам да се искажам".И, претседателот Андов заврши:"јас мислам дека тоа многу ќе ја искомпликува состојбата, не ќе успееме ... ајде пауза од 15 ми-нти, бараат овде." И со тоа  заврши седницата.
Со оглед на тоа што беше поставена процедурална забелешка го користам правото на Деловникот да ставам забелешка на претседателот на Собранието за што ќе барам врз основа на член 105 став 2 Собранието да се изјасни. Констатирам лично според мое сознание дека изјавата на претседателот, се разбира постојниот Деловник дозволува, не е во согласност со Уставот, по мое лично убедување и затоа сакам Собранието

да се изјасни за еден заклучок кој ќе го образложам со следното: работата на Собранието на Република Македонија е уредена со привремениот Деловник на Собранието на Република Македонија донесен на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 8 јануари 1991 година и објавен во Службен весник на СРМ бр. 3/91.
Во членот 1 на овој привремен Деловник на Собранието на Македонија се вели следното: "Со овој Деловник привремено до донесувашето на новиот Деловник на Собранието на Република Македонија се одредуваат определени прашања во врска со конституирањето и работата на Собранието и на одделни негови работни тела. Покрај одредбите на привремениот Деловник до донесувањето на новиот Деловник се при-менвуаат одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македо-нија Службен весник на СРМ броевите 16/86, 51/88 и 46/89, доколку се во согласност со Уставот на Република Македонија и со овој прив-ремен Деловник. Деловникот на Собранието на Република Македонија чии што одредби пак се применуваат како пречистен текст се објави на 23 април 86 година, во Службен весник на СРМ број 40 од 86, имајќи во предвид дека негови измени и дополнувања се извршени со одлуката за изменување и дополнување на Деловникот донесен на седница на Собранието од 27 декември 1988 година, а објавена во Службен весник на СРМ 51/88 и со одлуакта за изменвуање и дополнување на Деловникот донесен на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 5 декември 89 година објавена во Службен весник на СРМ број 46/89.
Уставот на СРМ прогласен е на седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделните седници на неговите собори одржани на 25 февруари 1974 година Службен весник на СРМ број 7/74, а изменуван е и дополнуван со 81 амандман.

Со амандманот на Уставот на СРМ прогласен на седницата на Собранието на заедничка седница на сите собори одржана на ден 14 април 1989 година, а претседател на тогШНОТО Собрание бил д-р. Вулнет Старова , со точката 1 овој амандман 43 , заменети се став 1 на член 173 и став 4 на член 293 од Уставот на поранешна Социјалистичка Република Македонија. Тогаш дотогашниот став 1 на членот 173 од Уставот кој гласел ,, работата на државните органи, на органите на управување, на организациите и заедниците што вршат работи од јавен интерес се врши на македонски јазик,,.

ТОДОР ПЕТРОВ:(Продолжение).

Се заменува со точката 1 амандманот 43 и истиот гласи:
"Во Социјалистичка Република Македонија во службена и јавна употреба е македонскиот јазик и неговото писмо кирилица."
Деловникот по кој работиме, објавен во "Службен весник на СРМ" 16/86, 51/88 и 46/89, со овој амандман 43 од Уставот на СРМ од 1974 година воопшто не е усогласен. Постојниот деловник во член 5, по кој работи ова Собрание, одвивањето на работата на Собранието ја уредува на следниот начин."Работата на Собранието се одвива на македонски јазик. Секој пратеник има право на седница на Собранието и на седница на работните тела на Собранието да говори на јазикот на народот односно националноста на која и припага.Правото од став 2 на овој член го имаат граѓаните кога се поканети да учествуваат во работата на седниците.
Говорот одржан на друг јазик се преведува на македонски јазик".И тоа е точно. Меѓутоа, оваа одредба од постојниот деловник не е усогласена воопшто со Уставниот амандман 43 од Уставот на СРМ од 1974 година. Ке додадам на крајот дека, и нека не е усогласена, меѓутоа Уставот на Република Македонија како самостојна, суверена и независна држава, прогласен на седница на Собранието одржана на 17 ноември 1991 година, во членот 7 од овој став вели:"Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.Во единицата на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националностите, во службена употреба

покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон.Во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадниците на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилското писмо се јазикот и писмото на националностите под услови и на начин утврдени со закон".Согласно ставот 2 од членот 7 на Уставот на Република Македонија, во службена употреба покрај македонскиот јазик и крилското писмо се и јазикот и писмото на националностите, но само во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националностите и тоа на начин утврден со закон.А согласно став 3 од истиот член 7 од Уставот на Република Македонија, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите, но само во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадниците на националностите под условите и на начинот утврдени со закон.

Согласно глава II од Уставот и член 61 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија е државен орган на Републиката, а не орган на единица на локалната самоуправа. Имајќи го предвид ставот 1 на членот 1 на привремениот деловник на Собранието на Република Македонија, според кој покрај одредбите од него, до донесувањето на новиот деловник се применуваат и одредбите од деловникот на Собранието, објавен во"Службен весник на СРМ"16/86, 51/88 и 46/89, доколку се во согласност со Уставот на Репуб-

лика Македонија, со закон и овој Привремен деловник. Оценувам дека барањето, по мое лично мислење, на пратеникот Авти Муртезани и членот 5, ставовите 2, 3, 4 од овој Деловник не се во согласност со Уставот и барам, согласно членот 105, став 2 од Деловникот без претрес претседателот да го стави на изјаснувањве следниот заклучок. "Собранието на Република Македонија заклучи дека работата во Собранието на Република Македонија се одвива на македонски јазик и неговото кирилско писмо и дека ставовите 2, 3 и 4 од членот 5 на Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија 16/86, 51/88) со став 1 на член 7 од Уставот на Република Македонија".Не можам да барам Собранието да се изјасни за овој заклучок, не можам да се ослободам од помислата дека ова барање од пратеникот Авти Муртезани можеби не е во согласност со заедничката коалициона политика на партиите на власт и не можам да се ослободам од помислата дека при нападот врз пратеникот Петров од пратениците од СДС и ПДП повторно не е без синхронизација, исто како што тие квалификации за расизмот и фашизмот на Петров претседателот на Синдикатот на независните новинари...

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Петров, овде е многу... надвор.

ТОДОР ПЕТРОВ:

(Пратеникот Петров, независно од опомената на претседателот продолжува да зборува).
...го овековечи на страна 2...

СТОЈАН АНДОВ:

Надвор...(бидејќи пратенккот Тодор Петров и понатаму
продолжи да зборува, тоа што го кажува тука претседателот Андов
не може добро да се разбере)... за некој друг да зборува.

... од весникот "Нова Македонија". Нека македонскиот народ и граѓаните на Македонија сами оценат кој од кого треба да се срами.

МИНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, повеќе од јасно е дека претходниот дискутант дебело се спремал во случај на ваков момент да го изложи она што без ниеден досадност го изложи. (во салата се слушаат некои реакции. Претседателот вели "тишина"и чука на ѕвончето). Мислам дека по среди се трите болни лични желби за самоистакнување и сметам дека е сезобразно од негова страна да не наведува да гласаме инаку е очигледно јасно за сите нас. Сите сме сведоци дека претседателот на Собранието постапи согласно Деловникот правилно .му дозволи на господинот Муртезани да зборува на она што тој го верувам дека тоа го сака и прижелкува и самиот господин сето ова друго е негово истакнување и заварување на самото заседание.

АНДОВ:

Господин Ковачевски бара збор.

ПЕТРОВ:

Барам реплика.

АНДОВ:

Репблика е,ама и тој е спомнат. Тој беше тој што зборуваше
*За* Вас. (во салата реагираат некои пратеници) . Само тој

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

Мислам дека подеднакво треба ова Собрание да се огради и од дискусиите на оваа седница, која што е во продолжение, од страна ка Тодор Петров и исто така од некои дискусии екстремни од страна на некои пратеници од ПДП од типот на Муртезани и Мухамед Халили. (пратеникот Александар Флоровски реагира од место), бидејќи јас сметам дека тука не се работи за закон, не се работи за Устав, туку се работи за една провокација која што може да доведе до такви недоверби и судири во Републиката, провокации (пратеникот во својата дискусија е прекинуван со реакции од место од страна на пратениците од ВМРО со зборовите "досаден си"). Јас ве молам. Ваквите настапи без оглед од која националност потекнуваат, дали потекнуваат од страна на Авди Муртезани или Тодор Петров или Мухамед Халили, јас мислам дека тие стојат на една страна. Едните го застапуваат македонскиот национализам, другите го застапуваат албанскиот национализам... (пратеникот е прекинуван во дискусијата со чукање по клупите од страна на некои пратеници на ВМРО, со некои дофрлања, а претседате-лот Андов ѕвони со ѕвончето). На овие простори на Македонија не е проблемот што на ваков начин се води до тоа што оваа седница може да му биде последна на овој Парламент во овој состав. Тоа не е никаков проблем. Нови избори се неминовни и јас мислам дека после ваквите настапи од една и од друга страна новите избори - веднаш. Проблем е тоа што ваквите дискусии, ваквите настапи кои што ги имавме ние на Тодор Петров, на Муртезани, на Халили (во салата се слушаат повторни реакции на некои пратеници) водат до отворање на ново воено жариште на ова подрачје. Јас мислам дека треба да бидеме свесни,да биде свесна и целата наша јавност и треба јасно да се изјасниме дали пратениците пред се во овој Парламент ќе се построиме зад ставовите

на Тодор Петров, на Муртезани и Мухамед Халили или ќе се построиме кон (реагирање во салата" мирот, сожителството и мирното разрешување на кризата во нашава Република како единствен простор кој што остана мирен и беше гордост на сите нас. (реагирање во салата). Ако дозволиме настапи од националистички позиции, нетрпеливост, ќе не доведат до многу непожелни ситуации, без оглед на тоа од која партија настапува некој, со каква идеологија, мислам дека треба да застанеме и да ја браниме Република Македонија како заедничка татковина на сите.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Петров е спомнат.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас претходниот пратеник лично не го спомнав. Ако тој самиот се препозна во дискусијата и во излагањето на пратеникот Петров, тоа е негов проблем. Меѓутоа, бидејќи тој ме спомена лично мене, сакам да го кажам следното. Во врска со излагањето, на ваков начин за дисквaливикација на луѓе се слушаше 45 години Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, а оваа партија е правен наследник на таа партија, СКМ ПДП односно СКМ и бараше да јавно се оградува од некого ЦК СКМ и да го фрли на буништето на историјата. Јас не се надевам дека после Тупурковски, Георгиевски и Гошев на ред е Петров (во салата се слуша аплауз од страна на некои пратеници на ВМРО-ДПМНЕ). Меѓутоа, оној кој ги влече потезите во Штабот надвор од оваа сала да знае дека после Петров му доаѓа нему редот. Друго, што се однесува до излагањето на господинот Панче Минов, нека тоа што тој го кажа за мене биде свесен дека се однесува и за него. Јас не отидов на ибори за да си обезбедам лична реклама во Парламентот туку да ги вршам правата и обврските на пратеник

утврдени со Уставот на Република Македонија. И уште нешто на крајот. Нека СДС престане со својата коалиција ПДП да го плаши народот во Македонија со војна. Таа приказна е проѕирна, некој сакал или не, Македонија ќе биде држава (во салата се слуша повторно аплауз од страна на некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ) Македонија ќе биде држава независно од тоа што некои можеби самиот несвесен за себеси не знае дека има сили и интереси кои сакаат Македонија да биде држава и ќе биде независно што било кој од било која партија ќе го каже од оваа говорница.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас би сакал да говорам, господине претседателе, за Законот за личната карта.

СТОЈАН АНДОВ:

Има процедурална расправа.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не, јас не учествувам во таа расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Таа не е довршена, има неколку предлози и да се изјасниме за тоа.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Сакам на тоа прашање да поминам.

СТОЈАН АНДОВ:

Знам, ама уште не сме разјасниле се.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Па, еве може да допушти!ге да говорам.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, ќе ги онеправдиме оние кои интервенираат.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Па добро, таа работа е јасна околу Деловникот. СТОЈАН АНДОВ:
Не, не, господине Гошев, јас апсолутно со вас се согласувам ова се сега што се случува е спротивно на интересите да донесеме закони, се разбира и затоа сакам да побрзаме, да минеме на донесување на закон. Меѓутоа, луѓето се многу упорни во таа работа и имаат право деловнички да им дадам збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Добро, јас малку ќе почекам но би сакал да ми дадете збор за законот да кажам нешто.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

Јас спонтано се јавив и минатиот пат на амандманот на Петров и овој пат денес за оваа створена атмосфера која што е мачна и за нас и за целата јавност во Македонија, спонтано во свое име настапувам и не можам да се помирам со националистички испади па било од која страна потекнуваат. Не можам да се оттргнам од впечатокот дека вакви националисти, да не им ги споменувам имињата, веќе ги споменав, веќе е видено, разни караџиќи, бобани, милошевиќи и туѓмани, многупати се среќавале и наоѓале (во салата повторно се слуша реагирање од некои пратеници) ги делеле народите, оние исти народи кои што гинат, а тие остануваат во своите кабинети.(во салата се слуша чукање по клупите од страна на некои пратеници)

СТОЈАН АНДОВ:

За реплика се јави господинот Тодор Петров, па потоа Мухамед Халили (Мухамед Халили од своето место се упатува кон говорницата, а претседателот Андов му вели "чекајте малку", а Мухамед Халили и понатаму реагира) и господин Петров беше спомнат.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сум горд што сум македонец и не сум крив што господинот пред мене е само обичен граѓанин, а неговиот интернационализам го направил таков да може да биде граѓанин без дефинирано национално потекло во било која држава во целиот свет.
(во салата повторно се слуша аплауз од страна на некои пратеници на ВМРО-ДПМНЕ).

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Јас првенствено мислам дека некои господин тука нека ги задржи нервите, ќе му требаат подоцна, тука да води дискусија без нерви без емоции, тоа уште еднаш го повикувам да го стори, не му се плаши никој тука... (од некои пратеник во салата нешто беше дофрлено - "кој ти се плаши тебе"). Мене ми се плашиш ти (на што претседателот Андов замоли за тишина).Само нешто да му објаснам на другарот иако пред два дена беше многу конструктивен и имав намера да му дадам и јавно признание меѓутоа денес неговите дисквалификации не се во духот на денешнината, иако за едниот имаше право бидејќи тој инсистира да му забрани не-кому да го употребува својот мајчин јазик. Тој е националиста, а тој што не му забранува никому право на употреба на јазик, а сака да го употребува својот јазик, тој не е националист. Тоа е ве уверувам, ако имате критериум што е национализам, ако немате - прашајте, во светот ќе ви кажат, тоа да знаете дека не е критериум за квалификација што е национализам и што не е.Тука пред се излегов со една намера. Господин претседателе, господа пратеници и сите ние што сме тука, вие како претседател на Собранието мислам дека имате конкретен предлог од страна на пратеникот Халити и според Деловникот на Собранието на Република Македонија требаше тој конкретен предлог да го ставите на изјаснување бидејќи

пратеникот Халити бараше тоа да биде без претрес. Сега намерно или не, вие тоа не го почитувавте. Тука дозволивте господин Петров да соли памет што е уставно и што е противуставно, а тој излезе да даде процедурална забелешка и тоа ви е мана. Затоа, ве повикувам стриктно да се држите кон Деловникот со цел ние да продолжиме со оваа седница и да ги правиме последните напори за да го донесеме законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, по Деловникот кога некој бара нешто да се стави на гласање за да се произнесат без расправа, секогаш има право тој. Меѓутоа, кога е процедурална интервенција која претходеше на господинот Халити од господинот Стефковски, тогаш интервенцијата на Халити е само додаток и дел од тоа што е претходно и луѓето се наврзаа на излагањето на Стефковски овде. Господин Котевски бараше збор.

ГОРГИ КОТЕВСКИ:

Ние завлеговме во еден ќорсокак и треба да ги оладиме главите. Можеби и од едната и од другата страна се усвитија нештата но , со оглед на неконструктивниот настап на пратеникот Ковачевски навистина таа е тешка квалификација за национализам во Македонија и јас како Македонец, а и на национална партија на која припаѓам, патриотизмот македонски не го изедначувам со национализам. И јас, барем од оваа говорница, ако господинот Ковачевски ми ....(реагирање на некои пратеници да се именува кој Ковачевски) ... Стојан Ковачевски, сакам барем еден аргумент во Република Македонија да истакне на оваа говорница со што македонската нација, македонската држава го потврдува тој национализам? Дали некој на овие македонски простори досега е загрозен без разлика на местото на живеење , без разлика на неговата вероисповест каде што се исповедува, храмовите и на работните места. Ако еден таков пример има нека повели на оваа говорница, и јас целосно го прифаќам, но да се прави манипулација и да се лепи таква етикета на цел македонски народ, а и на другите граѓани во Македонија со некаков национализам, навистина не се соглсувам, затоа што македонскиот патриотизам е едно и сопствената одбрана на сопствената нација и сопствената држава го сметам ја како свет долг и света задача , а не постојаното и вечно отстапување на Македонецот пред разни сили да го третираме ние како национализам.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

Сигурно му е јасно на господин Котевски дека не се работи за македонски национализам кога се зборува за конкретна личност овде, за личноста на Тодор Петров. Впрочем и ВМРО-ДПМНЕ

пред два дена се спротивстави и само со 8 гласа беше поддржан за тоа кога предлагаше да секој странец, секој припадник на друга националност кои што бараа македонска државност треба да се запише дека и припаѓа на македонската нација. Јас мислам дека не треба коментар за еден ваков настап на Тодор Петров. Тогаш Собранието и со бројот на гласовите колективно се изјасни за тоа што претставуваше амандманот на Тодор Петров. Инаку, конкретно сметам дека македонскиот народ , македонската нација е од ретките нации во светот кои што се растеретени и многу ретки се примерите од типот на Тодор Петров кој што се оптеретени со национализам. Тука беше мојот протест .... (тропаше на клупите од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ) .... апсолутно никогаш не би помислил да тој синдром кај нас постои и се шири. Меѓутоа, ваквите личности, ваквите настапи на Тодор Петров не може да ги оправда господинот Котевски од оваа говорница. Впрочем и вие не бевте споменати.

ТОДОР ПЕТРОВ:

За синдромот за кој зборуваше претходниот дискутант кај мене не постои меѓутоа, не знам лично каков синдром кај него постои. Четириесет и пет години луѓе кои се бореа за македонската самобитност и државност беа репресирани. Тоа овој Парламент во Уставот го игаунурира и затоа на борците и на лица кои што биле дискриминирани, дискредитирани, репресирани за борба за македонската самобитност и државност ние ги вградивме во Уставот за да оваа држава им се оддолжи. А, неговата партија, односно Централниот комитет тоа го правеше 45 години.

РИСТО КЕЛЕШОВ:

Почитувани пратеници и почитуван претседателе, низ формата процедурални прашања очигледно дека ја отворивме темата која што не ми е на дневен ред, а тоа се меѓунационалните односи. Да ја оставиме точката за меѓунационални односи за една чиста седница и да се расправаме петнаесет дена ако треба. Да ја отвориме и не треба да се плашиме да ја отвориме меѓутоа, тоа не ни е актуелна точка за расправа. Затоа го молам претседателот да не дозволи повеќе злоупотреба на институцијата процедурални прашања да ја трансформираме во некоја друга точка на дневен ред која што воопшто не е актуелна. Затоа ве молам во интерес на сочување на дигнитетот на Парламентот ги молам сите пратеници да престанеме со процедурални интервенции и да продолжиме со актуелната тема, а тоа е амандманот на господин Петров, во интерес на донесување на законот за лична карта.

СТОЈАН АНДОВ:

Имаме предлог да престанеме со овие препуцувања. Молам, кој е за предлогот на Келешов, нека крене рака? (69 пратеника)
Шеесет и девет се за.
Молам, кој е против да крене рака? (11 пратеника)
Според тоа овој предлог се усвои.
За збор се јави господинот Авди Муртезани. Само Ве молам на господинот  Авди Муртезани му објаснив.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Дами и господа пратеници.
И понатаму инсистирам да по однос на амандманот поднесен од пратеникот господин Тодор Петров за предлог законот за лична карта за да можам да се изјаснам барам да ми се исполнат условите и да зборувам на свој мајчин јазик бидејќи сметам дека ниаккви уставни пречки, ниту пак деловнички пречки има. Кој е должен да обезбедува и кој ја сноси одговорноста за овој проблем тоа е друго прашање. Тоа е едно.Второ, бев толку културен и секогаш настојував да бидам така, да секого сослушам, меѓутоа, еве што ми се случува. Нека јавноста во Македонија процени кој и во која вистина е. Ова е едно, иВторо, сметам дека одговорноста за прекинување на седницата паѓа на претседателот на Собранието на Република Македонија и на претседателството на Собранието, поради тоа што во ова Собрание службен преведувач, м-р по албанологија има , меѓутоа овде е целта да не се обезбеди односно ова е демократија колеги. Според тоа, јас , ако нема да ми се дозволи да зборувам свој мајчин јазик протестирам јавно и доколку се прекинува седницата се знае зошто, ќе барам во 16,30 часот разговор со средствата за јавно информирање па моите ставови лично , јас како Авди Муртезани да ги образложам.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа, сите јавни настапи на пратениците се слободни надвор од салата, секој може да си закаже конференција за печат. Јас го известив господинот Муртезани, дека не можам јас да обезбедам овде да се зборува на јазик, кој не го разбирам, а должен сум и основна ми е задача да следам што се кажува и да го водам текот на седниците,

Не навлегувам во расправи кои што беа потегнати, кои сигурно во свое време ќе се расправаат итн.
Има збор Владимир Голубовски.
По амандманот зборуваме веќе, господин Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Сосем кусо да кажам дека надвор од секакво сомнение е дека излагањето, поточно аргументацијата на господинот Петров докажа дека на оваа говорница, спрема овој Устав на Република Македонија не може да се зборува на друг јазик, освен на македонски...

СТОЈАН АНДОВ:

Ама не тоа, за амандманот ве молам. (тропање на пратениците на ПДП-НДП по клупите)

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Тука беше искажана една сомнителна аргументација. Поточно, се работи за шпекулација. Дека наводно еднострано Република Словенија им дозволува во личните исправи на граѓаните од италијанското малцинство, и ова е битно да се земе во предвид - малцинство, а не националност, да им бидат напишани некои податоци на нивниот мајчин јазик. Но, притоа не се кажува целата вистина дека и на Словенците во Италија им е дозволено истото такво право. И тоа е регулирано со меѓудржавен договор. Значи, не може да стане збор за компарација од таков тип. Меѓутоа, од друга страна ова треба да прецизвикува сериозна загриженост кај сите Македонци заради несоледноста што Република Македонија како држава, а што ја има декларативно искажно во новиот Устав како грижа за Македонците кај соседите, практично токму на ова прашање покажува дека нема искрена намера тоа и да го операционализира. Заради тоа што било да се свати

тоа како тактичка погрешка во решавање дури на проблеми, кои што иако се стратешки би можеле да ги сведеме и под дневно политички значи истрошување на многу јаки аргументи, аргументи кои што би требало во пакет да бидат дискутирани со било кој сосед во билатерални разговори со крајна цел да се заштитат Македонците што живеат во соседните држави. Само оној што не е искрен и што е навикнат полтронски да извршува одредени задачи во ова македонско општество нема да признае навистина , дека проблемот со малцинствата во Република Македонија е третиран на начин кои што секогаш не ставал во дефанзивна улога. Во Република Македонија секогаш некој тражел од македонскиот народ и од македонската држава, а никогаш не се искажувал што дава на македонската држава.Мора накусо да потсетам да генезата на ваквите тенденции,имено и според професор Константинов кој што е научник.....(реагирање на пратениците на ПДП-НДП)

СТОЈАН АНДОВ:

Се договоривме ние дека пошироко ќе разговараме.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Дека на доаѓањето ....(господинот Веби Џемаили, пратеник на ПДП-НДП Лротесно реагира од место, со намера да ја напушти салата).
седи,ако сакам во зоолошка градина идам да гледам такви како тебе.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, ама претходно се договоривме.(и понатаму пратеникот на ПДП-НДП Веби Џемаили протестира) Седете, седете. Седнете господин Џемаили. Седнете, видете (протестираат пратениците на ПДП-НДП)

Господа, ја водам исправно.... Ве молам, тишина. Ајде продолжи господин Голубовски. Сите вие ќе имате право да се искажете,

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Тој искажа научен став. Професор Константинов искажа научен став дека мотивот за надоаѓањето на етничките албанци на македонските простори е од грабачки карактер. Моја забелешка -арамиски.
(реагирање на пратениците од ПДП-НДП)

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ве молам тишина. (господинот Џемаили и понатаму продолжува да протестира од место).Ве молам, господо што е оваа нервоза. Па има научници сигурно господа. Некои повеќе вреден, некој помалку вреден. Секој си наведува кој сака. Седете сега.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Ама не си интересен воопшто, седи таму.

СТОЈАН АНДОВ:

Седнете.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Мислам дека иако вака импресивен е настапот на некои од господата не не заплашуваат. Затоа предлагам да зборуваме за суштината на ова прашање, иако дури и техничката аргументација, онаа од типот на тоа што го искажа и господин Манев вчера, дури и сама по себе е доволна да биде одлучувачка за вашата согласност да се прифати ставот на господинот Петров. Нормално и на други ставови со друга содржина. Заради тоа што до денес некој си правеше илузии дека можеби не е тоа така како што се оценува за целите

на политичките партии на етничките албанци во Македонија, меѓутоа, ние денес слушнавме тука тврдења дека фактички постои федерализација на Република Македонија. Се работи за народ како конститутивен елемент на македонската држава, па и таква глупост каква што слушнавме околу градот Скопје.Надвор од здрав разум е тврдењето, значи воопшто не е потребно практично знаеше, правничко, а да не зборуваме и некое друго посебно, дека член 48 не дава можност да се оспори предложениот амандман, а уште помалку дава заправо било какво оправдување на неодговорниот и неразумен потез на македонската влада која што поаѓа од некои други нејзини мотиви. Но, согледувањето не би било комплетно ако не се укаже на другата страна од она што овој проблем го прави толку драматичен.Очигледно дека политичките партии на етничките албанци не се во можност да ги извршат стратешките цели на центрите кои што ги инструираат, од една страна, а од друга страна ниту овие пратеници кои што ги претставуваат етничките албанци во Македонија очигледно не се дораснати на политичките задачи на ПДП-НДП. Но, тоа е нивен партиски проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

Прејдете на изјаснување околу амандманот.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Инаку, како би се сватило нивното присуство денес доколку вистината беше на нивна страна, тие денес нема да беа присутни во Парламентот.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (Продолжение)

На крај да констатирам дека предлогот на Владата е спротивен на член 7 став 1 од Уставот на Република Македонија. И како пратеник се заложувам да се прифати амандманот од господин Петров во формата како што е предложен.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Ристо Јованов, пак процедурална интервенција.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Дами и господа, колеги, пратеници, тука има и некои минситри и до претседателот на Собранието Стојан Андов. Во оваа атмосфера кога веќе врие во салата, а цел ден се осеќа во што е во ресторантот и пред самата зграда јас барам денешнава седница да се прекине и да се најдат подобри времиња за оваа седница. А ако некој сака да се предизвика овде до немили ситуации, тогаш повелете

СТОЈАН АНДОВ:

Имаме предлог за прекин. Со овој предлог на господинот Ристо сега ќе одиме, друг не може.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Седницата нема потреа апсолутно да се прекине, туку да се придржиме кон тоа за што се согласуваме да излеземе и да кажеме конкретно за тоа што ни е тема на дневен ред. Сите други инсинуации, сите други испади треба да ги амортизираме ако некој во себе осеќа и најмала можна одговорност. Со претпоставки дека надвор е вака или онака, не е вред да се манипулира. Тоа веднаш ме потсеќа на времиња на големи притисоци во Белград.

Ве молам, нај искрено и нај човечки ве молам дозволете да се работи.Македонија не е толку богата, нашиот преголем непотребен багаш тука да го плаќаат десетоструко. Дозволете да се работи. На кого му е до работа нека остане, на кого не му е нека си оди. Нека си оди одма. Дневницата и онака си ја зема. Одете си господа.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Лично до господинот, предходниот дискутант, јас сум не за да се работи, туку и да се остане до утре. Само јас се прашам сега од каде таква работливост кога неговата група, парти-јата ПДП-НДП веќе од тамус е заканувaат. Треба ли да дојдеме до инциденти и тогаш да ја прекинеме седницата. Јас не се согласув; ама да се придржуваме кон дневниот ред, а не да се довикуваат таму триста инсинуации или... Еве јас сум првиот пак да го повлечам предлогот да останеме да работиме, али не во оној стил со заканување и со барање овдека говорење на албански јазик. Поново сугерирам мојот предлог да се стави на дневен ред, пардон, на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Во врска со тој предлог, сепак,господинот Ханџиски и господинот Стевковски сакаат да земат збор.

БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:

Дами и гопода пратеници, јас го почитувам предлогот на господинот Ристо Јованов, затоа што сум длабоко уверен дека е добронамерен. Меѓутоа, имајки ја предвид целокупната создадена состојба и имајки го предвид значењето на овој политички момент во кој што денес се наоѓаме, треба длабоко да размислиме дали

сме свесни какви последици носиме сите ние и како пратеници и како претставници на поедини партии и како претставници на целиот македонски народ. Не можамд а се ослободам од убедувањето дека во клучните историски моменти самите го предизвикуваме проклетството кое што не прати скоро илјада години. Делумно заради многу добро-намерни соседи кои што постојано ни го мислат доброто во наводници, а делумно само заради тоа што не сме способни да процениме кои се тие клучни моменти, каков што еден од тие моменти е денешниов кога се наоѓаме само на чекор од остврувањето на вековните идеали на сите оние кои што живееле на овие простори пофторнода го предизвикаме проклетството и самите да ја упропоастиме можеби последната шанса да се остварат идеалите на сите наши претци. Зарем е можно да им влеземе во уста повторно незнам по кој пат ќе истакнам само три клучни моменти. На Грците, како едни од соседите кои што постојано и по наша вина го поддржуваат проклетството кое што ги носело сите несреќи на овие простори од Првата  поради која што се распадна правата Македонска држава и после која што дојде до раздор помеѓу синовите на Самоил, до втората во која што е уништена во клучниот момент Охридската архиепископија до третата во која што денес кога сме до чекор на остварување на тие идеали и кога (делегатите реагираат), ви се молам... и кога се наоѓаме во таков тежок историски момент да го завршиме делото за кое што изгинале илјадници луѓе, кои што повторно по тоа наше проклетство се потрефува во моментот кога Европа е презагрижена да се потпише договорот во Мастрик да се одржи... единство и сите наши проблеми кои што  им ги  создаваме им се натовар. И само бараат причина, само бараат минимална причина да не откачат да се исполнат повторно желбите на  Грците, потполно желбите од договорот меѓу Грција и Србија од договорот меѓу Србија и Франција и тн.

Зарем сега кога во толку тешки услови бараме да се признае оваа држава, кои што се поклопуваат со моментот кога треба да се завршат изборите во Америка, кога треба да се разрешат проблемите што настанаа во Косово, зарем сега во овие моменти и ние да придонесеме да си ја отежнеме ситуацијата заради тоа што се овде што е денес кажано, ви се молам, ќе бидам краток се овде што е денс кажано со провакативен карактер на крај ќе ја постигне истата цел. И на таа иста цел ние треба да се замислиме. Или ќе работиме конструктивно, посебно денес кога е тука Венс и Овен, кога се заокружуваат поселдните извештаи што ќе се гледаат при разгледување на нашата молба за прием во Обединетите нации кога се затвораат активностите за разрешуваше на прашањето на признавањето на Република Македонија до 19 декември, ако ставарно од тие провокативни настапи створат конечна слика, ви се молам уште две реченици, дека оваа Македонија не е способна сама да си ги решава внатрешните проблеми да прошпуштиме простор други да ни ги решаваат проблемите, тие ќе ги решат по нивниот терк. Нивниот терк ни е сосема познат и тој терк не и пишува добро на Македонија. Во прашање е идднината на сите нас и на сите наши поколенија. Дајте барем денес кога навистина сите гледаат со лупа во работата на ова највисоко законодавно тело на Република Мкаедонија да создадеме работна атмосфера, да се смириме, неможе да се излегува на оваа говорница како да е секој преполн со барут и понего влече фитил кој што може да се запали само заради тоа што трча до оваа говорница, а не заради тоа што се фрлаат невнимателно шкорчиња и да дојде до неверојатна експлозија. Ви се молам на неколку пати се направи обид да се внесе ред во работата, да се пријде кон конструктивна работа да докажеме дека по пат на дијалог

друга алтернатива немаме, мора да ги решаваме постепено сите проблеми. Јас се обраќам до колегите албанци и до сите наши колеги. Немоше со усијани глави да се решаваат најтешките државни проблеми. Неможе со дофрлање од место, неможе со лупање, неможе во еуфорична атмосвера да се носат државно правни закони. или ќе се смириме или ќе се приземјиме и нема оваа нервоза да ја пренесуваме меѓу целокупниот наш народ. Или се знае дека навистина ќе бидеме основните виновници за се она што ќе се случи, а што никој од нас не го посакува да се случи. Јас не верувам дека било кој од нас зло намерно има такви цели, меѓутоа, никој што излегува овде на говорница не одмерува што ќе каже. Претешки думи паднаа, претешки навреди паднаа во моментот кага навистина треба да покажеме дека сме способни да ја водиме оваа држава. ве молам неколку пати беше спомената и коалицијата и тоа многу пати во овие денови. Ако некој не сваќа дека баш во овие наредни 30-тина дена  на Република Македонија и треба Влада и дека и треба стабилнсот и дека и треба Влада во која што ќе бидат албанците, и тоа овие албанци кои што се претставници бирани од албанскиот народ и дека на нас ни требаат албанците во овие моменти, не ние на албанците, во тој случај многу жалам што доаѓа до такви недоразбирања во клучни историски моменти кога се решава прашањето на Република Македонија , имајки ги во предвид интересите на сите дека нема да бидат  пресреќни ако успееме низ иглени уши да се провреме и да ги реализираме вековните идеали.Ви се молам дајте да продолжиме директно по расправата по амнадманот и се придружувам кон сите добронамерни предлози и ако е добронамерен и предлогот на господин Јованов, сметам дека тоа ќе значи, заправо , потврда дека провокациите на денешната седница успеаа и дека ќе значи доказ пред луѓето што не гледаат

денеска дека навистина не сме способни да си ги решаваме проблемите со дијалог, самите, туку ќе треба некој друг да ни ги решава по нивниот терк.Уште еднаш апелирам, со толерантност, со добронамерност да сработиме нешто да воведеме ред со работна атмосвера и да продолжиме по амндманот. нека се завршат сите воие работи како некој што рече ќе седнеме и 15 дена и добро, но пофторно со дијалог, со толеранција со доверба ќе мора работите да ги псотавиме на основите кои што ги гарантираат основните права и на македонскиог народ и на сите националности. Ние мора како највисоко законодавно тело да носиме закони со кои што ќе се заштитат соновните човекови права ислободи на сите граѓани. Меѓутоа, едно треба да имаме предвид секогаш кога излегуваме на оваа говорница (пратениците реагираат на долгата дискусија). Последната реченица, ви се молам.Ние делуваме во услови во кои што навистина со години постои чувство на загрозеност кај македонскиот народ од поедини националнсоти. Дали тоа чувство е рациоанлно или не е рационално, битното е дека фактички во Македонија кај македонскиот народ има такво чуввство назагрозеност. Исто чувство на загрозеност има кај националнсотите во однос на мнозинскиот народ. Во такви услови треба големо трпение, големо разбирање, големи напори за да може постепено наталожените проблеми да ги решаваме. Нациите во текот на времето, земете една Швајцарија, до денешната сосотјба дошле после 100-годишни напори со коишто пробале да ги решаваат проблемите на 3-4 пати и со пушки и со дијалог и на крај пак се доаѓа до решението дека мора да се решат работите со дијалог, а штетите што ќе анстанат со другите постапки се не надокнадиви. Затоа, направете напор да ги решаваме работите со дијалог, со разбирање, со толеранција. да одиме дирекно на работа по амандманот. ве молам.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, сите интервенции и процедурални и сите учества во расправата по амандманот се потполно исти по содржина. Дали тоа го чуствувате? Исти рамки, исти интенции, исти разлики и тн. Затоа, ве молам ако веќе миниме сега на амандманот, сепак, да се обидеме да разговараме со аргументи. Овде има дискутанти што се пријавиле и сега неможеме да гласаме. Јас немам право да прекинувам како можам да прекинувам, па неможе господине Пановски и вие државте исто овде излагање големо. Како можам вам да ви дозволам, на друг да не дозволам, на сите ви дозволувам. Или на сите или на никој. деловникот е еднаков за секого.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас предлагам и апелирам до претседателот да ја води седницата како што треба и сите овие збрки се поради нестручно водење на седницата. Дајте ако веќе сме тука сите да работиме по амандманот. А не секој ќе искочи, ќе си направи искурзија, ќе си збори пола саат што ќе му падне напамет, ќе го плаши народот со војна и со што ти не и после тоа ајде да работиме. Ајде, кој што бега од темата, кој што бега од амандманите претседателот е дол-жен да му го одземе зборот и да го отстрани од говорницата, и дајте еднаш да работиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ама така мора да донесеме дополна на Деловникот и луѓето како господинот Пановски да ги отстраниме насила. Бидејки тој пред два дена овде 45 минути зборуваше за грамотите на Душан Силни итн. Да се разбереме, невозможно е на друг начин, сите исто постапувате, зошто не сватите. Неможе така да се води, не се води така седницата.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Ова е само уште еден доказ за она што го кажав прееска дека сите овие забуни се од лошо водење на седнциата.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, да и кога јас го принудив тогаш да зборува тогаш да зборува 45 минути. Тоа е лошо водеше на седницата.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас сум лично за тоа да продолжиме со работа, меѓутоа од оваа страна се изнесоа некои обвинувања тука дека некој овде потпалува, пали фитил, буре со барут итн. Јас би рекол дека тој фитил и тоа буре со барут го запали токму предлогот на Владата за личната карта со писмото и јазикот на националнсотите. Затоа што истиот предлог пред 7- 8 месеци беше спротивен т.е. коинцидираше со амндманот поднесен од пратеникот Тодор Петров. Тука е фитилот, тука е тоа буре со барут. Ние македонците од овде слушнавме и предавање едно полачасовно, историско предавање, кога ние исто така сакавме на некој начин да укажуваме на нашата историја но беш импутирано дека немаме право, меѓутоа, другите си го земаат тоа право. Точно, постои некој македонски симдром или итн., како што кажа, меѓутоа, тој симдром е синдром на предавство, а не синдром на самоуништуање.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Душко Николовски уште процедурално. Како можеш на некому да му земеш збор ако се јавува за процедура овде.

ДУШКО НИКОЛОВСКИ:

Почитувани рпатеници, јас мислам предлогот што го даде Ристо заслужуваше внимание, меѓутоа лично чувствувам и така мислам

дека бројната ргументација која беше произнесена во прилог на поднесениот амандман и новата додатна ргументација не водат во прилог многу битно да се измени судот и нашето конечно мислење. Јас го сваќам дека опозиционото мислеше треба да ги изнесува аргументациите, Но, гледам како се одложува средбата , негледам нешто додатно што би можело да понуди пооптимално решение од она што е понудено. Дали тоа е најоптималното или не, мислам досегашната аргументација дава за право да можеме денес седницата да ја завршиме, а предлогот на господинот Ристо да биде повлечен.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали одиме сега и тоа процедурално госпоѓа Димитрова. Или за амандманот. Госпоѓа Димитрова сака нешто да каже процедурално
(кон говорницата се упатува пратеникот Митко Анастасовски). Дали ви сте приајвни за расправа? (Не)Тогаш за што? Чекајте, вие сакате по амндманот да зборувате нели? Дали сакате процедурално? Значи , сака и тој процедурално да интервенира. Добро, но вие рековте во расрпавата по амндманот.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Не во расправата, јас бев и завршив со расправата.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, јас се извинувам госпоѓо Димитова.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Дури сега неможам да ги видам провокаторите. Дури сега незнам кој провоцира и зошто провоцира. немаше место за

такви работи. Расправаме по амндманот , се префрламе на втора точка, на трета итн. , на бомби, на војни, на ... тоа замене е туѓо. Исто го гледам Ченто бог да го прости кога го судеа.  Јас незнам зошто ние сме лежеле затвор. Зашто ги оставија коските по затворите. Зашто се изнапатија овие луѓе од Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, ама тоа не е од процедурален карактер.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Јас ќе ги замолам ПДП-НДП да престанат со овие заканувања, да ја легнат топката и да продолжиме со амандманот на господинот Петров.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (Продолжение)

Јас многу ве молам и другата страна затоа што ако се почне така работата, тоа е мое видување, ќе се оствари. Држава ние не сакаме значи. Ве молам да продолжиме по амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави госпоѓа Димитрова.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Се јавувам предизвикана од две работи.Прво, сакам да знам зошто не му беше дозволено на господинот Петар Гошев да зборува, бидејќи по него им беше дозволено да зборуваат повеќе говорници.Второ, и покрај тоа се дозволи на еден од дискутантите конкретно на господинот Ханџиски многу елаборација околу општите работи. Предизвикана од тоа јас сакам да кажам дека има една голема манипулација на која сме изложени. Имено, непрестано се манипулира со тоа дека сме непретпазливи, мораме да бидеме многу претпазливи и дека целата европска јавност и сите очи од Европа се свртени кон нас. Јас се плашам и мислам дека е трагично што имено е спротивното. Европа не гледа на нас, ако гледаше таа ќе видеше многу работи, кој е македонскиот народ и во каква положба се наоѓа.Манипулацијата морам да ја објаснам бидејќи искористив прилика да зборувам со еден висок функционер од КЕБС во врска со оваа работа затоа што ми беше многу нејасно, бидејќи беше дојден за малцинските прашаша, дали тие прашања ќе имаат влијание на нашето признавање или непризнавање. Неговиот одговор беше дециден - не и мислам дека треба да се престане со манипулации околу оваа работа. Се сложувам со него дека треба големо разбирање и трпение, но мислам дека е основно дека ни треба јак систем, не решавање на работите од парче до парче

тука е нашата основна и најголема грешка, а ако господата од СДС се загрижени има зошто да се и јас сум исто така загрижена тогаш треба да помогнат, бидејќи нивното влијание на уредувачката политика на телевизијата е многу големо да помогнат да се симнат тие секојдневни реклами по два три пати на воени филмови кои почнуваат со фашистички марш, ако имаат страв од војна, прво треба тоа да го направат. Што значи тоа за нашето население? Тоа не е во ред.Второ, јас повикувам овде скоро две години ќе биде како сме формирани еднаш не сме се собрале како лидери на партии да разговараме чесно и слободно за тоа. Одговорно изјавувам дека таа партија како ѓавол од темјан се плаши од никој друг, туку од националните партии. Треба да седнеме заедно да разговараме за тоа. Ако сте за дијалог надвор да бидеме за дијалот и внатре. Тоа е долг од нашите граѓани спрема нас.

СТОЈАН АНДОВ:

Морам да дадам појаснение. Господинот Гошев е на ред по Голубовски, но тој сакаше да учествува во расправата по амандманот. Тој во таа расправа сака да учествува, а сите други интервенции се нерегуларни, бидејќи исто зборуваат, а под фирма на деловнички интервенции. Господинот Ханџиски има деловничка интервенција или реплика.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Сосема на кратко госпоѓо Димитрова нема таков човек кој не се плаши од војна, да се ослободиме од тие дилеми. Меѓутоа, треба на сите да ни биде јасно дека Европа навистина 24 часа гледа во нас не затоа што не сака, затоа што е заинтересирана да ни ги реши проблемите, се виде како ни ги реши проблемите со блокадите со Грција, со блокадите со Србија и тн. туку заради тоа што

решавашето на нашиот проблем за кој ние се залагаме ни создава големи тешкотии и Европа 24 часа бара минимална причина да се ослободи од обврската што ја има како совест заради тоа што и е даден мандатот да го разреши прашањето на сукцесијата на бившите југословенски републики. Ако не разбираме дека се бара таков изговор за да се средат нејзините односи,со Грција затоа што нашите проблеми со Грција се наши проблеми со Европската заедница тогаш треба да ни биде на сите сосема јасно зошто водиме грижа на не им влезиме во варијантата, да не им дадеме таков повод со кој ќе ги ослободиме од грижата што ја имаат овие последни 30 дена.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Гошев, по амандманот оти веќе нема деловнички интервенции.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Благодарам што дојдов на ред, бидејќи под разно завршивме додека пак не се отвори тоа, но и ова излагање не е специјално точка 3, точка 2, алинеја 1, 2, туку неколку опсервации зошто би постапил на крајот така како што мислам да постапам во врска со амандманот не туку воопшто во врска со предложениот закон за личната карта. И јас бев од тие што се залагаше сите да имаат еднаков третман кога се обидуваат да образложат зошто се за оваа или онаа солуција во врска со законот како што ја почнавме седницата така да заврши. Се надевам дека нема да бида предолг.По мое мислење не е основниот проблем или прашање што се бара под името запишано на кирилица да се стави во заграда и името запишано на латиница или со албанска транскрипција. Не е тој судбоносниот проблем во македонската држава. Судбоносно е, страшно и големо тоа што се случува во врска со тоа и оваа расправа вкупна

што ја водиме и она што покажува и зад неа што се случува и пред неа што се случува и потоа веројатно што за жал во сите нас ќе се случува.
Проблемот е во многу побитни работи. Проблем е сите овие силни емоции што се испуштија овие неколку дена во знак на нешто како да се подготвува, како некој нешто да чека и како нешто ќе се случи и сега треба да се подготви теренот во врска со тоа. Така јас го доживувам тоа кога од страна слушам што се говори и како се говори. Беа употребени зборови на омраза, дикција што заплашува од било кого од една, друга страна, трета четврта, од поединци. Беа искажани зборови на закана овде во Парламентот, и вие знаете кој тие зборови ги искажа. Беа искажани синтагми од типот и тоа не е прв пат "сакате или нејќете ќе биде така". Епа чида е таа демократија, чија е та граѓанска држава кога некој ќе ги употреби тие зборови, сакате или нејќете ќе биде така.Проблем е што на пример господнинот Веби Џемаили ќе рече, јас се извинувам што го спомнувам, немам обичај да реплицирам вака поединечно, ретко сакам да се најдам во таа ситуација со директна реплика со поединци."Скопје од секогаш бил центар на"албанската култура" што ќе каже дека ако не е сега ќе биде пак или е пак. Па, на една таква непромисленост ние имаме денеска и вчера големи реакции во Републиката. До мене стигнуваат бројни реакции, тие реакции ме обврзуваат, ме плашат лично како човек. Ме квалификуваат ваков или онаков. Македонскиот народ кога ќе слушне на пример такви зборови тој се стресува затоа што уште не ја изградил конечно својата прва држава без оглед дали господинот Џемаили има аргументи за тоа или нема, меѓутоа стварноста сепак е нешто друго особено денешнава. И, кога ќе се кажат такви зборови веднаш се бара јунак што ќе му удри аперкат на господинот Веби Џемаили такви јунаци веднаш ќе се најдат

јунаци на спротивната страна, но на тој начин арената проработува како што почнува да се претвора во арена а во парламент, гладијаторите се на сцена, се извинувам за овој термин сепак во една општа смисла сакам да го кажам тоа, гледачите навиваат не само овде што имаме туку навиваат сите покрај екраните во врска со тоа, но подоцна ако продолжат на таков начин и гледачите ќе се претворат во актери во арената, како што се случи тоа впрочем на повеќе простори на бивша Југославија и потоа плаќаат и тие што навиваат за овој или оној жесток борец.Проблем е тоа што овде говориме за сожителство.Даваме силни изјави, но тоа веднаш поминува во сферата на лицемериeто и демагогијата. Ако, не сакам погрешно да бидам сватен на пример господинот"Навзат Халили ја крстари Европа, Америка и убедува дека Македонија не е доволно демократска земја, дека не ги решила меѓунационал-ните односи која земја ги решила меѓунационалните односи да ми кажете, до сега добро, која земја е таа што ги решила, дека поради тоа не е зрела за признавање...(негодување од пратеничката група ПДП-НДП бараат да дискутира во врска со амандманот).

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам се договоривме како може да се води расправата изгледа не може на друг начин, се гледа, сите така правите. По вас, (му се обраќам на Оломан Сулејмани) имаше интервенција да се прошири договорот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас ова што сум го замислил денеска ќе го кажам затоа што сите што намеравaа да кажат кажаа и по неколку пати, јас сите ги слушав внимателно, а вие (му се обраќа на Оломан Сулејмани) ќе можете да ми одговорите на говорница овде и јас ќе ве сослушам.

СТОЈАН АНДОВ:
Господине Гошев само продолжете,а господине Сулејмани ве молам дозволете да се искаже човекот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не сакам да бидам прекинувам,. сакам да довршам. СТОЈАН АНДОВ:
Не ме терајте сега да ја прекинувам седницата, мора да му се овозможи секому.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Проблем е ако за нашите внатрешни работи, јас ќе кажам за сите што мислам, раководствата или луѓе од раководствата на албанските партии бараат посредник од надвор, бараат интернационализација на внатрешните односи во Македонија. Проблем е кога таа наша исплашена извршна власт го прифаќа тоа во форма на тајни преговори, а откако тајната мора да излезе на виделина се даваат неубедливи изјави во врска со тоа. И јас имам разбирање за тоа зошто се постапило така, но можело да се постапи и поинаку за да нема сомнежи во македонската јавност во врска со тоа. Проблем е што раководството на албанските партии акциите ги координираат со раководства надвор од Македонија како што има и други што сакаат да координираат акции за Македонија од надвор што значи дека за внатрешните односи во Македонија богами ќе се прашаат и некои други газди од надвор и тоа како човек овде во Македонија, како граѓанин на Македонија апсолутно не сакам да го прифатам било од која страна да доаѓа. А од надвор кога некој сака да ги уредува односите во нашата држава, тоа е рамно на улогата на комшијата во туѓиот брак и тоа не може поинаку никако да се споредува.Проблем е што на пример премиерот на Република Албанија ќе изјави дека Македонија нема да биде призната од Република Албанија

додека не ги признае правата на албанците во Македонија ама такви и толкави што веројатно тој мисли и сака и проблем е тоа, се разбира тоа е негово мислење, има право на некое мислење, но проблем е тоа што од овде на пример раководството на албанските партии не формираа сопствена делегација составена од албанци или составена од албанци и македонци и други и трети, што не скокнат до Тирана па да побараат признавање на Македонија со аргументи што едноставно можат да бидат единствени,јасни,убедливи, дека, па ние сме тука заедно во Македонија, Македонија е држава на сите граѓани на Македонија и ние овде внатре ќе си ги решиме проблемите меѓунационални а има многу проблеми и треба ние да ги решаваме овде.(Пак негодување од ПДП-НДП)

СТОЈАН АНДОВ:

Тишина ве молам.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Заради тоа што проблемите на Македонија.можат да ги решат само овде македонците, албанците, турците и сите други што живеат на овие простори и секое допуштање некој од надвор да ни ги решава ќе ги решава на начин како што се решаваат на други со тешки последици.
Проблем е, се разбира, и тоа што некој ќе рече, е ако не и се допаѓа на Албанците нека си одат. Тоа е тежок проблем и тоа е она што јас исто така не го прифаќам.Проблем е и тоа ако некој каже е сите ќе бидеме македонци, е неможеме да бидеме сите македонци како што не можеме да бидеме сите срби, како што неможеме да бидеме сите хрвати и слично на тоа. И тоа е проблем.Проблем е ако се развива прихологија едни даваат други треба само да примат тоа што ќе им биде дадено и во тој случај нема демократска држава, но имаме ние и такви ставови и такви поставки

во врска со решавањето на проблемите. И тоа не е демократија и тоа не е граѓанска држава и тоа не се обезбедени човечки права. Според тоа проблеми има на повеќе страни, апострофирам примери што во моментот ми паѓаат на ум потсетувајќи се на нешата што се случувале од било која страна да доаѓаат.Проблем е ако од една страна сите пелтечиме, се извинувам на изразот, со граѓанската терминологија, а од друга страна се спремаат хомогенизации по национална и верска основа. И денеска во Македонија се случува хомогенизација на верска основа. Зарем не чувствуваме дека Македонија е на ред да се испроба некое верско сценарио. Имавме повеќе примери кои можат да се лоцираат како настани во последните месеци или последниот месец во Македонија. Страстите околу крстовите не верувам дека се случајни. Страстите околу џамиите исто така, пораките на верските поглавари добронамерни, па во политиката сместени и тоа има свое значење.
Што мислите сега што би дал господинот Изетбеговиќ и боснскиот народ да не почнеше подвојувањето на верска основа, партии на верска основа. Што мислите што би дал господинот Караџиќ сега да се извлече од оваа ситуација или да се врати на почетокот на оваа ситуација освен ако не е нешто пореметено кај него, па не го чувствува и ги чувствува сите последици по босанскиот и по српскиот народ и по другите народи.
На пример да победеше Партијата на, како што го нарекуваат догматот, Дураковиќ која немаше таква националистичка платформа, имаше други догмадски проблеми дали ќе се случеше истото што се случи со тој народ. Дали ние со нашите настапи ќе подготвиме терен за наредните избори да ни се случи она што се случува на теренот на Б и Х, Хрватска и слично на тие простори.

Господа, македонската јавност е вознемирена од настапите на нас овде членови на Парламентот. Во таква атмосфера тешко е да се размислува рационално. Многу е тешко да се донесуваат вакви закони во таква атмосфера. Секој сака во својата средина да биде оправдан, да биде прифатен, но тој неможе да биде прифатен ако не понуди рационални аргументи, ако не ја убеди својата средина, а за тоа во расправата мислам дека помалку се водеше сметка.За одлуки од ваков вид треба аргументи не што ќе ја вознемируваат јавноста, туку ќе ја смируваат. Расправата беше се само не смирувачка.Поминувам на конкретното прашање, а ова е она што ме тера на овој начин да соопштам нешто во врска со законот. Централно прашање е дали предложениот амаднман е во согласност со Уставот или не е во согласност. Не дали е во согласност со правата на националностите според платформите на политичките партии на оваа или онаа, не дали е во согласност со националните интереси, стратешки, вековни до крај на македонскиот народ, на македонската нација мислам само во некоја проекција на некоја политичка партија. Тоа се долгорочни проблеми. За мене е важно моментот според кој треба да се одлучи дали вака или така треба да се постапи. Затоа е прашањето дали овој амандман на Владата на Република Македонија е во сосгласност со Уставот или не е во согласност. Има два члена во Уставот, работевме на Уставната комисија, добро ни се познати членот 7 и членот 48 кои говорат помеѓу другото и за тие прашања.Членот 7 ја определува локацијата која може да биде двојазична во Македонија. Тој член е конкретно специјален за тоапрашање, за прашањето за употребата на јазикот, а тоа е општините со мнозинско или со значителен број жители од националноста, така

членот 7 говори дека може да биде двојазична локација во Република Македонија како службени јазици. Плус тоа, тој член бара посебен закон за употреба на јазиците и нашиот проблем е токму во таа одредба на тој член. Ние не донесовме закон за употреба на јазиците и ќе ни се повторуваат расправите секогаш одново и одново. Ако на една седница успеавме да добиеме таков предлог-закон и ако на една седница која ќе трае еден,два, три пет дена се испокараме и на крајот усвоиме таков закон,наредните дискусии ќе бидат беспредмети во врска со тоа каде треба да се употребува јазикот на националностите. Но, одбегнувајќи еден проблем со надеж дека атмосферата ќе биде лоша и слично на тоа, одлагањето на проблемите не ја решаваат работата, бидејќи одново и одново се заплеткуваме во истите проблеми.

ПЕТАР ГОШЕВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За членот 48 е, бара обезбедување на национални обележја и идентитет. И јас ќе се согласам и се согласувам со тие во обезбедувањето на националните обележја дека спаѓа и употребата на јазикот. И воопшто не полемизирам со тие и со тоа. Меѓутоа, членот 7 е за конкретното прашање. И не тврдам дека членот 7 е врв на достигнатото во демократијата. Напротив тој е пресек на односнот на силите во дадениот момент, односно во 1991 година кога го усвоивме Уставот, тогаш така се одлучи во врска со употребата на јазиците. Нова етапа, нова расправа за Уставот, нов импулс ќе побара можеби некој друг вид на решение, кога ќе ги согледаме сите добри и лоши страни од примената на членот 7 или членот 48 и практиката какви одговори ќе даде на тоа, па потоа ќе отвориме нова расправа. Оние што сакаат сега да ги реализираат своите поли-тички програми, сега веднаш одма и овде, тие можат да произведат само судири и војни. Ништо друго. Реализацијата на политичките програми е тешка и долга борба. Стварањето на државата е тешка и долга борба, демократијата, учењето на демократијата е тешка и долга борба. Според тоа, во врска со овој закон, односно овој амандман а според моето длабоко уверување, релевантен е членот 7 од Уставот. А јас сакам да се почитува Уставот и законите. Сега сме во комплетен правен хаос. Ништо не се почитува. И тоа го знае-ме сите. На тешка мака е и оваа Влада и наредната ќе биде додека профункционира правната држава. Но ние, треба да почнеме со почи-тување а не со дилетанско толкување, не со искривување, не со непримена, не со толкување кому како ќе му текне на Уставот и за-коните. Ние сите би сакале да ги толкуваме на различни начини, но затоа има и други надлежни па ги слушаме стрчњаците од таа област.

Ние не сме стручњаци сите за се и сешто. Според тоа во членот 7 станува збор за конкретното прашање, за употребата на јазикот а не членот 40, не општиот дух на Уставот и тн. Јас се согласувам и со тие што велат дека Уставот гарантира минимум права и дека тоа треба да биде долната рамка што треба тој да ја обезбеди на секој граѓанин, и дека може повеќе, повеќе неможе. Но, мора да се цени на теренот односот на политичките сили, мора да се цени расположението, мора да се цени ставот кај едни, фобијата кај други и тн. и врз основа на тоа да се донесе мудра, стручно поткована и поли-тички добро одмерена одлука.Јас најмалку сакам да кажам дека членот 7 е правата мера за демократијата по ова прашање и најмалку сакам јас да се толкува Уставот рестриктивно за било кој граѓанин од било која националност. Но, мора да се води сметка дека постојат страсти, дека постојат повеќе страни и дека ние сме должни тие страни да ги обединиме, да ги смириме, ние сме должни да ја најдеме правата мерка од која што нема да се луѓето заплашуваат. Јас добив 50 телефонски повици од вчера наваму во врска со оваа ситуација. Јас се чувствувам одговорен за ова, вие ако се чувствувате не, ако тоа не ви значи, ја се чувствувам одговорен и јас сакам да одлучам така како што мисли, како што народот смета, се чувствува безбеден. Но ако јас мислам дека тој не е во право, во таа моја изборна единица треба да најдам време како да ја убедам дека тоа што се донесува, се одлучува овде во Парламентот е исправно. Во спротивно јас не сум ја завршил задачата за која што сум овде.

Законодавно-правната комисија има заклучок  дека овој член не е во согласност со Уставот. Има мислење дека тоа не е точно мислење. За Парламентот мора да биде важно што мисли Законодавно-правната комисија. Чув информација дека Законодавно-правната

комисија не била комплетна кога расправала за тоа прашање. Нека повели, нека биде комплетна и нека го расчисти прашањето во врска со тоа. Ако и треба сугестија некоја друга, и некоја друга сугестија нека прибере. Али ако Законодавно-правната комисија каже вака, Парламентот може да одлучи и поинаку, но дали е добро да одлучува поинаку.Надлежниот министер го бранеше, се разбира, овој став и ќе го брани. Слушав два дена. Јас не бев убеден доволно дека има доволно аргументи, баш за таков амандман. Иако не говорам дека тој амандман ги решава проблемите, и дека е тоа што ќе ги задово-ли и барањата на албанската националност. Воопшто не мислам тоа. Можеби треба други прашања, покрупни да се решаваат за тоа. Но, ние треба да работиме според Уставот на Република Македонија, што го усвоивме овде заедно. Затоа сум на мислење, додека не се донесе закон за употребата на името, законот за матичните книги, ние постојано ќе се караме и расправаме, оваа расправа ќе се возобновува постојано, постојано ќе ја користиме оваа говорница за поттикнување на страстите, а секој од различни причини и секој со чест толку колку располага или како го сваќа прашањето на моралот, тоа е личен однос кон тие прашања, и затоа мислам дека без да се расчисти доволно тоа прашање, јас лично не сум спремен да гласам ни"за" за да гласам за таков закон ни да гласам "против":таков закон. Сакам да имам чиста ситуација во врска со тоа прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

За реплика се јавува господин Веби Џемаили.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Јас сум еден од тие што ги прифаќам критиките кога се добронамерни. И секогаш сум за дијалог, али ако треба ја да бидам

критикуван, ве молам господо треба сите ние тука неколкумина да бидеме критикувани. Тоа што вчера го реков е точно. Вие сите знаете дека до 1912 година Скопје бил главен град  после ослободувањето. Тоа едно. Второ, (реакција од место).

СТОЈАН АНДОВ:

Па ние се со такви работи се занимаваме.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Господин Гошев прифаќам да ме критикува, али треба да го критикува и некој пратеник пред мене тука кој тотално го игнорира-ше македонскиот народ, а исто така и албанскиот народ. Тој дословно рече вака: "Оттаму недвомислено се укажува дека непостоел ниту еден единствен Албанец на оваа територија". И ова требаше да го каже господинот Гошев. Исто така и за етногенезата. Исто така една гнасна лага тука дека од Македонија се иселени само Турците.. Што не е вистина. И Турците и Албанците. И тоа требаше да го каже. И како четврто требаше да го каже и тоа дека на овие простори се дојдени Македонци од Егејска Македонија. Јас ги прифаќам сите критики. А ве молам ако стално се повикуваме на некоја демократија, овој амандман што го предлага господин Петров тој не заслужува внимание.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Гошев за реплика.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас говорев за она што мислев дека треба да кажам. Има многу работи за кои што не говорев, бидејќи треба многу време а вие ќе почнете да излегувате од салата ако за сите прашања се изјаснувам. Меѓутоа, секогаш говорам, тоа што го мислам а никој пат

не говорам што други ми кажуваат, затоа што ми кажувале и високи раководители и други страшни луѓе и пострашни што да говорам, ама јас секогаш сум го кажувал тоа што сум го мислел. Дали било добро или не било добро, тоа е друга работа и не претендирам секогаш да говорам дека говорам добро и вистинито туку само така како што мислам. Ете тоа би го кажал во врска со ова.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Ештреф Алиу.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Почитувано претседателство, почитуван: претседателе и членови на Владата и господа пратеници, следејќи ги со внимание и почит расправите на седниците на Собранието се повеќе станувам свесен дека излегувањата на оваа говорница станувaат се потешки и потешки. И така размислувајќи долго време да учествувам во оваа расправа или воопшто да не земам збор, сепак, заклучив дека земајќи го обзир сето тоа што продефилира пред мене, се определив да дадам скромен придонес и да кажам, барем да се обидам да го кажам следното.Во врска со точката на дневниот ред а во име на демократијата и развојот на демократските процеси, на демократската култура, во името на мирот, над се ние многу мир потребен во име на нашите обврски како пратеници, во име на човечноста која што е присутна во сите нас и во име на сопствените деца и генерации кои ќе не заменат во овој Парламент и сите тие кои допрва ќе треба да растат, да го прифатат предизвикот на Република Македонија како една од најдемократските, најслободните, најправедните, најблагодетните земји на Југоисточна Европа, т.е. држава на задоволни и

успешни современи граѓани растоварени од сиот непотребен штетен багаж на татковците со балканска тнкост, на татковците кои без потреба се занеле со илузијата да бидат големомакедонци, големо-албанци, татковци тесногради и кусогледи, татковци недораснати и професионално културно со силата на аргументите да се натпреваруваат на оваа говорница за нови идеи да оспоруваат во принципиелни и   расправи со длабочината на мислата и нејзината јаснотија, на татковци кои стварно живееле во едно невреме, но за кое, за жал, и самите си придонеле да биде такво, неводејќи доволно сметка само до најблискиот сосед, или најблискиот до себе.

Дами и господа, сето ова што се случува со нас и околу нас е наш погрешен производ, со многу дефекти од кои трпиме исклучиво само штети. Штети во внатрешниот план, штети на надворешниот план, штети во напорите за надминување на се понагласена економска и социјална криза, штети во меѓунационалните односи, штети и директен атак врз кревката демократија во чие име настапуваме со зас-луги или апсолутно без никакви заслуги.Поаѓајќи од позициите со кои настапуваме во Парламентот, само по себе, доста лесно се доаѓа до заклучок дека ние меѓу себе имаме сериозни и во оваа фаза, непремостливи разлики. Едни наста-пуваат од тоталитарни, унитарни позиции, залагајќи се отворено за стеснување на просторот за другите одма до нив, се до тотално униш-тување, други настапуваат од националистички позиции и нивната националистичка заслепеност ја открива сета злоба и опасност што извира од таквите настапи. Третите настапуваат од позицијата "лете се муа", сметајќи дека сепак е доволен поводот да се биде Македонец и за нив во Македонија да биде се "океј", се по нивна желба, се по нивен табиет, се по нивни навики, се по нивни мерила и тн.

Четвртите пак настапуваат во име на квазидемократијата, издавајќи се самите себе по две-три изговорени реченици или кажани реченици на говорницата. Петтите настапуваат од позиција на високата политика. Неколкумина од позицијата, незамерисе, други од по-зиции несфатливи за нив самите, штетни за самите нив,корисни ни за едни во Македонија, т.е. корисни за задоцнетите јавачи на апокалипсата кои ден и денонокно да најдат простор и поддршка во оваа наша мала, толку намачена, толку многу сакана Македонија.

Господо, зар навистина сме толку недораснати да сватиме дека хероите од типот на славниот Сервантес по патот на Санчо Пансо, нам воопшто не ни се потребни. Што ли треба уште кај нас и околу нас да се случи за да сватиме дека нам ни е насушно потребна демо-кратијата, ни е потребна како лебот, знаењето, ни е потребно ка-ко добрината на ангелите, нашето залагање за добри дела дека ни е потребен мирот, дека ни е потребна довербата, дека ни е потребно чувството за потребата, едните спрема другите, дека ни е потребно да негуваме свест и да го продлабочуваме сознанието дека со другиот, до нас стануваме посилни, побогати, посреќни, поинтересни за све-тот околу нас, во нас и подалеку од нас. Дека така создаваме богат свет надополнувајќи:;се меѓусебно и заедно, надополнувајќи ги другите околу нас и подалеку од нас.Зошто ние одбегнуваме една традиционална реалност? Кој ни дал за право, да го уриваме толку вековното зближување на народите на овие простори? Кој ни дал за право кај нив да внесуваме немир, несигурност, недоверба, омраза - се прашувам и размислувајте да најдеме одговор кој?Господа пратеници, од сите партии и вие независни, не смеете да дозволувате да ве носат ветриштата кои што во овие прос

тори внесуваат немир, неспокој, злоба, омраза. Ја сум длабоко сигурен дека во секој од вас поединец сеуште има доста место за многу човечност, затоа дајте во име на нашата Македонија и во име на поколенијата, на оваа говорница да се натпреваруваме за повисок степен на демократијата, демократските процеси, за похумани и подемократски закони, за закони во функција на граѓаните. Да се натпреваруваме за што подобри и покорисни идеи, проекти, решенија, да се натпреваруваме со што подобра, покорисна мисла. Говорницата да ја претвориме во трибина на натпревар на умот, на професионализмот, на науката, на уметноста со сила на аргументите да се спротивставиме еден на друг. Дајте да се обидеме, сериозно да се ослободиме од овој толку непотребен багаж.Зарем не сваќаме дека еден човечки живот е прекраток за нашите преголеми амбиции. Ако живееме 7 дена, 7 недели, 7 месеци, 7 години или 7 деценији - никој не ни дал за право и никој не бара од нас шесте деценији од нив да ги претвориме во пепел, да ги минеме во мрак со многу проблеми, со несватливи неразбирања, со толку злоба и недоверба, со омраза и нетрпеливост. Дајте, господа, пратеници овој сооднос да го подобриме, во почетокот барем помалку а понатаму се повеќе и повеќе. Ние тоа можеме. Доволно е да сакаме и ете за почеток се доволни два среќни дена, две среќни недели, години, две среќни деценији. Ете, тоа треба да е нашето залагање. Ние знаеме, умееме - дајте да соработуваме. Шансите ни се насмевнуваат пред нос или пред брк, ако некој знае да вели внесувајќи ведрина и хумор. Недозволувајте да се задоволат страстите на некои мрачни сили на кои им е многу криво што тука нема кај нас сеуште крв, што не даваме шанси, недај боже, да погребуваме сопствени деца, загинати бесцелно.

ЕШРЕФ АЛИУ:
Македонија господа има услови, има ум и разум да и каже и докаже на Европа дека самата таа, вакви какви сме може да допринесе со конкретни предлози да се сподобруваат меѓународните акти за рпавата на човекот, за националните групи и минулитети. Страшно ме погодува сегашната вистина дека ние не сакаме на овој план да чекориме по смело напред, и така самите внесуваме немир, несигурноса незадоволство, недоразбирање, каквги со многу низок степен, да не употребам и привитизам. Цврсто сум убеден дека нетреба да се плашиме од тие сили кои настапуваат од деструктивни позиции. Гласот на разумот и свеста за заедничката иднина треба силно да не поврзе, а не националната припадност. Одпадници од било која националснот треба да останат осамени, треба секој да свати дека во Македонија нема место за оние кои се спремни да живеат во рамноправност, кои не се спремни да живеат во рамноправност со сите граѓани без оглед на нивната национална и верска припадност. Македонија мора да се свати како држава на рамноправните меѓу рамноправните и вб тоа нема апсолутно ништо лошо. Со тоа никој не се загрозува. Преку таквата свест ќе се создаваат сите претпоставки да најде место и позиција вистинската вредност на индивидуата т. е. граѓанинот кој со граѓанскиот устав ќе биде хегемон т.е носител на сите права и обврски.
Затоа користам прилика да обрнам внимание на моите албанци и да укажам дека не е доволно само да се акцептираат барашата колку и да се тие умесни и оправдани бидејќи со тоа нивната обврска не завршува. Тие треба да развиваат голема политичка активност, да вложат многу напори, многу знаења и умеење за создавање на клима кај партнерот или кај спротивната страна за добро разбирање. Треба господа пратеници многу да се инвестира во правец едниот кон другис

теренот на овој план како да остана непокриен и дека занимавањето со политика мора да сватиме дека е макотрпен , дека е долг , далеку по комплициран процес од оној кој сме можеле да го замислиме во почетоткот на нашите желби и еуфоричност да се направи политика.
Помеѓу желбите и можностите потребна е поразумна и пореална мерка. Сметам дека нема место за егзигнација, за незадоволство пропратени со недозволена нервоза и немир. Времето работи во полза на демокрацијата и демократските процеси. Ако барањата на албанците каде припаѓам и јас се во согласност со овие токови, тогаш зошто нервоза, зошто страв, зошто потреба да се полемизира со оние кои не внесуваат ниту идеи, ниту новини ниту имаат врска со демокрација. За се треба, малку чинам повеќе време, повеќе знаење , повеќе залагање, помеѓусебно разбирање и доверба. Ние тоа ќе го постигнеме само ако се определиме реално на страната на правдата на напредокот, на иднината на заедничка Македонија.
Предложениот закон отвора можности законот да биде уште похуман, решенијата да бидат по современи и по демократски, и морам да кажам не ги задоволува моите очекувања- Тој без право како да им излегува во пресрет и на оние сили кои отворено се ставаат во редовите на тие сили кои се борат против демокрацијата и демократ-ските процеси во Македонија. Тие сили сеуште ја негуваат филозофијата на унитарна држава што Македонија не смее никако да го прифати-Во оваа насока би подвлекол дека употребата на мајчиниот јазик е цивилизациска потреба на секој граѓанин на Република Македонија Неговата употреба не загрозува  ниту еден јазик, т.е. конкретно употребата на албанскиот јазик на сите нивоа и во сите институции од страна на самите албанци апсолутно не го загрозува македонскиот јазик, Албанец впрочем што го совладува до финеси својот најчин

јазик може полесно, покреативно, по мотивирано да го учи, да го совлада и да го почитува јазикот на другиот, во конкретниот случај македонскиот јазик. Никаде во светот не се покажале како продуктивни методите на наметнување туку методите на разбирање и договор.Дозволете ми една дигресија. Во рамките на бивша Југославија кога македонскиот јазик стана рамноправен со другите, тој чин сите го доживеавме како многу пријатен. Тука беше и мојот албански јазик.Тој како рамноправен во Република Македоја е санкциониран и во уставно правните акти беше се до 1986 година. Тој треба како таков да се обидеме да остане и понатаму. Наша должност е тоа да се постигне т.е. ваша должност пратеници македонци е тоа да го повратите т.е. да го дозволите.
JaCбарам можност да се поставиме во позицијата на рамноправните, па од таа позиција може лесно да се увериме кон кој кого е праведен и кон кој кого е неправеден. По логиката на силниот јас несакам да расудувам, ниту пак по логиката на медиокритетите на силните, на јунаците и јунакињите, а најмалку по логиката на примитивците. Нас во ниедна прилика воопшто не ни смета македонскиот јазик. Напротив, тој јазик сме го прифатиле коректно, се трудиме и во сегашни тешки невремиња да им го ставиме на знаење на сите оние кои не ги почитуваат уставните одредби тоа да го прават, да ги почитуваат . Мене лично овој јазик ми го прави животот побогат, и по осмислен. Затоа не делувајте во насока на негативно читање дури и на оние одредби на Уставот со чии решенија јас и пратеничката група не сме се сложиле или во најмала рака не сме биле задоволни.

Во насока на горе изложеното очекувам и други посебни расправи особено во насока на размислувањата кои успеа да ги каже јасно и кратко господин Гошев.И, дозволете да завршам, дека јас од -до пред извесно време станува посреќен, во овој Парламент сепак, сепак се поја-вуваат нови гласови кои одат во правец на сето ова што јас се оби.дов тука да го презентирам, а тоа ми е подраго што доаѓа од пратеници македонци на кои од повеќемина во ниедна прилика не сум се сомневал. Благодарам што ме слушнавте.

ФАИК АБДИ:

Благодарам што ми дадовте збор, дами и господа јас ќе бидам многу краток. Мислам дека можеме да заклучиме и да дојдеме до еден дојам дека она што се случи од вчера и денеска да се смета дека тоа било еден многу лош сон на овој Парламент, овде, бидејќи се искажани многу лоши работи, многу недостојни работи, недолжни критики и тн. Мислам дека овој Парламент не заслужил ниту еден ниту граѓанин, ниту некој од парламентарците овде да каже дека се однесува вака или онака, дека има незнам каква грешка бидејќи ете сакал или несакал некоја грешка е направена од пред два дена од страна на еден наш колега, пратеник, кажа она што кажа, овде во овој Парламент немаше поддршка и тоа треба да се заборави.Исто така нема потреба понатаму да не рчкаме во некои работи само да доаѓаме до некои нови осознавања и резултати, само да создадеме една клима на недоверба заради тоа што го претставу-ваме народот на Македонија. Колеги пратеници јас верувам дека на-родот на Македонија ова што го правиме ние овде не го бара од нас зашто ова што денеска се правеше овде смрди на нешто многу лошо.

Овој пат морам да се обратам на колегите пратеници на ПДП НДП, јас комуницирам со јавноста и тоа многу често , владееше и владее мислење дека парламентарната група на ПДП и НДП во својот состав има перфектни пратеници добри граѓани на оваа држава,многу умерени, добри демократи, знаат да се носат со проблемите,но еве овие два дена настана еден куршлус заради тоа што пред тоа имаше некој куршлус и не им давам за право тоа да биде причина денеска да се изречат многу лоши работи од оваа говорница и на некој начин народот да си го револтираме. Ние мора да знаеме, тоа важи за сите нас со револтирањето на народот, и со добиено нешто она што е несакано, далеку од нас да речеме, она што се случи во Босна, нема да има ни победници ни незнам што, сите ќе бидеме победени. Дали сакаме да го уништиме народот? Дали сакаме децата да ги фрлиме во ватра што би рекле србите, во оган. Мислам дека никој не го сака тоа, ама зборовите се влечат еден по друг, влечат омраза, влечат недоверба. Па според тоа, јас верувам дека ова ќе мора да се заборави.Би сакал да знам кој е тој висок функционер на КЕБС што и даде одговор на нашиот колега пратеничка овде дека прашањето од рамноправноста на националностите не влијаат на признавањето на Република Македонија. Тоа неможе да биде точно. Ако е така јас сум сведок на најмалку 20, 25 делегации впрочем тоа беше и во понеделни со делегацијата од Франција која што дојде да праша да се интересира, во Гранд Хотел седнавме претставниците на албанците, на турците и на ромите дали имаме општ национален политички консензус за признавање на Република Македонија. Сите рековме да дали има нешто што фали во односите? рековме тоа се наши работи,внатрешни и ние ќе седнеме да ги решаваме постапно, тоа се само наши внатрешни работи. Тие сакаат да се фатат за некоја сламка таму,

да ја оправдаат Грција. Тие сигурно не гледаат таму како ги решиле тие национални , меѓунационални односи. Тие се фаќаат за прашањата што се сврзани со признавањето на нашата држава. Јас потполно подржувам дискусии кои што укажаа дека овие моменти за нас се многу критични. Ние го одбравме најкритичниот момент да се расправаме овде и да се критикуваме едни со други и да ствараме зли работи во време кога треба "бити или небити" ќе бидеме или нема да бидеме.
Ние денеска имаме едни високи функционери ко претседатели, оние што треба да кажат, да пресечат. Зарем незнаете дека се ова што се зборува овде и јас сега што говорам дека тоа се пренесува го гледаат граѓаните во Грција, го гледаат граѓаните на Бугарија и граѓаните на другите соседни земји. Јас незнаев дека фаќаат втора програма, мислам , така ми рекоа. Едни граѓание на Бугарија беа овде и кажаа дека тие знаат се што се случува овде. Мислам дека мора да имем е тербиет, мора да знаеме што  се кажува овде, а што не се кажува, што меѓу нас е кажано, а што ќе читаме меѓу редови. Па според тоа ве повикувам на одговорност на секој еден збор. Неможе некој што му текнало што му зборува. Неможе овде да се зборува дека е Скопје ваков или онаков град или што било и што не било. Неможе да се зборува дека ова веќе се... да не повторувам зборови , навистина не е тоа во ред, тоа ги иритира луѓето ги тера да мислат поинаку. Впрочем јас ќе се послужам со една моја вистина, како јас гледам на вистината. Овде ние имаме коалициона Влада, тоа е факт . Има една страна ВМРО-ДПМНЕ, ДП и тн. кои што стојат опозит спротивно. Било какви предлози да се сигурно заради тоа што се во опозиција во една конструктивна опозиција нема да гласаат за нашите предлози. Во ред, нема што тука, ако бевме малку по умерени и со поголем фиќир, јас незнам дали со тоа решение се задоволни

пратениците од ПДП и НДП и бидејќи сме во коалициона Влада, имаме коалициона Влада сметам дека оној предлог што е даден од страна на Владата, па треба да се прифати. И речено со ...... баш ми е гајле ако треба нека станат сите 36 или 40 кои што се од спротивната страна нека го поддржуваат предлогот, амандманот на господинот Петров, ќе го поддржат . Кога ќе прашаат за тие ќе дигнат рака, тоа значи сите ние други затоа што имаме коалициона Влада ќе се сложиме со она што го предложи Владата и предлогот претпоставувам дека требаше да мине. Не знам што внатре друго струење има и тоа да е денес причина дека не се задоволни од страна на ПДП и НДП, па тоа задира и во членот 7 и 48, не се изведени точните формулации односно точните права заради тоа што не е донесен некој друг закон кој што треба да биде изборен за правата на националностите во сите сегменти. Значи грешката не е овде во нас, да се разбереме , грешката е во Владата, мора Владата да седне да го подготви тој изборен закон за кој ќе расправаме, а потоа ќе седнеме да се натпреваруваме со мисли и да кажеме дека ова може, а ова неможе и нема што понатаму Мислам дека оние зборови што вчера и денеска овде провејуваа на адреса на Влада на адреса на други политички партии и тн. незадоволство има секаде . Впрочем има незадоволство и на моја лична адреса од страна на некоја друга партија па мислат дека сум јас... Вог да чува , ајде нека биде така. Ние мораме да знаеме што зборуваме мора да знаеме колку е вреден нашиот збор, мора да го знаеме значењето на тој збор. Не е тоа тоа.Овце сме ние одговорни, најодговорни пред целиот народ на Македонија, ние сме одговорни пред оној народ на Македонија кој што е иселен од тука и живее на некое друго место, отиден е по парче леб, се растури низ цел свет

и пред нив сме одговорни. Одговорни сме за нивните фамилии овде, и ние овде ако создаваме јаз меѓу нас и некоја борба, некоја војна ние пред генерациите не ќе можеме да се исправиме заради тоа мислам дека мора да преовладува разумот и мора овој мир што го имаме да го одржиме и понатаму толеранција и флексибилност. Мора да знаеме што е тоа што бараме. Неможе во празен џеп да се бара незнам што. Мора да знаеме до каде ни се границите.Овде се искажани и некои други мисења за кои што сметам дека имам право да ќажам нешто. Наиме , и на јавноста сум и познат јас лично и на нашите новинари дека во одредени моменти кога има густа клима, нервози и тн. јас станува и кажувам она што кажувам, да има мир во куќа на некој начин.Па чудо би било во оваа ситуација да не станам да речам нешто. Сакам јас да кажам дека мене лично не ми е сеедно. Вчера кога си отидов дома не 50 телефонски јавувања или пак некни кога беше овла гужба овде имаше околу 64 или 65 коли сакаа да дојдат и да свирнат во знак на револт . Јас бтидов порано ако се сеќавате, малку бев револтиран, ете човек е човек, нервози, па си реков поарно нервозата надвор отколку овде . Би препорачал секој од нас што има малку нервоза да излезе малку надвор, да испие една чаша вода,, ладна или топла, или чај па нека се врати овде смирен, зашто ние ја решаваме судбината на Мамедонија, да биде или да не биде. Немаме никој од нас право да створиме таков револт што на крајот ќе се вика тоа.... знаете што сакам да речам.Благодарам што ме слушавте.

АЦО СПИРОВСКИ:
Почитувани пратеници, слушајќи ги претходните дискутанти апсолутно гледам дека расправаме за некое сосема друго прашање односно дека воопшто ја немаме точката на дневен ред која треба да се дискутира.
Овој пат би потсетил само на членот 68 од Уставот, став 2 дека Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентични толкувања на законите, а исто така и на членот 61, став 1 од Уставот на Република Македонија дека Собранието на Република Македонија е носител на законодавната власт. Премногу го исполитизиравме предметново прашање, што навистина дискутираме некои работи кои навистина немаат врска со точката на дневен ред.
Според мене, за целокупната состојба која настана во Парламентот апсолутен виновник ја наоРа Владата на Република Македонија. Истото ќе се обидам да го аргументирам со следните причини.
Тука исто така се слушнаа дискусии дека не треба да одиме во уставни толкувања и некои слични работи во однос на тоа да предметното прашање треба исклучиво строго да го гледаме само во таа област. Меѓутоа, со донесувањето на Уставот ние го донесовме и Уставниот закон, а ова е токму еден од тие системски закони, кој требаше да биде донесен во рок од 6 месеци. Сведоци сме сите ние дека тие закони не се донесоа во тие 6 месеци, дадовме уште еден рок од наредни 6 месеци и еве сега предметното прашање конечно дојде пред овој Парламент. Времето од 6 месеци веројатно и ќе замине, а блокадата во однос на решавање на ова прашање, кое е од значителен интерес, може да изостане.

Јас не би влегувал во одредени прашања кои беа искажани тука, туку стриктно ќе се држам за точката од дневниот ред, во смисла на тоа што морам пред се на Уставот на РМ кој ги регулира овие прашања.
Во однос на предметното прашање спорот настана во смисла на тоа што апсолутно се елиминира членот 7 во ставот 1. Некој си зеде за право да го брише ставот 1 од Уставот на Република Македонија и тоа на начин што понуди амандман на предлог-законот за личната карта кој е апсолутно противуставен. Јас само ќе ве потсетам на текстот на ставот на членот 1, а тој е следниот:"Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо."Со ставашето на ваквиот амандман пред овој Парламент апсолутно се избриша ваквата одредба. Јас не би сакал да ја навредам аванската националност во смисла на тоа што има право да си ги бара и остварува своите права, меѓутоа, патот кој го понуди Владата е апсолутно погрешен во смисла на тоа што претходно требаше да се усогласи Уставот, да се поведе постапка за негово усогласување, а после тоа на ваков начин да дојде предметното прашање да се разгледува.Имаше повикувања во однос на членот 7, ставот 2 и 3, членот 48, меѓутоа, тоа се прашања кои посебно треба да се уредуваат со закон.Ние, и да го изгласаме ваквиот амандман од Владата јас ќе ве прашам како истиот понатаму ќе се спроведе. Неможно е да се спроведе од причина што изостануваат и другите закони кои се пропратни со оваа материја, Законот за личното име, Законот за матичната евиденција. Тоа се закони кои не се донесени.

Едно прашање однапред го нафрламе, го прекршуваме Уставот, оставаме материја која не е доволно разјасната, Јас сега ќе ве прашам вас почитувани пратеници што понатаму ќе се случи. Ако ние со овој амандман го прекршиме Уставот, а ми се чини дека го кршиме, дали тоа ќе го чиниме и со законот, бидејќи и тие закони мора да дојдат на седница на Парламент, со Законот за личното име, со Законот за матичната евиденција, од причина што кога ќе ги донесуваме тие закони едноставно ќе се повикуваме на овојзакон, а сите знаеме дека овој закон е противуставен. Значи, повторно ние ќе се оптовариме со одредени прашања кои во случајот можеме да ги избегнеме.
Мене ми се чини дека на сите нас ни е позната постапката во однос на менување на уставот, дека истото се чини со уставни амандмани, јас само укажувам на потребата од ваквото однесување ова прашање да не се прејудицира, во смисла на тоа дека ние не сакаме да ги решиме правата кои следуваат на националностите.
Сметам дека Владата на Република Македонија, нејзиниот претседател и нејзините претставници кои стојат зад овој закон, тие прво го прекршија Уставот и на нив паѓа одговорноста во однос на вака настанатата ситуација. Сметам дека треба од нивна страна толкување, изрично да ни кажат и да ни гокажат тука дека ова прашање кое го ставаат пред Парламент има уставна подлога. Не смееме да се дистанцираме од Уставот во смисла на тоа што сите закони произлегуваат од Уставот. Ние не можеме противуставно да се однесуваме, вонинституционално. Уставот е мајка и светиња. Тој устав беше донесен тука од ова Собрание.

Во однос на квантумот на правата кои толку се спорни, бар така се наметнуваат како да некој воопшто не ужива права, беше презентиран и пред европската и светска јавност и ми се чини имаше огромен квантум права предвидени во тој устав. Сега се наметнува прашањето за личната карта. Како да не постојат некои други права, како тоа прашање да биде особен национален интерес за одредена националност.
Сметам дека навистина сите треба да се преиспитаме. Јас сметам дека пратениците во овој случај се заведени, не мислам само на левата и на десната страна како имаме обичај сите да ја наречеме, меѓутоа, навистина сме заведени од некоја повисока политика. Еве, обидете се, преиспитајте се дека Уставот се крши, дека ќе настанат понатаму проблеми не само со овој амандман, ќе настанат проблемите кога ќе ги носиме законите за личното име и за матичната евиденција, истиот проблем ќе се јави, повторно ќе се јави службениот јазик и кирилското писмо. Зошто однапред да предизвикуваме состојби кои сметам дека не се потребни. Да ги гледаме работите во одредена рамка во еден правец како треба да се видат. Јас инсистирам на почитување на Уставот не заради тоа што господинот Петров поднесе амандман кој не одговара на одредена националност. И пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман со слична содржина, меѓутоа, истиот е во законита форма. На некого тоа му се допаѓа или не, тоа е прашање. Меѓутоа и едниот и другиот се повик-ваат на закон.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Почитувани пратеници, чувствувам неопходна потреба да изразам лично мислење во врска со предложениот амандман на член 5 од Законот.

По убедување и припадност во Парламентот ми беше прифат-ливо предложеното решение на Владата во член 5 од Законот, податоците во образецот за лична карта да се пишуваат на со Уставот официјален и службен македонски јазик и кирилично писмо, со вградување на едно право за националностите исклучиво во доменот на употребата на јазикот и писмото, а не ја потенцирам неспорноста на официјалноста и службеноста на македонскиот јазик и кириличното писмо кое со ова право не се загрозува, како што стои и во образ-ложениeто на Владата, во смисла ова решение да биде прилог во разрешувањето на меѓунационалните односи и подобрување на внатрешната стабилност на Републиката.Меѓутоа, резонирајќи ја суштината најнапред на неприсут-носта на отсутните и за мене крајно разочарувачките дискусии од типот - Македонија е создадена како мултинационална заедница, Македонија одамна е федерализирана, убеденоста за легалноста на референдумот за територијална поделба на Република Македонија, што сите заедно одат на линијата дека државотворни субјекти биле и се и националните малцинства, како и најиритирачките бисери дека"Скопје и некои други делови на Македонија во историјата биле центри на албанската култура и цивилизација", официјалноста и службеноста на македонскиот јазик и кириличното писмо да се квалификува како неофашизам, провокативното инсистирање од говорница да се зборува на албански јазик, за мене неодминлив е поразителниот впечаток за вистинската и крајна цел на претставниците на оние за кои и се однесува предложеното решение од Владата, што ги прави неубедливи аргументите во образложението на истото од Владата.

Директната последичност на оваа дилемичност ги отвора прашањето и потребата за јасно автентично толкување на Уставот за употребата на јазиците на националностите и неговата претходна регулираност, а не со тоа да се врши ревизија на официјалноста на македонскиот јазик и кириличното писмо, децидно разграничување дали се работи за право на националностите или за во континуитет белег кон стекнување  на државотворен субјективитет на националностите, дали ова право е придобивка во проширувањето на конгло-мератот на граѓанските права и слободи, кон какво решение кон какво граѓанско општество се залага, согласно Уставот, или претставува елемент на неуставни цели за поделба на државноста, кон федерализација на Републиката, колективистички паралелизам во вршењето на власта во Републиката, што е спротивно на Уставот и јас најенергично ги отфрлувам, што фактички значи поддржување на амандманот односно лично не се согласувам со предлог-решението името и презимето во личната карта за припадниците на националностите да се пишува на нивниот јазик и писмо.

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитувани дами и господа, јас најнапред би сакал да кажам дека ќе зборувам во целосна поддршка на амандманот на пратеникот Тодор Петров. Сличен амандман и ние имаме како пратеничка група и верувам дека доста  пратеници можеби мојата дискусија ќе ги донесе на правото место за да се определат за што да гласаат.Со донесувањето на законот за државјанство направен е значаен чекор напред во заокружувањето на државно-правниот статус на Република Македонија.  Законот за лична карта, кој е предмет на разгледување на денешната седница, претставува продолжение на

исполнувањето на нашите уставни обврски за донесување на системските закони согласно член 7 од Уставниот закон. И овој закон има посебна важност за Република Македонија. За прв пат за правата и слободите на граѓаните, а особено за целосно изразување на суверената и независна положба на Македонската држава и македонскиот народ во неа. Токму затоа, Законот залична карта мора да биде во согласност со Уставот на Република Македонија. За жал, и овој пат како и придонесувањето на законот за државјанство министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски продолжуваат со своите перфидни, проѕирни манипулации на штета на македонскиот народ и неговите национални интереси. Дозволете да ви кажам зошто.Во април 1992 година тогашната влада до собранието достави предлог за донесување на закон за личната карта, при што за претставник е определен Љубомир Фрчковски тогашен екс-министер во Експертската влада на господинот Киро Глигоров, а за повереници високи функционери на МВР. Во септември 1992 година, новата Влада која е продукт на антимакедонската комунистичко-албанска коалиција дава нов предлог на истиот закон со истиот претставник, господинот Љубомир Фрчковски како сегаше министер на МВР и истите повереници.Во двата предлога воопшто не се спомнува јазикот и писмото на кој ќе биде напишана личната карта. Тоа се подразбира бидејќи согласно член 7, став 1 од Уставот на Република Македонија службен јазик во Република Македонија е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Согласно предлогот на законот, личната карта е јавна исправа односно службен документ што го издава МВР Ако е така, тогаш кои се причините што Владата и нејзиниот претставник Фрчковски сега го менува мислењето и еве ни доставува два амандмани со кои се бара личната карта да биде напишана на јазикот и писмото на националностите. Дали е тоа уште едно барање на ПДП НДП кое

Владата мора да го прифати за да опстои на трулата основа на која е поставена. Или можеби се во прашање лични, материјални или роднински, пријателски интереси на министерот Фрчковски?Дами и господа пратеници, ваквите амандмани на Владата јасно покажуваат со кого си имаме работа. Оваа коалициона влада продолжува да работи и ровари против интересите на македонскиот народ против Република Македонија. Прифаќањето на овие амандмани значи не само непримена,отстапка на уценатана Албанците и нивните партии ПДП НДП, туку и конкретно федерализирање, кантонизирање и поделба на Република Македонија, односно давање автономија на Албанците во западниот дел на Македонија.За такво нешто Владата, министерот Фрчковски и претседателот на Република Македонија Киро Глигоров не добиле овластување и мандат од македонскиот народ.Двојазична лична карта нема во ниедна држава во светот. Ние ако дозволиме такво нешто стануваме дирекни соучесници во нова поделба на Македонија и во ново ропство на македонскиот народ.Господа пратеници, овде воопшто не станува збор за загро-зување на некакви лични национални и човечки права. Впрочем, мал-цинствата во Република Македонија ги уживаат најголемите права од било која друга држава во целиот свет. Овде се работи за државен интерес од највисок ранг и за опстанок на македонскиот народ и на Македонската држава. Никој нема право самоволно да донесува такви одлуки и да поддржува такви закони со кои пред целиот свет докажува ждека Македонија мора да биде кантонизирана и поделена. На крајот, ако дозволиме такво нешто, зарем не се загрозени правата на македонците службеници во органите на управата, пред се полицијата, кои за да ја обавуваат својата функција ќе мора да учат и албански.

Одговорот веројатно го знае господинот Фрчковски, секако и премиерот кој за жал два дена не е присутен на вакви значајни седници, господинот Црвенковски, а пред се режисерот на вкупната внатрешна и надворешна македонска политика, господинот претседател Киро Глигоров.На крајот сигурно не би можел да заминам од оваа говорница а да не го прашам колегата Стојан Ковачевски  само ако може да ми објасне што значи за Македонецот во Македонија македонски национализам.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Фрчковски, министер за внатрешни работи, претставник на Владата.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Господа пратеници, два дена слушаме политичка дебата околу овој закон, кој Владата го предложи убедена, и сега останува убеден во неговата не само уставност туку и политички опортунитет да биде донесен. Слушаме жестоки напади на Владата за некакво компромисерство и дури предавство, слушаме приказни за тоа дека имала еден и различен став и дека тој став се менува во зависност од моментот или односот на силите. Должиме барем, односно јас должам како претставник на Владата овде барем некои објаснувања на јавноста.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ: (продолжение)

Имено, Владата смета а тоа тврдам од оваа говорница дека решението кое е понудено во законот е комплетно во рамките на Уставот. Оние кои не сакаат тоа да го прифатат од политички резони и нема да го прифатат. Можат себе да се убедуваат, или да ги убедуваат граѓаните да шират овде политички маркетинг дека тоа не е во согласност со Уставот, но заклучно за таквите закони кои не се во согласност со Уставот постои Уставниот суд. Овде е тешко да се даваат дефинитивни квалитативи дека тоа не е во согласност со Уставот без било какви аргументации и потоа повторно се колнат во светлоста на Уставот што изгледа смешно.Прво и основно, јас ќе го повторам тоа, единствено не уставно решение кое ваквиот закон и сличните закони кои ги дефинираат службените исправи, тоа е службената исправа да биде напишана двојазично на целата територија на Република Македонија. Само тоа решение е директно неуставно. Сите останати решенија се во рамките на Уставот. А, дали ќе биде понудено она што Владата во минатиот состав, во јануари месец го предложи, или во февруари го предложи, пишување на имишата на националностите во општините, или што го предлагаат некои пратенички групи двојазичната карта за во некои општини или комплетно , или ова што сметаме дека е најконструктивно решение што го предлага Владата, тоа е двојазично пишување само во името на личната карта на цела територија на Република Македонија, тоа зависи од политичката процена. За тоа се носи политичка одлука. И тука не може да не извадат никакви повикувања на Уставот. Тоа се уставни решенија. А кои од нив ќе бидат избрани е одговорност на Владата да ги понуди на овој Парламент. Владата се одлучи со целата аргументација која ја има дека ова решение во личните карти претставува оптимално решение кое Република Македонија ја дефинира не само

како правна држава, туку и односите кои ги дефинираат, за кои служи личната карта на оптимален начин ги решаваат. Бев во дилема дали да коментирам една дезинформација која се рашири од оваа говорница и за која веќе три или четири говорници ја повторуваат. Вели Владата во минатиот состав понудила различно решение, имено, решението кое сега го нуди оваа влада го оценила како неуставно. Тоа е дезинформација од почетокот до крај. Владата во образложението, во Предлогот од јануари месец 1992 година го оценува како неуставно решението кое го нуди амандманот на ПДП-НДП , а тоа гласи: "имињата на националностите се запишуваат во оргинална форма...", значи на албански јазик, а во заграда се пишува на македонски јазик и кирилица. Тоа е оценето во образложението на тој закон како неуставно. Тоа беше и тогаш неуставно, тоа е и сега неуставно. Ова решение на Владата ниту било во комбинација тогаш да биде оценето како неуставно, тоа е сега во комбинација. Она што таа влада одлучи да го донесе како решение во личната карта, тоа е не решение на Минситерството, тоа е решение на Владата. Вакви решенија донесуваат владите, а министерствата ги подготвуваат. Јас можам да бидам во ситуација и да го бранам решението на законот за лична карта, кое ќе биде усвоено заедно со амандманите на ова Собрание кои ниту министерството ги подготвило, ниту Владата ги утврдила, туку Собранието ги усвоило. Тоа е нормална работа на министрите кои ги покриваат овие ресори. Оттаму морални прилики за различноста на стcovите или за некакво отстапување или дури за контраверзност, нудење на решенија кои биле оценети како неуставни, а сега уставни, е потполна дезинформација. Малку подетално читање на референците на кои се повикуваат пратениците многу лесно ги откриваат тие податоци.

Од друга страна во февруари месец 1992 година минатата Влада нуди решение во Законот за лично име, во кое во член 2 го нуди ова решение кое сега е во законот за лична карта. Потполно исто. Според тоа дезинформација е дека овие решенија се нудат од оваа Влада како израз на некаков компромис или некакво попуштање, или некакво договарање за да се одржи коалицијата или некому да се направи отстапка. Потполна дезинформација.Во овој случај одлуката на Владата да оди ова уставно решение кое сега е дефинирано се базира врз политичката одлука дека со тоа решение најдобро е дефинирана нашата позиција внатре во земјата, а исто така убедливо најдобро за што и директно водителот на групата за човечки права и даде изјава пред македонската јавност го задоволуваме нивниот поглед на тоа како треба да биде решено прашањето на личните карти. Оттаму позицијата на Маќедонија во таа ситуација е најсилна. Сите други решенија не ставаат во позиција да отвориме притисок за меѓународната јавност, да отвориме проблеми можеби и дома. Оттаму сметам дека амандманот кој е предложен треба да се отфрли, а треба да остане решението кое го нуди Владата.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Бидејќи ова не е во врска со дискусијата по амандманот не би земала нечиј друг ред, но бидејќи министерот учествуваше во донесувањето на Уставот и го знае Уставот како оче наш, заради разјаснување на дилемата ќе го замолам да објасни со кој член од Уставот ја брани уставноста на поднесениот амандман.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Господа пратеници, навкстика ли ни е толку стеснет умот да после овие два дена на расправа да не може да биде јасно точно по кој член се подведува ваквата одредба на законот.Имено, членот 7 ја дефинира официјалноста на македонскиот јазик на цела територија на Република Македонија. Во овој случај тоа значи дека документот, а документот е личната карта, не името во него, не насловот на личната карта, во документот лична карта, туку целината на документот да е напишана на македонскиот јазик. И тоа е така. Не може таа целина и таа официјалност на јазикот да ја загрози превод на еден збор во неа или еден термин во неа. Јас ви дадов претходно пример. Ние можеме да бидеме еднонационална држава и од причини на опортунитет го преведеме името односно насловот на документот , лична карта и името на носителот заради меѓународна комуникација со истиот документ како што има случаи. Личните карти на Германците се тројазични затоа што служат и како пасоши во еден дел на Средна Европа.Второ, исто така стеснетоста на умот не не доведува во овој момент да ги погледнеме нашите примери само северно од границата на Македонија каде што двојазичноста на картите оди надвор од автономната покраина во комплетна двојазичност независно што се работи за една држава која ја дефинираме како репресивна и како авторитарна. Оттаму решението кое го нуди Владата е токму решение , го одбивме решението кое го нуди пратеничката група ПДП-НДП, но го одбиваме и амандманот кој е предложен овде од споменатиот пратеник. Решението на Владата е оптимално. На него треба да се истрае. Тоа не е никаква екстремна опција, тоа е токму кон рационалниот компромис кој треба овој Парламент да го донесе и на него да се издржи.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Јас протестирам заради тоа што министерот од оваа говорница и вчера и денес употребува изрази кои што не му доликуваат. Сакам да апелирам - и денес и вчера беа изречени лични навреди од пратениците еден кон друг и јас Ви се молам заради дигнитетот на ова Собрание и заради дигнитетот на секој од нас пратениците поеди-нечно да нема лични навредувања и да нема едни вакви изразувања посебно од министерот кој што учествува во донесувањето на овој закон, кој што учествуваше во донесувањето на Уставот и во креацијата на оваа држава.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, македонски народе и граѓани на Македонија.Ова го кажувам со тоа што гледам салата се испразнува и морам да се обратам и до македонскиот народ и граѓани на Македонија.Господа пратеници сакам да бидам многу краток, со две реченици да не полемизирам многу, затоа што е доста искажано и речено сметам и апелирам до пратениците на овој Македонски Парламент кој ја сака македонската држава, кој се осеќа Македонец, во кого тече македонска крв, да го прифати овој амандман и еднаш засекогаш да ја завршиме државноста на оваа млада македонска држава. Да не се заваруваме со оваа каша што ја замеша оваа коалициона Влада и да не занесува во доглед овде да се расправаме ние, а тие да користат тука скарај па владај. Затоа ве молам последно овој амандман да го прифатиме и со тоа да ја заокружиме државноста на Македонија.

ЉУПЧО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници , во дневната расправа во Собранието на Република Македонија во врска со донесувањето на системските закони за државјанство и лична карта, исфрли на површина неколку прашања кои со право македонската јавност очекува одговор. Мора отворено да се каже дека веќе станува неодбеглива појава во работата на овој парламент при донесувањето на крупни законски проекти, или пак клучни поли-тички одлуки да се водат долготрајни, мачни и непродуктивни расправи кои во најголема мерка се натопени со страсти и емоции, а со тоа ги девалвираат целите и самиот чин на донесувањето и усвојувањето на соодветните закони, декларации или одлуки. Само да се потсетиме. Така беше при донесувањето на Декларацијата за сувереност на Република Македонија; распишувањето на референдумот, прогласувањето на уставот, Лисабонската декларација на Европската заедница, изборот на новата Влада и слично.Да не бидам погрешно сватен, во принцип не сум против и такви долги расправи, бидејќи се тие и дел од парламентарниот живот на секоја држава или општество, но сум против оној тип на рас-прави и дискусии кои постојано не враќаат на по.четокот на нашето работење како Паламент. Односно во една предуставна состојба или пак на неартикулисано политичко економско, социјално и национално општество. Впрочем дали поинаку и можат да се сватат одделни залагања во досегашната расправа по повод донесувањето на овие системски закони за државјанство и лична карта, освен како тенденција за ревидирање на некои уставни решенија особено од пратеници кои не гласаа за овој Устав од коалицијата ПДП-НДП или пак од друга страна каде постојано се врши акат или напад на Уставот и тој по желба се толкува, или преименува во национален устав, или пак се користат

национални термини како што е национално малцинство, кои што овој Устав не ги познава. Сега се поставува прашањето дали сме на пат да го изгубиме патот? Обично подзастануваме во оние моменти кога сме исправени пред некои крупни одлуки како што е поширокот меѓународно признавање на нашата држава, што се очекува кон крајот на оваа година. Јас мислам дека ние мораме да останеме цврсти и да ја увериме и светската јавност дека тоа го сакаме и сме заслужиле тоа и да бидеме. Оттаму мислам дека е крајно време да се ослободуваме од заблудата дека статусот на малцинството во Македонија ќе се решава некаде надвор врс сепаратни, автономни или пак некои други концепти на специјални статуси од конфедералистички карактер. Затоа мислам дека провидна стана практиката на таканаречената консензуална демократија која уставно не е предвидена, а која се сведува на класична тиранија со многу често напуштање на седниците на Парламентот од страна на коалицијата ПДП-НДП, ултимативни барања и условувања, па дури и непримерни изјави и провокации од поединци од типот ние сме 700 илјади или Скопје е центар на албанската култура и слично.Но, исто така ние мора да бидеме енергични и во осудите на појавите и обидите свесно или несвесно да се загрозуваат уставните слободи и права на секој поединец од било која национална или верска припадност со изјави од типот дека Албанецот ќе биде Македонец, Македонецот - Албанец, ако тоа го бара законодавството на независниот пратеник Тодор Петров.
И во односот и во едниот и во другиот пример се работи за антицивилизациски, антидемократски и протиуставни дејствија кои го рушат достоинството на секој човек без разлика на националната припадност и неговата верска определеност. Ова го потенцирам и заради фактот дека сите зла во едно општество потекнуваат од самиот човек

но воедно тој е единствениот кој може да се бори и да му застане на патот прво на сопственото зло, а после и на другиот. Не барем не се доволни секојдневните слики на масовни гробници, логори, етничко чистење на просторите, се поголемиот број на воени богаташи и профитери кои на сметка на човечките страдања, глад и сиромаштија ги заокружуваат лажните и привидни нови империјални држави, како што е случај Хрватска, Српска или Албанска. Затоа мислам дека декларативноста за сожителство на овие простори мора да се докажува со дела, а не со зборови кои некогаш звучат како куршуми. Држењето или чувањето на крајните цели на една политика, или на еднонационална програма во тајност , а уште повеќе тие да се косат со интересите на другиот нужно ќе предизвикаат судири посебно ако тие бидат од територијален карактер. Впрочем, од историјата знаеме дека сите лажни татковци на нациите кои многу лесно ги проектираа и во дело ги спроведуваа така наречените национални програми обично остануваат без добар дел од својот пород, а за породот на другите народи и да не зборуваме. Оттаму добар дел и во дискусиите денес и вчера има многу, и премногу и политички маркетинг што е резултат на изборите за трите пратенички места во Собранието на Република Македонија што се одржуваат на 1 ноември.Според тоа, да резимирам следното. Мора енергично да се каже не на политичката инструментализација на патриотизмот и гордоста од било која страна.Второ не, на етноцентризмот како насилна политика. Не на градењето на модерна историја со стари методи и средства на крајот од XIX век, не на воените поклици, повици и закони.

На крајот, најголема несреќа на секој народ се неговите божемни усреќители кои омразата и нетолеранцијата му ја сервираат на својот народ или националност како негов благодет , а со тоа го воведуваат во светот на самотијата и умирањето.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господинот Трпчевски има збор.Не бевте спомнати.
(збор бара господинот Борис Змејковски', процедурално) .

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:

Не се работи нешто посебно, би сакал само една исправка
да направам. Моето прашање беше упатено до господинот Стојан Ковачев а јас инстиктивно го спомнав Кирил. Видејќи влегува во стенограм да не биде името на Кирил Ковачев.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

На Змејковски треба да му е јасно, ако Змејковски некни гласаше за амандманот на Тодор Петров со кој што во Македонија треба да живеат само Македонци, тогаш и Змејковски е македонски националист,

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господин Змејковски.

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:

Јас морам да кажам и да се заблагодарам, бидејки сум македонски националист, еве веќе и такви карактеристики имам, ако ве  интересира тука е господинот Фрчковски, може да ви даде тоа на увид да видите, а пред се сакам да ви кажам зошто сум македонски националис и од кога ја имам таа карактеристика. Откога измеѓу од 70-та година па наваму, се до ден денес може да се каже баш го чувам ова знаме што е тука и ликот на Гоце Делчев и картата на целосна Македонија, господине. Јас се гордеам со таков македонски националиста. А што се однесува дали сум гласал за амандманот на господинот Тодор Петров тоа е лично мое право дали сум гласал или не, побарајте стенограми или снимки ќе видите дали гласав или не.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Процедурално, господинот Стефковски.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, излегов само  а кажам накратко. процедурално. Многу овде се употребуваше терминот македонски националисти, ваков националсит, таков. Ако прочитате било  која енциклопедија, ќе биде јасно  што значи зборот националист. Тоа значи човек што го сака својот народ (аплауз)

АЦО СПИРОВСКИ:

Јас сметам дека навистина не треба да се игра со национални чувства. Денес имаме закон од системско значење. некако

сваќам дека не се работи за национален интерес, ја искривува формата, тоа е негово право, и мислење. Меѓутоа, денеска ние токму реализираме нациоанлен интерес, господине.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Конечно, господинот Трпчевски има збор.

ДУШКО ТРПЧЕВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани дами и господа. Уште на почетокот би сакал да речам дека го подржувам амандманот на господинот Тодор Петров, а инкорпорираниот амандман на Владата на член 5, став 2 од Предлогот на законот за личнта карта што дискутиравме овде, го отфрлувам. Имено, Предлогот на законот на личната карта излезен од Владата некаде во септември али на првата страница од овој Предлог на закон стои дека Владата го разгледувала и го донела на 2 октомври. Од собраниска врата до пратениците и до телата на ова Собрание е искочено од 9 октомври оваа година. Во сето ова нема ништо лошо, сомнително, бидејки на член 5, став 2 за кој што дискутираме 2 дена и вчера и денес нема ништо сомнително. Меѓутоа, Владата, веројатно од нечии интереси погодена , таа на 15 октомври оваа година става сопствен амандман на овој Предлог закон и ота во ставот 2 каде што додава, покрај кириличното писмо и македонскиот јазик, се додава уште и да се пишуваат личните карти на писмата на нациоанлностиете што живеат во Република Македонија. И некој други дискутанти изнесоа податоци во врска со ова, од каде сега Владата ако донела еден соп ствен закон, Предлог на закон кој што го доставува во собраниска процедура и да се изнесат телата односно пратениците и на оваа седница да се реши,таа да става амандман, со кој што овие дава ден ни на овој амандман, односно амандманот на Тодор Петров се кршат

копја кои ќе победи, амандманот на Тодор Петров или пак другите пратеници кои што дискутираат спротивно за овој амандман. Тенденцијата на мојава дискусија во овој момент е следната. Зошто Владата не размислила малку и за овој момент, два дена само да се дискутира само за еден амандман, а дали тоа денес ќе го разрешиме, доенсеме односно прифатиме или пак отфрлиме, тоа е сосема друго прашање. Дали утре  или некој друг ден од наредната недела.
При донесувањето на предлозите на закони или пак најпрвин Нацрт итн. , Владата мора многуд а води сметка во тој поглед. Затоа што јас во амандманот на Владата што ни го достави од 15 октомври никаде не видов никаква уставна основа на која што се донесува овој закон. Имено, Владата се повикува на член 330 од Деловникот на Собранието на Македонија каде што таму секој може да погледне пишува чисто процедурални начини на кој начин се поставува амандман. Јас мислам дека една таква неозбилна работа за која што Владата се фатила да ни докаже дека е во Уставно право, мислам дека тоа не држи. Во образложенито на овој нивни амандман од 15 октомври стои сосема друго образложение, наведувајки сосема да бидам поубедителен тоа и би го прочитал вака: Образложение. Оценка е на предлагачот дека понуденото решение ја запазува усогласеноста со Уставот на Република Македонија и истото не ја задолжува употребата на македонскиот јазик како службен јазик и неговото кирилично писмо. На овој начинпрактично ќе се овозможи да се надминат потешкотиите околу запишвуањето на имињата на анционалнсотите, заради специфичноста на одредени гласовни способности (вокали) на нивните јазици.  Се утепав барајќи во Уставот на Република Македонија, никад ене најдов уставна основа по која што може да се доенсе овој амндман на член 5, став 2 од Предлогот на законот за личната карта. Некој од дискутантите и од претставниците од Владата и тн., односно господинот Фрчковски што се повикува на член 7 од

Уставот на Република Македонија, поготово став 1, мислам дека не држи никаква основа. Иако не сум правник, тоа правниците можеби многу поубаво ќе можат да го објаснат дека навистина нема никаква законска основа, поготово што и  Законодавно-правната комисија на својот состанок до 19 октомври го отфрлува овој предлог однсоно овој амандман на законот на владата како не уставен. Според тоа, почитувајки ги пратениците во оваа комсија на Собрание мислам дека би требало и да им се верува. Не можамд а најдам Уставна основа и во член 48 на Уставот на Република Македонија,ниту пак во член 115. Според тоа, мислам дека  ако се дава само една политичка конотација на овој амандман да се вгради во овој член 5 на Предлогот на законот за личната карта во став 2 , тогаш не држи, затоа што овој документ на личната карта нема политички карактер, туку има сосема едно свое ограничено, јасно, темелно или темелен документ кои што се употребува на цела Република Македонија. Според тоа политичка конотација да му дадеме на оваа работа во овој момент мислам дека стварно нема никаква смисла. Политичките конотации би можеле да ги даваме на нашите партискисостаноци, но и таму би требало тие да бидат со Програмта на политичакта партија зацртани. Според тоа го подржувам предлогот наамандманот на господинот Тодор Петров.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господинот Ванчо Младенов.

ВАНЧО МАЛДЕНОВ:

Почитувани пратеници, веќе трет ден сме овде во оваа сала и со можното внимание ги следев сите дискусии, кои беа досега и морам да ви кажам дека извлеков еден заклучок дека на некој начин ја репризираме седницата од скоро една година кога го донесувавме

Уставот на Република Македонија. Иако тогаш можам а најдам оправдување за сите дискусии и сите аргументи кои беа досега дадени, мислам дека и вие ќе се сложите дека имаше оправдување. Меѓутоа, денеска кога Уставот е доенсен и кога тој Устав веќе е на снага скоро година дена, навистина ќе ми дадете за право да оценам дека сите овие дискусии со исклучок на оние кои беа навистина конструктивни, корисни и добронамерни, мислам дека не дадоа и не даваат плод, туку напротив еве потрошивме три драгоцени денов! со кои можевме многу поуспешно и побрзо да завршиме не само овој закон, туку и други закони кои им се така неопходни на нашата држава за да можат да ја подобриме состојбата на граѓаните во нашат Република. Меѓутоа, што е тоа , тукае. Од таа причина јас би сакал во овој момент да ве потсетам дека токму тој Устав кој ние го донесовме на некој начин многу прецизно и јасно, по мое мислење како јас го толкувам, а јас и тогаш се залагав Уставот на Република Македонија да го донесеме и да биде таков да не го разбираат само правниците, туку тој да биде разбирлив за сите граѓани на Република Македонија, бидејќи тој е Устав не за правниците, туку за граѓаните на Република Македонија. Би ве потсетил на член 51 од Уставот на Република Македонија во кој вели: "Во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законите. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите". Оттука, мислам дека и овој Парламент и Владата и сите треба да го почитуваат и Уставот и законите за да можеме навистина да постанеме она што посакуваме-правна држава. Оттука, сакам да потсетам дека, јас незнам зошто се рпават дилеми, да не кажам и кај одредени институции, и член 7 , кој на некој начин сосема на свој начин го толкуваат.

Јас , иако беше можеби во досегашната расрпава веќе прочитан тој член 7, ќе ми досзволите уште еднаш да го прочитам и заради нас сите и заради јавнсота за да на некој начин осознаеме и да видиме каде сме и што правиме. Член 7 гласи: "Во Република Макеонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо" Тоа е став 1 од член 7. овдека повеќе се дискутираше за став 2 и став 3 и на некој начин се бараа аргументи да може да се оправда едното или другото решение. Јас сакам да ги прочитам па да ги кажам онака како јас ги толкувам и како јас ги размислувам овие два става. Во став 2 се вели:"Во единиците на локалната самоуправа кои како мнозинство живеат припадници на нациоанлностите во службен употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо, се и јазикот и писмото на нациоанлнсотие на начин утврден со закон". Ние такво закон до денес немаме донесено. Оттука, јас незнам како можеме сега да применуваме нешто или да тумачиме или да бараме да биде применето нешто што овој Параламент не го донел^^не е на снага По мене , практично, од овој член 7 , став 2 според моја оценка не е во функција, односно не е ставен во функција од причини што немаме донесено закон со кој ќе се регулира употребата на јазикот на националнсотие во оние места на нашата Република каде нив ги има во поголем или во значителен број.Исто така, во став 2 од членот 7 се вели:"Во единиците на локаланта самоуправа во кои како значителен број живеат припадници на нациоанлностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо, се јазикот и писмото на националностите под услови и начин утврден со закон". Повторно потенцира "утврден со закон". А тој закон реков, барем јас мислам дека го немаме донесено. оттука , мислам дека овие дава става од член 7 не се

во функција, а во функција до овој момент и досега , по моја
оценка, лична оценка е само ставот 1. А ставот 1, уште еднаш ќе се потрудамд а го цитирам гласи:"Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо". Мислам дека ова на секој граѓанин во нашата Република треба да му биде јасно и да го прифати како факт. Она другото што беше досега дискутирано мислам дека на некој начин претставува желба да можеме одредени состојби во нашата Република да ги ставиме во онаа мерка во која ние посакуваме да бидат ставени, за да немаме поттик за развој на национални немири, за нациоанлни недораг бирања, нациоанлни комфликти итн. Меѓутоа, мислам дека тоа треба да ни претставува, пред се, задача на Владата да подготви одреде-ни закони и прописи со кои сето тоа ќе биде законски регулирано за да можеме ние како Парламент таоа да го верифицираме. Оттука сите овие недоразбирања, кои по моја оценка овие три дена на некој начин беа присутни и се бара од секоја страна аргументи за да можеме да го докажеме своето размислување, мисла лично еве читајки го ова што е овде напишано дека недржат и навистина изгубивме три дена за да дојдеме пак на она што на некој начин треба да биде наша единствена обврска, пред се на нас како парламентарци да го почитуваме Уставот и да ги почитуваме законите.
Јас повторно ќе кажам, бидејќи овдека и најмалце со овој документ кој е на дневен ред односно законот за лична карта воопшто не треба да се свати дека тука треба да се дискутира за употребата на јазикот итн. Ова е документ според моја оценка кој е државен документ. Лична карта на граѓаните на Република Македо-нија. Не е тоа лична карта на граѓаните на одредена локална самоуправа или на одреден дел од нашата Република. Тоа е документ

кој треба да биде за сите граѓани на Република Македонија. Според тоа, тоа е државен документ. А тој државен документ треба да биде усогласен со Уставот на Република Македонија. Оттука, на некој начин во прв момент кога беше даден заради да можеме да постигнеме одреден консензус, одреден договор, одредено разбирање во овој момент на некој начин ми беше прифатлив, односно ми е прифатлив амандманот  кој е доставен од колегата на Социјал демократскиот сојуз Наќе Стојановски, меѓутоа, тој, веројатно ќе биде предмет на расоправа подоцна. Но, според ова мислам дека овие дилеми кои беа на некој начинприсутни и кои беа толку време аргументирани и потенцирани морамд а ви кажам, навистина, ќе се сложите со оваа констатација што уште на почетокот ја реков дека ја репризиравме седницата  на доесувањето на Уставот на Република Македонија, а мислам дека ова во овој момент не ни беше потребно.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господин Стојанвоски. Дали реплика или се пријавуваш за дискусија.
Госпоѓица Јумеровска.

ГУЛИСТАНА ЈУМРОВСКА:

Почитувани пратеници, денес на оваа говорница се изрече толку многу омраза, толку многу енергија се потроши, според мене, сосема беспотребно и бескорисно. Видете, почитувани пратеници јас  и припаѓам на ромската националност. Ова од говорницата го изјавувам по прв пат. Не, заради тоа што од тоа се срамувам, ниту заради тоа што со тоа се гордеам. Тоа е составен дел на мене, на мојот етникум и тоа никој неможе и несмее да ми го одземе.

Ниту сега, ниту натаму не претендирам да ја претставувам само ромската националност. Ќе се прашате зошто. Јас сум во оваа држава, пред се граѓанин еднаков со сите други, адекватно на тоа и со албанците.Имам едно прашање до Владата, чии што одговор, ми се чини дека однапред го знам. Дали со допишување на името и презимето на јазикот и писмото на националноста во личната карта албанците и сите други, адекватно и јас ќе имаме повеќе права со самото покажување на личната карта, ќе добиеме работа, храна и се друго повеќе,отколку оние другите обичните граѓани неоптеретени со својата националност. Одговорот е сигурно не.Сите ние направивме еден многу либерален граѓански Устав за сите со исти права и сити обврски. Сите ние имаме само една држава. Тоа е Република Македонија. Нејa мора да ја сакаме и мора да ја почитуваме. оти само тука сме дома. Секаде сме туѓи и странци. Затоа правилата и нормите на државата Република Македонија за сите мроа да бидат исти и еднакви. Инаку, секогаш ќе има такви кои пот плаштот на народот или на националноста ќе бараат нешто повеќе од она што на сите нас еднакво ни следува како држав-јани на Република Македонија. Затоа, го прифаќам понудениот амандман.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

На ред е господинот Петров, но дали ќе сочекате како предлагач на амандманот и другите да се искажат?
За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Јас сум свесен дека вечрава во 18,30 часот по ваква расправа што се водше во Парламентот, иако атмосферата малку стана конструктивна и примерна за работа за да можеме да се сослушаме еден со друг но оставаат во тензија сите недоличности што овде беа изречени од оваа говорница кај секој пратеник во сопствената свест има одредени белези што имаат свои реперкусии. Но, и покрај таа свест кај мене, јас ќе ја искористам приликата да го кажам сопственото мислеше по овој спорен член, всушност како што често е кажувано од оваа говорница, можеби не толку за да дадам конструктивен придонес во расправата туку да си ја олеснам својата совест во ваков момент затоа што изречените работи и залагања по овие клучни моменти ми се чини дека остануваат во трајна белешка и нека се бележи за идните генерации кој и за што се залагал,а во тој мој исправен став, што го сметам дека е таков имам покрепа во тоа што многу души вчера и денеска и неќни, а поготово денеска од оваа говорница можеби помеѓу секој трет збор кажан овде се повикуваа на Уставот на Република Македонија. При тоа, јас слушајќи внимателно сите говорници се потсетив на времето кога го носевме уставот кое време не беше далечно нема уште година дена и дека бевме во иста прилика и тензија и видно е кој како од пратениците се залагаа за Уставот тогаш. Многу сум среќен и задоволен што денеска се рече во задните редови попладнево, гледам добар дел од пратеници кои тешко гласаа за Уставот во тие моменти со тешки политички убедувања

а и добар дел од пратнеиците кои воопшто не гласаа за Уставот жестоко се повикуваат за Уставот денеска и за неговата примена. Тоа е за мене лична сатисфакција за она време од октомври минатата година кога го носевме Уставот. Во положбата во која лично се најдов, само тоа сакав да го кажам. "Инаку, самиот чин на повикување на Уставот и уставноста од оваа говорница скоро на секого во овој Парламент, вклучително и мене сега понатаму кога ќе сакам да кажам за амандманот зборува во недостаток на аргументација на самите пратеници. Лично сметам и покривајќи се на свој начин впечатоците што ги остава Уставот за можноста или неможноста за вакво или онакво решение, добар дел од пратениците сакаат да се задскријат дека постои норма која дава или не дава и јас се повикувам на нејзе и друго ништо не ме интересира.(Пратениците воопшто не внимаваат што се зборува од говор-ницата)Ве моалм почитувано претседателство, да ми овозможите да се искажам затоа што јас внимателно ги слушав сите.(Потпретседателот Петковски ги опоменува пратениците.)Сакам да се изјаснам за членот што на некој начин се оспорува овде од Предлогот на законот и во контекст на тоа и за амандманот на господинот Тодор Петров. Исто така ја користам приликата да кажам неколку збора и за мојот аманДман затоа што веројатно по оваа расправа можно е при гласањето за овој амандман, мојот амандман да стане безспредметен и ќе немам прилика да кажам, а сакам да кажам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Повелете за овој амандман господине Наќе.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас господа можеби ќе ви биде парадоксално моето кажување, но тврдам дека и амандманот на господинот Тодор Петров и решението на Владата што е во предлогот по мене се во согласност со Уставот. Тоа никој не го кажа затоа што едни  што тврдеа од оваа говорница дека решението на Владата е противуставно имплицираа дека решението на Тодор Петров е уставно и затоа треба да се прифати. И толку беше аргументацијата. Обратно оние што тврдеа дека решението од Владата е уставно, имплицираше веднаш дека решението на Предлогот на господинот Тодор Петров може да биде противуставно. Тоа е од таму што решението и на амандманот на господинот Тодор Петров и на предлогот на Владата спрема мене се во согласност со УСтавот од причини што двете решенија ги гледам како еднојазични на државниот документ на личната карта. Тоа е моето поимање на тој  докумен со лична карта кој исто така е дефиниран со сите  свои останати елементи. Име на Републиката, матичниот број, бројот и тн.Како го разбирам решението на предлогот на Владата во делот каде предвидува дека за националностите за името во заграда по името и презимето на македонски јазик и неговото кирилично писмо да се пишува и во изворна форма на јазикот на националностите го разбирам како право на личен идентитет на секој граѓанин во кој не  траба и нема право никој да задира поготово нема право да задира во тоа доколку задирањето ја навредува личноста.Јас можеби се сеќавате на некнешната седница од невнимание господинот Тодор Петров повикувајќи се овде реков Тошо Петров, па тој реагираше со право, како што некој мене да ме викне мене несогласно со она како што се викам и јас би реагирал затоа што не

сум по таа идентификација, а од каде правото ако јас не сакам мене некој да ме преидентификува да барам другиот да го преидентификувам, да го преидентификувам господинот Тодор Петров. Јас затоа му се извинив.Но, во тој контекст јас би сакал да кажам дека мојот амандман го надополнува предлогот на Владата во смисла на тоа евентуално решението на Владата доколку би било прифатено не стане основ за натамошна евентуална злоупотреба во практиката. И второ, имавме добар пример сега пред мене припадник на националност во Република Македонија госпоѓата Јумеровска кажа дека за нејзе е тоа навредливо. Од каде ние сега ексофициос со законот да создаваме обврска, како што е дикцијата на Законот, за сите припадници на националноста да го акцептираат тоа право ако не  го сакаат. Тоа го овозможува мојот амандман и тврдам дека многу поединци припадници на националностите и групациите во Република Македонија тоа право, ако стане задолжително, ќе го сметаатза навреда затоа што ќе сака да се интегрира целосно или се во мешани бракови или се во  други можни ситуации каде нивното име целосно кореспондира со фонетиката на македонскиот јазик.Оттаму можноста што ја дава мојот амандман, Владата еве има мислење не го прифаќа тоа, јас инсистирам и понатаму да остане амандманот,со самото поднесување на барањето, барателот да искаже право и само тогаш да се користи тоа право.Со тоа се овозможува добар дел и од техничките проблеми  кои беа овде со право дискутирани отпаднат во самата практична примена затоа што и името на националностите првенствено ќе се запишуваат со изводот од матичните книги на родените кој ќе гласи на македонски јазик и неговото кирилично писмо, додека во заградата ќе биде

по лично барање што ќе се поднесе на самиот барател кој го сака тоа и воопшто не се навлегува во државните ингеренции на Република Македонија. Оттаму да се става во контекст на спротивност на членот 7 од Уставот на Република Македонија. Мислам дека е тоа еден цивилизациски приод кој треба да го акцептираме и кое може ова недоразбирање што несреќно е настанато да даде соодветен продуктивен излез за граѓаните на Република Македонија било од која националност да се тие.Јас ви благодарам за вниманието и не сакам повеќе да ве гњавам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

За збор се јави господин Драги Арсов.

ДРАГИ АРСОВ:

Почитувани пратеници, и покрај сите објаснувања што ни беа дадени овде сепак мислам дека свесно се темпирани оспорувањата на македонскиот јазик да не биде службен јазик во Македонија.Се оспорува една од најзначајните придобивки не само уставни, туку како што некои веќе рекоа и АСНОМ-ски, бидејќи во темелите на Македонската државност со посебна одлука македонскиот јазик за прв пат беше вграден како службен јазик. Неприфатлив е предлогот во личната карта како јавен државен документ имињата наместо само на службениот јазик да се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите. Не господа пратеници, ако велиме дека според Уставот службен јазик во Република Македонија е македонскиот, тогаш да разговараме со јазикот на аргументите а не со закани. "Разговор со закани според мене значи непостоење на аргументи, а јас сакам за амандманот со аргументи да зборуваме

и во прилог на тоа ке наведам дека непочитувањето на македонскиот јазик како службен јазик од страна на националностите поточно на претставниците на албанската националност практично значи непочитувањс на правниот поредок на земјата во која живеат.Очигледно е дека дел од пратениците на ПДП и НДП и нивниот политички врв не сакаат да ја прифатат Република Македонија како своја татковина туку само како објект кој очигледно намерава да ја наметнат својата власт со негаторскиот однос спрема она се што им е дадено, тие ги надминуваат бројките на националностите според бројот што го имаат и со Уставот на Република Македонија и со меѓународните акти. Дали тие сакаат нешто повеќе од она што им е дадено со уставните и меѓународните норми за националностите нешто повеќе од сите тие права помеѓу кои се и правото на идентитетот, културата, вероисповеста и слободното користење и употеребата во јавниот и приватнио живот на својот јазик и писмо и правото на образованието и тн.Се разбира и низа други човекови права и слободи што се запишани во нашиот устав и во другите народни документи што се внесени при изработката на нашиот устав. Тука сигурно е внесено, се разбира, и правото на слободното изразување. Но и покрај сето тоа пак ќе повторам очигледно е дека некои од националностите Маке-донија не ја сакаат како своја татковина, туку како објект на кој сакаат да ја наметнат својата контрола. Правата на националностите не се права ако дозволуваат такви права што се спротивни на начелата не само на Уставот на Република Македонија, туку и на меѓународното право. Се оспорува не само службениот јазик, туку и заокружувашето на македонската државност со постојано негирање дека Македонија не

е национална држава, туку граѓанска и со негирање на се друго што е национална придобивка на македонскиот народ неспорно длабоко се навредува националното чуство и достоинство на македонецот. Нсапроти историската вистина и дефакто и дејуре дека Република Македонија се простира на целокупната територија во рамките на своите граници и дека врз АВНОЈ-ските принципи со постојните и јасно одредени републички граници е влезена во СФРЈ, сега таа македонска територија се преуредува со некакви нови граници, а со претензи за територијална и политичка автономија. Не господа пратеници од ПДП и НДП, миграционите движења и врз таа основа населените подрачја во Македонија никогаш не можат да бидат причина за присвојување на туѓа територија, а македонската територија не момже да биде и албанска територија.Во прилог на ова што го реков на крајот само ќе додадам дека ако македонската територија која е македонска, тогаш личната карта е јавна исправа предвидена за користење само на територијата на Република Македонија, а не и за територија за друга држава. Дали некој сака лична карта на албански јазик за територија на некоја друга држава, ако такви барања има, тогаш вистината е сосема јасна. За таква територија за каде што се бара лична карта на албански јазик, таква територија очигледно некој не сака да биде македонска. Да не дозволиме настаните да добијат таков тек. Од тие причини апелирам да го прифатиме амандманот на господинот Тодор Петров.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор госпоѓицата Доста Димовска.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Господа пратеници, пред да го кажам своето мислење за амандманот, сакам да укажам на една навистина, поточно, веројатно ненамерна грешка од страна на министерот Љубомир Фрчковски, кој што во врска со излагањето на пратеникот Борис Змејковски демантираше дека постојат неколку верзии на законот за личната карта. Јас имам тука, пред мене две верзии (ги покажува двата примероци на предлозите на законот за личната карта) на законот за личната карта, јасно дека првата верзија е предложена од министерот Љубомир Фрчковски, предложена е во април 1992 година, а ова  е втората верзија од септември 1992 година. За разлика од првата верзија, во втората предложена верзија на Предлогот на закон за лична карта се наоѓа и токму овој амандман на Владата што е изложен на најостра критика од страна на поголемиот дел од пратеничкиот состав.Исто така, господинот Фрчковски во своето образлагање на поселдната верзија на Предлогот на законот за личната карта се повика на некои демократски принципи, јас лично бев убедена и верував дека господинот Фрчковски е демократ пред да стане министер во т.н. експертска Влада и сега министер во коалиционата Влада, меѓутоа за време на неговиот мандат се случија многу настани кои што, апсолутно, ако сакаме да говориме за демократија не можеме да ги прифатиме, исто така да ги прифатиме како уставни и законски. Тоа се настаните во Куклеш, Радовиш, Радолиште, велешкиот случај, прислушкувашето на политичките партии и тн. Затоа апелирам да не го оправдува Предлогот на законското решение во име на некаква си демократија.

Исто така, како пратеник сакам лично да се оградам од сатанизацијата врз пратеникот Тодор Петров, која што беше спроведена тука од страна на некои пратеници, во типично авторитарен -тоталитаристички дух заради предложениот амандман од страна на пратеникот Тодор Петров кој што се базира на неговото лично убедување, тој беше наречен и со етикети дека е фашист, расист и што ти не. Јас мислам дека тоа не доликува на еден, навистина демократски парламент и на демократски ориентирани луѓе.Исто така, сакам да укажам на вештите манипулации што беа изнесени во аргументите на поголемиот дел пратеници, каде што Македонија се споредуваше со Швајцарија дека односите во Македонија треба да бидат особено, правата, уредени како во Швајцацарија, имено алудирајќи на кантонизација на Македонија. Исто така, ваквото образлагање на убедувањата на поединечните пратеници не можам да го прифатам. Се работи за сосема различни држави, за држава македонска во која што се знае кој е матичниот народ, Тоа е македонскиот народ и големиот број на национални малцинства кои според Уставот ги имаат определено своите права.Што се однесува до предложениот амандман на пратеникот Тодор Петров се залагам да се изгласа предложениот амандман на член 5 од Предлогот на законот за лична карта, пред се, поради тоа што ценам дека тој е во согласност со став 1 од член 7 на Уставот, според кој што Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Сите поинакви решенија што се нудат од страна на Владата и на нејзиниот ресорен министер господинот Фрчковски се непринципиелни и калкулантски.Ме зачудува што истиот министер беше и член на ексепртската група за изработка на Уставот, во кој што јасно е дефинирано

кој е службен јазик во Македонија. Оттаму, како е можно сега истиот министер да ни понуди :две верзии на законот во кој различно се третира употребата на јазикот и писмото. Дали сето тоа е заради извршените политички притисоци и закани од страна на партиите на албанската националност, ПДП и НДП. Ако е така, дали е можно некој вклучувајќи го и министерот, законските принципи да ги гради на тој начин, дали може предложените решенија да се прифатат како валидни.Промената на ставовите и заложбите за соодветни решенија во законот создаваат впечаток дека во Република Македонија поедини, т.н. врвни стручњаци правото го толкуваат врз основа на моменталните политички потреби кои што ги гледаат според нивната субјективна оценка.Оттаму резултира општото непочитување на правната регулатива во македонската држава и појава на притисоци, уцени, мито и корупција. Класичен пример за ваквата честа промена на законските решенија е т.н. амандман на Владата на член 5 од законот со кој што се предлага личните карти на припадниците на националностите да се пишуваат покрај на македонскиот и на јазикот и писмото на националностите. Со ваквиот предлог се изигрува уставната одредба за службена употреба на јазикот и писмото, според која што единствен службен јазик во Република Македонија може да биде и е македонскиот јазик.Според највисокиот законски акт јасно е определено дека јазикот и писмото на националните малцинства можат да бидат третирани врз основа на закон само за потребите на локалната самоуправа. Уште повеќе што надлежностите на Министерството за внатрешни работи не се третираат со законот за локалната самоуправа. Од тие причини се залагам да се изгласа предложениот амандман кој што е врз основа

на Уставот член 7 став 1. Секое друго решение како многу пати досега би било кршење на Уставот и на штета на македонските државни и национални интереси.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господин Мурати.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Господа пратеници, јас ќе се повикам на Уставот односно неговиот член 7 кој различно го интерпретираме. И јас не сум правник, немам доволно знаења да го толкувам онака како што го толкуваат правниците, меѓутоа ќе се обидам по логиката на нештата да ја аплицирам во практиката. Во никој случај не се негира службената употреба на македонскиот јазик и неговото кирилово писмо во Уставот и :во амандманот на господин Петров. Тоа е сосема во ред. Мислам дека ниеден пратеник-Албанец не го негираше правото на службената употреба на македонскиот јазик и неговото кирилово писмо.Второ, за јавноста на Македонија не само за македонските граѓани, туку и за тие кои што ние овде ги претставуваме, да кажам дека членот 7 има и два други става а тој беше првиот став. Во вто-риот став и во третиот став има битна разлика. Според тоа, предло-гот на Владата изнесен во законот за личната карта се однесува, според логиката на Уставот на третиот став на член 7, во кој вели "во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадници на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо е и јазикот и писмото на националностите под услови" го подвлекува зборот "под услови пропи-шани со закон", кој закон сеуште го немаме, а членот 7 ставот 2, ќе го цитирам "во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозин-

ство живеат припадниците на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон". Овде нема збор "под услови" што подразбира дека личната карта на националностите, на Албанците кои што живеат во локалните единици на самоуправата каде што тие сочинуваат мнозинство ќе биде двојазично. Јас не гледам никакво лошо интерпретирање на член 7 став 2 од Уставот каде воопшто нема никакви други забелешки односно услови дали тоа ќе се применвува паралелно со македонскиот и јазикот на националностите. Тука сметам дека логиката е и според тоа овде станува збор таквите локални единици на самоуправата каде што националностите се во значителен број, а тој значителен број сеуште не сме го определи-ле дали е тоа 5%, 10 или 15%. Тоа е прашање друго и веројатно со некој друг закон ќе се уреди.Бидејќи излегов сакам да истакнам - се наоѓаме на пат да го изгубиме патот. Веројатно ќе се вртиме во круг со дискусиите,бидејќи има и други амандмани, па ќе се повторуваме во се и сешто. Затоа предлагам да ја прекинеме седницата, да најдеме, да обезбедиме подобро време за расправа и дискусија, да се убедиме и разубедиме во аргументите што ги презентираме овде, а со тоа да смогнеме и сили навистина да го толкуваме Уставот така како што се толкува.Законодавно-правната комисија уште еднаш во целосен состав да го преиспита сето тоа што значи, членот 7 од Уставот и да одлучуваме за ова.Второ, предлагам, бидејќи оваа седница е маратонска, историска и тн., меѓутоа има свој прилог. Донесовме определени закони, останаа уште два овој за кој што расправаме и законот за грбот на Република Македонија. Секако значајни се двата и затоа предлагам овие два закона да се донесат односно да се префрлат на

една друга седница, не 41-ва, дали ќе биде 51, 52 или 53 и тн., со што, навистина, да обезбедиме време квалитетно да расправаме за законите без да имаме дилеми и проблеми.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Добро, молам, еве да се произнесеме по овој предлог на господинот Мурати.Молам од службите да ги повикаат пратениците во врска со предлогот за да се произнесеме. Сега му давам збор на господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитувани пратеници, моето искажување е процедурално односно деловничко. Би го замолил претседателот на Законодавно-правната комисија, а би било потребно и претседателот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана една работа де-ловнички да ја расчистиме. Бидејќи немаме нов Деловник,со стариот Деловник се служиме со аналогија на органите,кои што во стариот систем, собраниски, постоева, зашто таму имаше одбори а овде имаме комисии.
Ние имаме извештаи на двете комисии на Собранието и очигледно е нешто, а тоа е дека Предлогот на законот за лична карта Законодавно-правната комисија констатирала, цитирам, "дека предложеното решение не е во согласност со член 7 од Уставот на Република Македонија, според кој во Република Македонија службен јазик е ма-кедонскиот јазик и неговото кирилично писмо". Комисијата пак, за внатрешна политика и општонародна одбрана, како матична комисија за овој закон, на Собранието му предлага "да го разгледа и усвои Предлогот на законот за личната карта".

Стариот Деловник со членот 305 санкционира кога две ра-ботни тела ќе дојдат во колизија во однос на предлогот по кој Законодавно-правната комисија се изјаснува од аспект на законитоста, односно уставноста, тогаш процедурално Деловникот предвидува постапка на усогласување односно матичната комисија во овој случај аналогно на Деловникот ќе треба да го применуваме, би требало да го разгледа извештајот на Законодавно-правната комисија и да види дали ќе се усогласи по однос на него. И во случај да не се усогласи, тогаш ставот по предлогот, во случајов Предлогот на законот за лич-ната карта, по основниот спор го прави самото Собрание. Во таа смисла прашањето ми е дали оваа процедурална техника предвидена со Деловникот за работа на Собранието, кој не е соодветен на новото конституирање на Собранието и работните тела, дали може да помогне чисто правнички, иако го имаме ставот на Владата за уставниот основ и тн.,да помогне, како би можеле од тој аспект да ни бидат чисти работите и мислам покасно полесно при гласањето пратениците би се однесувале.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јa само да ве потсетам, бидејќи голем број на пратеници влегоа дополнително во салата, господинот Мурати предложи да прекинеме со работа за да се даде можност двете комисии Законодавно-правната и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана да се усогласат (од место интервенции), јас само го објаснувам ова за дојдените пратеници за да бидат во тек. Да се прекине седницата или на некоја друга седница да се расправа.Има збор господин Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, не се јавувам редовно за дискусија, и

макар да имам намера да дискутирам по овие предлози, меѓутоа сега сум овдека повикан од господинот.Зоран Крстевски за усогласување на ставовите помеѓу матичната комисија за внатрешни работи и Законодавно-правната комисија.Сакам само на една работа да укажам - Законодавно-правната комисија застана цврсто на стојалиште дека оваа одредница што ја дава Владата е неуставна. Овдека самиот министер, од оваа говорница дословно се изрази дека ако стане збор за неуставност, тогаш е одредницата од став 1 за важење на оваа точка 5 за цела територија. Што значи дека и самиот предлагач односно Владата ни нуди едно неуставно решение. Ако господинот министер заборавил што рече овде, јас ќе го замолам водителот на стенограмот, да го прочита и дали ќе има потреба од тогаш да го прифатиме предлогот на Зоран Крстевски или не.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор министерот Фрчковски.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:
После комплиментите кои господин Стојановски на минатата седница кога се расправаше законот за државјанство си ги даде на Законодавно правната комисија и сегашните негови расправи во Владата се разви дилема да не се работи за Бадинтеровата комисија а не за Законодавно правната комисија. После таа дилема се разреши со тоа што Законодавно правната комисија даде две погрешни толкувања за прашањето закое расправаше. Едно од тие е ова што сега го брани. Имено, дека Предлогот на законот на Владата не е во согласност со Уставот на Република Македонија. Во овој случај веќе кој пат, четврти пат повторувам дека во вакви ситуации на блокада потполно каде што постојат различни мислења не повикувајќи се на правната основа туку од политички причини, петиот пат да го повторам дека законот е во согласнот со Уставот во потполност, веројатно нема да има потреба. Уставниот основ по кој Законот е предложен е членот 91 каде што Владата има  можност да предлага закони, а Собранието ги донесува по член 68, а не по член 7. Туку законот, неговата заснованост или врската со прашањата кои ги решава може да биде предмет и членот 7 во однос на употребата на службениот јазик. Во тој член Законот е во потполност во согласност со Уставот .Второто прашање кое се повтори дали треба законот да се одлага додека не се донесе закон за користење на јазиците на националностите исто така потполно не држи бидејќи воопшто не е сигурна Владата и во минатиот состав и во овој состав воопшто незнае дека таков закон треба да се донесе како еден закон. Она што во Уставот се упатува решавање во согласност со закон, тоа не значи единствен закон. Значи во согласност со закон. Во овој случај тоа е законот

за личната карта, за други прашања ќе биде Законот за локална самоуправа, за трети прашања ќе биде Законот за матични книги. Тоа е во согласност со закон,  тоа не значи еден закон. И воопшто не сум сигурен дека таков закон воопшто ќе биде донесе и потребно е да биде донесен. Отаму врзување на овој закон, за таков закон нема никаква основа.Одлагањето додека не се спојат законот за лично име и матични книги со овој закон исто така нема смисла бидејќи тие се на дневен ред на 51-та седница која е после оваа седница и таквото одлагање временски не носи ништо. Во пакет се дадени решенија кои се конпатибилни со овој закон. Според тоа, решението кое ќе се усвои од Собранието со овој закон соодветно ќе влијае врз следните два закона, и едното и другото решение. Според тоа нема потреба да се спојуваат. Се плашам дека целата дискусија ќе се повтори повторно. Ако е тоа цел на Собранието тогаш може да го одложи.Од друга страна имам еден коментар кој се јавува перманентн намерно во дискусиите дека се рабори за употреба на јазикот на на-ционалностите односно за двојазични лични карти. Повторно тоа е намерна манипулација . Се работи за еднојазичност на личната карта на целата територија на Република Македонија, а се преведува само името и тоа конечно треба да биде јасно. Не се работи за никаква двојазичност на личната карта.
И трето прашање користење на терминот унитаризам со некаква негативна конотација мислам дека влече корени од тоа што унитаризмот како политичка теорија се напаѓаше во бившата СФРЈ: Македонија е унитарна држава. Поголемиот број на демократски држави во светот се унитарни држави. Унитаризмот не е нешто што е спротивно

на демократијата . Според тоа, Македонија веројатно ќе остане унитарна држава или веројатно нема да ја биде. Одтаму терминот унитаризам треба внимателно да се користи барем знаејќи ги овие податоци од политичката историја.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој друг бара збор во врска со предлогот на господин Мурати.Има збор господин Стојановски. (реакција на пратениците во салата), ве молам, секој има право да каже.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Господа, дали некој ќе се однесе вака или онака, јас само станав на господинот министер да му се заблагодарам што Владата нашла да претставувам една комисија околу која се врти признавањето на Македонија. Па, ако таа Влада е на Бадинтеровата комисија благодарна, нека ми биде и мене благодарна. Од која причина, што Законот за државјанство, дозволете, законот за државјанство помина баш онака како и јас и Законодавно правната комисија го толкуваше. Па според тоа треба да почитувате господо од Владата.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Дами и господо пратеници. Овој амандман и по законот за личната карта доста и вчера и денеска дискутиравме на некој начин и Хензиите растеа, неоправдано, несакам да прејудицирам која страна нешто повеќе или помалку, но сепак атмосфера која не доликува, Сакам само некој примери од практиката и од животот да се обидам да ги објаснам. Со Уставот на Република Македонија сите граѓани се рамноправи пред законот. Значи секој има право барем да го носи своето име и со не го да се идентификува. Различно толкување има Уставот "анајаса" на турски, "ку ште тут" на албански, но сепак тоа е мајка на самите закони.

Уште на почетокот на мојата дискусија ќе нагласам дека со овој закон односно конкретниот амандман се сака да се врши јазичен проблем со законски средства како што секоја величина има своја единица на мерење, така и јазикот. Обидот величината време да ја мериме со метар е безпредметна.  Исто е беспредметно и обидот за запишување на еден јазик со азбука на друг јазик бидејќи секој јазик има своја граматика и своја специфика. Со тоа никого немаме намера да го навредиме тоа се специфични облици на секој јазик а во конкретниот случај и на балканот. Лесно е секогаш кога се сака да се прејудицира или да се наметнува пишување на други имиња со кирилично писмо што не го потсенува во конкретниот случај. Меѓутоа, "сечев" ние го изговараме во транскрипција на македонски"таџер" "мејџер" - "меџер","хеерт" - "херт" и тн. Овен исто така наместо Уен ние го викаме Овен и го читаат како така, а тие немаат шанса да дознаат како им се искривуваат презимињата особено би ни биле љути кога би дознале дека така искривоколчени нешто друго значат на македонски нивните презимиња. Сепак нека бидат среќни што не им издаваме документи за идентификација ние, оти сум сигурен дека ни-когаш не ќе можат да го изговорат своето ново презиме а ќе имаат лоша тенденција на соодветните закони што ние еве на некој начин сакаме да ги нудиме.Но, случајов со нашиот граѓанин е друго, сосема друг. Не дека не му се издава документ за идентификација туку баш тој ги создава и незгодите. На пример името Имнер никогаш не можело да се запише со кириличко писмо Имнер туку или Имер или Умер, или пак Јумер како што е случајот кај госпоѓицата Јумлеровска. Нема име ни Имер ни Умер ни Јумер туку оваа права идентификација на

ова име и на изговор е Имер. Исто така имаме и многу други имиња на пример Јлдс, Сдк на турски. Особено Сдк а тоа нема изговор, тоа нема буква со која би могла да се запише да се идентификува тоа име. Тоа би било Сдк, СДК, тоа не е служба на друштвено книговодство во овој случај (смеа во салата) , а тоа што некој, да и смешно е точно, а тоа што некој конкретно овие проблеми ги има пребродено конкретно што тоа го рече госпоРата Јумеровска јас сум завиден на неа и име и презиме да и биде искривено. Тоа е нејзин проблем, јас би бил што се вели, ете така .
Ве молам, зборуваме за индивидуални права во начелото на Уставот. Сеуште тоа не е колективно право опфатено во член 48 од Уставот. Ако не ни беа личните имиња каде ќе ни беше крајот при идентификација. Или можда има некој на ум други идеи. Наместо лично име да стави буква или не дај боже некој број. Ако некој може да го напише со македонска кирилица имињата еве и на албански имаме проблем, Зурат, Сембер, Иили, Барзир и ред други имиња кои што се карактеристични во фонетиката и изговорот на албанскиот јазик тоа секако нема што да приговараме. Затоа секој јазик има своја азбука, а како се ставаат имињата на лугето тоа е јасно дека се одраз  на јазичните карактеристики на секој анрод. Само за пример ги насочив некои општо познати имиња кои ги има и во македонскиот јазик. На пример Петар , на албанецот од рисјанска вера е Петро, а на албанецот со католичка вероисповест и Пјетар. Исто така Јован на албански тоа име е Гн, Павле тоа име е Пан и ред други. Потребната буква овде ја нема во македонската азбука што рековме Пјетр што не е случај и со другите имиња. Па затоа да немаме забуна конкретно при пишувањето на имињата кои кириличното писмо не овозможува природно толкување на транскрипцијата на тие имиња.Благодарам за вниманието.

ГУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, верувам во најдобрите намери на последниот дискутант во врска со моето име и презиме, меѓутоа не знаев до пред оваа дискусија дека практично сум немала свој итентит односно свое име и презиме. Јас тоа го поседувам уште од своето раѓање и среќна сум што живеам во држава во која што никој не ми рекол да го сменам името и презимето.Благодарам (аплауз)

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Гспоѓо Јумлеровска, госпоице Јумлеровска, јас во спомнувањето не сакав да те навредам, извини те молам, меѓутоа биди сигурна тоа име Јумер нема во лексиката, нема воопшто, јас сум сигурен, јас ќе бидам среќен доколку такво име има. Меѓутоа тоа што го имате вие конкретно пребродено она што го реков јас му завидувам на тоа. Можеби и другите по вашиот пример треба да чекорат, треба да чекорат, но сепак име Јумлер нема.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас ве молам пред да му дадеме збор на господинот Петров сосема кусо јас да го кажам своето мислење.Јас ќе бидам сосема кус. Ако ништо друго од оваа дводневна расправа мислам дека го апсолвиравме законот од вториот став член 7 и третиот. Ние направивме расправа за меѓунационалните односи и сега ќе ни остане само да гласаме за тој закон кога ќе дојде на дневен ред. Мислам во сверата (смеа и аплауз од пратениците во салата) главниот проблем, јас молам за малку тишина, главниот проблем околу кој се споревме два дена, а кој што сега еве доби финале, конечниве, последниве дискусии беше, дали решението што го нуди Владата е во склад со Уставот или не е во склад со Уставот. (смеа и аплауз во салата).

Според член 5 став 2 што го нуди Владата целокупната документација, целиот тој образец се пишува на македонски јазик. Припадникот на националноста пишува само во заграда транскрипција на своето име и презиме. Според тоа, не станува збор за употреба на македонскиот јазик како службен јазик. Воопшто не се доведува во прашање.Ние употребата на јазиците на националностите ќе го решиме со став 2 односно став 3 од член 7. Нема никаква употреба освен што службеното лице во личнта карта запишува името и презимето во транскирпција. Никаква друга практична намена во употреба тоа име и презиме нема. Според тоа, не станува збор за употребата на јазикот туку овдека ние водевме расправа околу две клучни прашања кои што навистина ќе треба на некоја наредна тема веројатно тој закон ќе го носиме, да го опстојно претресеме.Во Македонија сега се присутни во основа две многу лоши тези - антагонистички. Едната теза која тргнува од тоа и беше доминантна овие денови дека Македонија е сега во тесно, чека меѓународно признавање, заокружување и тн. и треба да се притегне со уцена, да попушта што повеќе, преку барањето за двојазичност пред да се донесе Законот за употребата на јазиците според член 7 став 2 и 3.Но не е исто така помалку опасна теза онаа другата исто што се лансира дека сукобот со албанците ќе дојде кога тогаш, па поарно побрзо отколку подоцна. И двете тези се многу опасни за опстојувањето на Македонската држава. Според тоа, ве молам, да заклучам за амандманот, мислам дека не треба да се прифати амандманот на господинот Петров од причина што овде станува збор не за двојазичност за транскрипцијата за името туку за мултијазичност ако сакате. Сите националности во Македонија во заграда ќе го пишат онака како што

се озговара на нивниот јазик, и албанци,и турци, и срби,и власи,и роми и сите етнички групи. Благодарам

(Господинот Тито Петковски се враќа на местото на претседавач).

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, сега ќе говорам како пратеник дали треба да се прифати амандманот на господинот Петров или не.Повеќе од нас го читаа член 7, став 1. Меѓутоа, господа јас ќе почнам од вториот и третиот став. И во едниот и во другиот став се говори "во единиците на локалната самоуправа" и веднаш за одлучување овој устав не почнуваше со член 7 и да заврши со него ниту со член 48, како што сака некој да каже. Мегутоа, има една одредница, а тоа е член 115 каде се вели: "во единиците на локалната самоуправа" значи, потребата на јазикот покрај македонскиот јазик, точно лоцира каде треба да биде и тогаш вели: "во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од локалното значење, а особено во областа на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишно воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон'.' Што значи, ако ја следиме дикцијата на Уставот, кога одлучил дека во држава Македонија службен јазик ќе биде македонскиот јазик, почитувајќи ги постојните мнозинства на другите националности, вели дека во локалната самоуправа каде се текви интересите таму ќе биде, каде се тие права и јазикот ќе ја дели судбината. Со оваа работа јасно и гласно се кажува дека член 7 е недопирлив и во оваа смисла јас го сфатив тврдењето на господин министер кога кажа дека станува збор за повреда на Уставот, дека

не може ова да се однесува на цела териториЈа, мегутоа, ке водиме политика. Уставот не води политика. Уставот е основ од каде произлегуваат сите права и обврски на граѓанинот. Според тоа, не смееме да допуштиме на ова прашање или било кое друго веднаш да го дерогираме Уставот. Затоа, ви предлагам господа да го прифатиме амандманот на господин Петров за делот каде што се предлага да се бришат одредени зборови во член 5 став 2 на предложениот закон.Понатаму господа да речам само едно. Да знаете дека јас и го делам мислењето на министерот да има и политичка конотација оваа работа. Колегата Ефтим говореше како ќе се спроведе овој закон. Не е многу прашање, што некој говореше овдека, ќе каже како да се напише. Овдека е прашање дали тоа име на било кој - јас не кажувам дали е тоа Албанец, дали тоа ќе биде Кинез, дали ќе биде Порториканец или кој, се работи за национално малцинство. Тој кој ќе сака да му се напише неговото име, дали ние во нашите документи каде ќе треба ќе имаме доволен момент да можеме ова да го покриеме. Тоа е едниот дел.Другиот дел, ако во таа лична карта - што ќе биде правничко толкување? Ако е заграда;, по правничкото толкување во смисла на судските процеси значи не важи. Ако е вообичаено каде пишуваат романи и сл. тоа сака да каже или значи, ќе настанат веднаш две толкувања. Кое ќе треба овде да се применува, дали она што кажува законот дека што е во заграда не чини или она што е роман, па можеш да пишуваш и читаш што сакаш.При вакви околности јас кажувам дека една таква работа нема подлога во овој устав. Ние сакаме да дадеме политичка конотација. Дали некој вака мисли или не. Јас не се противам на господата што викаат дека ние тоа сакаме така да стои во овој закон. Мене не ми е проблем што тие сакаат. Тоа е право на човек. Меѓутоа, проблемот е

дали навистина она за што се залагаат декларативно ке на^дат заедништво со поделба таква работа не може да најдам. Тоа е мое.

ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:

Почитувани пратеници, од излагањето на министерот се стекна една забуна во смисла што тој се повика на член 91 од Уставот кога се работи за ваков закон. Членот 91 од Уставот говори за право на Владата да предлага закони, но да предлага закони кои се материјализираат токму преку други одредби на Уставот. Во случајот ние имаме конкретна повреда на членот 7 ставот 1 на Уставот на Република Македонија. Ако дозволите само 6 реда се, ќе ви ги прочитам, на ваков закон од едно големо значение, пресудно би рекол за Републиката дозволете да ви прочитам каков образложение се дава."Оценка е на предлагачот дека понуденото решение ја запазува усогласеноста со Уставот на Република Македонија, не ја загрозува употребата на македонскиот јазик како службен јазик и неговото кирилско писмо". И понатаму "На овој начин практично ќе се овозможи да се надминат потешкотиите околу запишувањето на имињата на националностите".Значи, потешкотии би се јавиле и ајде сега да измислуваме закон, пропис, па ќе гласаме во Парламентот, се со цел со тоа што ќе покажеме дека еве на одреден начин на Албанците ги задоволуваме -конкретно сега се изразив за Албанците, националностите, ќе ги задоволиме со тоа што имаат право во заграда или било како што стои овде да се пишуваат нивните имиња на личната карта. Произлегува дека поради една потешкотија, а не треба да има никаква потешкотија, во случај и само во случај ако се почитува уставот и никакво допишување или ваков предлог. Тоа значи дека и самиот предлагач, дикцијата на образложението што го дава е несигурен, едноставно би рекол мек

и оттука не употребува некои потешки и посигурни зборови кои што би го покриле самиот предлог.И друго сакам да укажам дека ако веќе нашата законодавна правна комисија зазела свој став, а нејзината функција е токму да тврди и да го штити Уставот и усогласеноста на законите со правниот систем, јасно произлегува дека во случајов треба да се почитува она што е утврдено од Законодавно-правната комисија на ова Собрание и Владата не ќе може според мене да се поигрува со авторитетот на законодавно-правната комисија на овој Парламент.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Знам дека трпението е при крај, меѓутоа принуден сум да кажам само неколку реченици. Јас сум хендикепиран од фактот што не сум претседател на Законодавно-правната комисија туку сум само прост член на таа комисија, но морам да кажам дека Уставот не го читам како мојот претседател. Го читам малку поинаку и тоа е мое право. Се разбира дека е негово право Уставот да го чита така како што го чита. Меѓутоа, намерно тука некои работи се ставаат наопаку. Поврзувањето на ова решение на Владата што јас исто така од тоа ре-шение не сум задоволен со член 7 став 2, став 3 итн. е просто не умесно, од простата причина што јасно треба да се каже дека ова решение треба да се врзува со комплетниот член 4 8 односно со него-виот став 1 и, втор, со комплетниот дух на Уставот според кој во Републиката не е забранета употребата на никој друг јазик. Македонскиот јазик е службен јазик, но другите јазици не се забранети. Ситуациите што ги уредува член 7 став 2 и 3 се поинакви, но за тоа кога ќе стане збор за поинакви решенија. Нема потреба никој тука никого да потсетува дека тие што не го гласале Уставот го бранат.

Јас воопшто не го бранат Уставот, затоа што никој не го напаѓа. Не го напаѓа туку погрешно според мое мислење го толкува или од незнаење или намерно, тоа е сеедено.Второ, тука се тврди дека личната карта е дртавен документ. Внимавајте господо, ако на државата и се потребни личните карти, нека ги задржи во своите фиоки, таму во органот. Видејќи тоа е државен орган, му требаат лични карти, нека ги задржи во својот сеф! Зошто им ги дава на граѓаните? Според тоа, нема тука логика за врзува-ње на личната карта со локалната. заедница. Логиката е во нешто друго. Граѓанинот носи лична карта што ја издава државниот орган. Личната карта не е државен документ, таа не и припаѓа на државата, туку му припаѓа на граѓанинот. Државата само издава лична карта. Но јас знам, не сакам да уверувам, јас знам дека вие ова го знаете. Вие ова намерно го правите за да ги бркате работите пред се тука внатре, а повеќе за да луѓето што не слушаат надвор мислат дека тука се бие некоја битка за да биде Македонија или да не биде. Не, Македонија ќе биде и со решенијата, ако се прифати решението на Владата и ако се прифати некое друго решение. Меѓутоа, Македонија ќе биде ако се прифати решението на Владата без никакви проблеми. Таа исто така ќе биде, меѓутоа тоа ќе биде со некои незадоволства искажани од поединци, од групи, од партии од асоцијации итн. Во тоа е разликата. И тука ние тоа треба да го разрешиме, ако сакаме да се занимаваме со политика. Ако тука сме дојдени да се занимаваме со патриотска активност, тоа е пак сосема друго прашање. Јас никому не негирам патриотизам. Јас никому не негирам да ја сака својата нација. Нека ја сака уште повеќе. Јас искрено ќе Ви речам,, им завидувам на луѓето што така се залагаат за своите национални права. Меѓутоа, не можам

да прифатам од истите тие луѓе да бидат нападнати другите што исто така се залагаат за свои национални права. И тоа е проблемот. Дајте да смогнеме сили да ги надминеме овие проблеми, да се надминеме дамите себеси и да кажеме на што сме. Ние очигледно нешто сакаме, но не знаеме до тоа што сакаме како да стигнеме. А ќе стигнеме само ако меѓу себе разговараме, ако меѓу себе се договараме, ако меѓу себе се почитуваме, ако меѓу себе сме толерантни.и само на тој начин и само по тој пат можеме да излеземе од секакви тешкотии. Се друго, исклучивост, неумерни зборови, неумерни критики итн., тоа не води кон ништо, не води кон тоа што треба да не води.Што ни се случува сега нам?Јас се извинувам што вака настапувам, меѓутоа, морам нешто да ви кажам. Јас ве уверувам тука вас дека политичките субјекти на албанците денес, вклучувајќи ја и оваа парламентарна група, се цврсто определени да живеат во Македонија, во оваа држава. Меѓутоа, ако некои дискутанти со толкава жестина се противат на оваа наша идеа, ќе дојдеме во ситуација да ги подбуцнуваме другите сили кои сега се во сосема безначителен број, да растат, да нараснат секој ден. И ќе ни се јавуваат други процеси. Повторувам, прашањето е многу едноставно. Во прашање е едно решение што го нуди Владата, а што јас не ја прифаќам, затоа што барам комплетно решение на ова прашање и беспредметно се надмудруваме тука во читањето на Уставот. Ние и со таков устав лош или добар или и со подобар устав, ние сме тие што треба тука да живееме и да градиме заедничка иднина.. Во спротивно, нема да бидеме ние тука да расправаме, туку ќе се расправа на некое друго место, ќе расправа некој друг за нас. Но што и да се случи, бидете убедени дека ние сите недоразбирања меѓу нас ќе ги решиме само ако разговараме, ако меѓусебно се почитуваме. Инаку не може. Јас друг пат не гледам. Некој ако знае подобар.

пократок пат од овој нека ми каже, ќе го прифатам.Благодарам што го злоупотребив вашето трпение.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господинот Џафери се откажува од дискусија.
Има збор господинот Никола Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Немам намера да повторам ништо што беше кажано. Сметам дека може да се оди после и на гласање, со тоа што само едно наведувам. Само се надоврзувам на образложенијата на министерот. Инаку, директно сум за амандманот на господинот Тодор Петров. Инаку, од неприфаќањето на амандманот на Тодор Петров за бришење на оваа можност на двојазичност сметам дека повеќе штета ќе има во примената, доколку се нагласа да остане ставот на Владата, повеќе ќе има директна штета целокупната Македонија во смисла прво во образложението на Законот импровизаторски е ставено дека за примената на овој закон нема потреба од никакви материјални трошоци во рамките на Република, општина и претприј атие.

НИКОЛА КРСТЕСКИ:(продолжение)

Тоа е сосема произволно, под индиго напишано образложение, како и за другите закони. Сметам дека ќе предизвика огромни материјални штети.
Друго, во однос на директната примена доколку се изгласа овој став на Владата неприменливост ќе има во однос на националностите. Ние многу брзо ги читаме одредбите. Во преамбулата се наведуваат од националности, Албанци, Турци, Власи и други националности. Кој ќе ги пронаоѓа другите националности. Значи немаме изградено критериум? кои други се сметаат националности, во комшилук на овие работи не знаеме кои локални единици имаат мнозинство на одредена националност знатен број немаме кои точно , затоа што некои се прифаќа во овие одредби да се најде овој став на Владата. Во однос на , ако сметаме сеуште според министерот дека едно јазична е личната карта ние исто така ќе имаме големи недоразбирања.Прво, корисста е никаква во смисла личната карта пред се е личниот идентитет.Второто име кое е во оргинална форма не знаеме на колку јазици ќе произлезе тоа. Сметам доколку се најде потреба името напишано на македонски со кирилично писмо во Англија, или во комши-лукот не може да се изјасни тој самиот лично, човекот што ја поседува може тоа да го напише , да ја дополни таа празнина. Вака со симболично давање на некој мир или слично јас мислам дека не е решение туку во овој случај не треба да се вгради во овој закон за лична карта, туку во наредните донесувања на закони, кога ќе се утврдат критериуми за употреба на начинот и формата кои се точно националности. Вака штетата е огромна. Можеби некој Кинез се нашол и тој се смета за националност. Тие не се идентификувани . Јас сметам за самиот носител

националноста припадност дека подобро тој ќе објасни на која национална припадност отколку да му се втисне тоа во личната карта. Покрај тоа , рубрика не постои национална припадност. Своевремено во пописите од таен карактер се сметаше националната припадност, однос не постоеше закон да мораш да се произнесеш. За национално неопределените на кој јазик ќе им напишете. Сметам дека оваа одредба од Владата е предвремена компромисна и треба во наредна фаза со другите закони. Во случајот треба да се прифати амандманот на Тодор Петров, односно двата предлози на закони од Владата од април и од септември, а во наредната фаза на еден поквалитетен начин овие прашања да не се залажуваме со камчиња, повеќе забуна ќе направи огромни трошоци, матичарите треба да се менуваат, машините треба да се менуваат, да се учат и странски писма. јас сметам во оваа фаза не треба да се прифати ниту со гласање ставот на Владата.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Јас почитувани пратеници што по втор пат денеска изле-гувам. Накратко нема да го злоупотребувам времето но не е штетно да се дообјасни.Прво, јас не го прифаќам. Не одговара на тие барања што треба да ги задоволува стандардот на минималните норми.Второ, овој закон не е во согласност со Уставот. Ставот 2 на членот 7 предлага и бара двојазични лични карти, односно двојазична примена на јазикот во единиците на локалната самоуправа каде националностите се во мнозинство. Тоа значи на секој документ, а не само на личната карта. Тоа претпоставува дека личната карта во тие локални единици на самоуправата, каде националностите Албанците или Турците се во мнозинство ќе ги добиваат, ако не денеска, ако не

утре, задруте ќе бара двојазично господо пратеници. Ке пишува Република Македонија и Република е Македонис. Ке пишува лична карта, ќе пишува и летар њок тими. Ке пишува и име и презиме, ќе пишува и ембри де биемриЈѓ Воопшто ако не го познаваме Уставот, или не го применуваме тоа. Сегашниош предлог на Владата не е штетен но не ги задоволува потребите и интересите што ние ги даваме. Па според тоа во член 7 на Уставот националностите се категоризирани во две групи - таму каде се мнозинство и таму каде се во значителен број. Тоа значи тој број не е одреден. Оваа одредба на законот сега се однесува на значителен број.Второ, не е точно дека во заградата пишувањето на името не значи ништо.Ако читаме Шекспит и во заграда се пишува Шакаспеаре, за да може да се знае како се пишува, како се чита во оргиналот. Според тоа и ова што се предлага од Владата е добро и корисно би-дејќи мора да се знае како се пишува и како се чита име. Додуша тука има една мала заграда , нема средна и голема, тоа математичарите подобро го знаат, што значи побрзо ќе се ослободине од тоа.Второ, за употреба , закон за јазиците донесува ова законодавно тело - Собранието на Република Македонија, а не собранијата на единиците на локалната самоуправа. Кои дејности односно за кои дејности се интересира локалната единица на самоурпавата се одредени во член 15. Ако тоа би се дозволило локалната самоуправа да донесува самоуправа, тогаш ќе имаме големо шаренило во употребата на јазикот односно веројатно ќе имате можност таму да донесеме закон да се применува албанскиот јазик, односно турскиот каде се тие во мнозинство. Донесуваме ние и бараме таму да се почитува и употребува.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Пред да гласаме почитувани пратеници би сакала оваа работа да ја разјасниме до крај. На прашашето на пратеничката Биљана Лазаревска која што гласаше на кој член на министерот ја базира уставноста на решението што го предлага Владата тој одговори дека името во личната карта која што е дрЛавен документ  сега таквото објаснуваше јас можам да го прифатам само така ако се докаже дека токму делчето што означува име во тој државен документ не влегува во состав на тој државен документ. Ако е дел од целината тогаш е и тоа државен документ. Затоа не можам ова да го прифатам. Инаку отфрлам иронизирање, било какво иронизирање со светоста на Уставот Вие сите знаете како тешко направивме консензус овде Устав да донесеме и не прифатливо ми е или министер да иронизира. сботоаз. Ло Почитувани пратеници ние треба сега да дигнеме рака за нешто , за кое што скоро сите , а особено оние кои што имаат професија правото знаат дека дигаме рака за нешто што не е уставно. Сметам дека ова може да биде котелец кој што може да ни го распара целиот џепер. Убаво да размислиме дали треба да дигнеме рака за нешто што е противуставно. Не убедуваат со политички меѓународен притисок. Јас би била за тоа да го запреме донесувањето на овој закон, можеби и на затворена седница да го разгледаме тој меѓународен притисок, зошто вака ние нешто што ни е недефинирано, нечија оценка, нечија волја ставаме повисоко од нашиот Устав, за кој знаеме страшно тешко се согласивме и се усогласивме.Пред се сакам пред да дигнеме раце за вакво нешто да ни биде објаснето која е последната точка на попуштањето, зашто ние овде чувме се споменува Швајцарија. Јас со голем страв тоа го слушам, зашто и во Сараево со спомнуваше Швајцарија. Додека не ни се каже

кој е системот, која е крајната цел и се до крај ние не би требало не по својата совест и не по својот ум да дигаме рака. Убаво размислете дали ќе дигнете рака за вакво нешто.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Не сакам никој да убедувам ниту да разубедувам. Дозволете една работа, слушнавме како ќе го напишеме името Имер, меѓутоа, господа па нема само Турци и Албанци, ние имаме и Македонци муслимани. Со кое писмо на нив ќе им го пишуваме името.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Го молам господинот Томислав Стојановски да не се грижи со кое писмо, затоа што тоа писмо е македонското кирилично писмо. Според тоа уште еднаш треба да внимава како се однесува и што зборува.

НИКОЛА КРСТЕСКИ:

Морам да се дополнам односно да го негирам потпретседателот Мурати. Тој личен критериум ствара дека поднационалности само наведените во преамбулата се сметаат . Тоа се мисли на Албанци, Турци, Власи и на Роми. Тоа е сосема неточно и спротивно на Уставот. Како прво во самиот тој текст стои и другите националности.Тоа е исто. Во Републичкиот совет за меѓунационални односи двајца Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и двајца од останатите. Значи постојат и други. Со други зборови се негираат директно Србите, Хрватите и одиме со исто писмо со иста машина што ќе се откуца. Тука е дискриминаторски став. Сметам дека Законот оваа одредба катастрофална штета ќе направии и на албанската, турската.и другата повеќе штета ќе направи. Ова е само едно залажување. Не стои дека ќе се применува само во локалните единици каде има мнозинство, или знатен број мнозинство. Ние не го знаеме критериумот знатно мнозинство.

Дали се смета знатен број над 20 посто, над 30 или над 51 или што вели мајками со квалитетен попис. Предвремено е во овој закон да се внесува. Дозволете, и ден денес личните карти се издаваат под СФРЈ. Под огромни материјални трошоци тоа да се смени, формуларот под Македонија. Под огромни трошоци, недоразбирања, неприменувања на овој закон. Ако сметаат националностите дека со оваа манифестација на националноста ќе ги решат сите прашања јас се сомневам во таа работа.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали можам да констатирам дека завршивме со расправа?(да)Молам, бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.Кој е за, молам да крене рака? (47 пратеници)Молам, седнете на своите места.
Молам да се изброи присуството на пратениците во салата.
Кој е против молам? (38 пратеника)
Дали ина воздржани?(б пратеника)
Констатирам дека 47 се за, 38 против,и б воздржани и амандманот е прифатен.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Не верувам во вистината на глаеовите и молам поединечно да се изјасниме.по овој амандман.
(дали има поддршка од 10 пратеници?) Барам поддршка од 10 пратеници.
(пратениците на ПДП-НДП КрЅВаат рака за поддршка на предлогот).

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Го молам секретарот да почне со поединечното гласање.

ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:
Фаик Абди - не е тука
Газменд Ајдерака - против
Хамит Алиу - против
Ешреф Алиу - против
Стојан Андов - Против
Гоце Андоновски - за
Митко Анастасовски - за
Тиме Андонов - за
Никола Апостоловски - за
Душко Арсовски - не е тука
Драги Арсов - за
Бранко Арсовски - не е тука
Ламбе Арнаудов - за
Јордан Бошков - за
Горѓи Бојковски - не е тука
Александар Гештаковски - против
Петар Гошев - не е тука
Владимир Голубовски - за
Драги Гроздановски - за
Санде Давчев - воздржан
Димитар Димитровски - не е тука
Тодор Димов = воздржан
Доста Димовска - за
Ратка Димитрова - за
Петар Горѓиев - за
Борко Горѓевски - за
Душко Горѓески - воздржан
Зуди Емини - Против
Јордан Зафиров не е тука
Горан Зафировски - не е тука
Насер Зибери - против
Васил Зумбаков-Против
Ванчо Златанов - против
Борис Змејковски - за
Симеон Ивановски - против
Љубосав Иванов - не е тука

Јаким Ивановски - за
Иван Иванов - не е тука
Љупчо Јакимовски - за
Цветан Јовчевски - за
Ристо Јованов - за
Гулистана Јумеровска - за
Ристо Келешов - воздржан
Ташко Киров - за
Зоран Китев - не е тука
Кирил Ковачевски - за
Грѓи Котевски - за
Стојан Ковачевски - против
Зоран Крстевски - воздржан
Никола Крстевски - за
Биљана Лазаревска - за
Вецко Личоски - за
Коле Луловски - за
Флоре Масалковски - против
Јован Манчевски - воздржан
Ефтим"Манев- за
Страшо Милковски - против
Панчо Минов - за
Марин Миленкоски - против
Владимир Митевски - за
Трајан Мицевски - за
Ванчо Младенов - воздржан
Џеладин Мурати - против
Авди Муртезани - против
Наиф Мустафа - против
Симон Наумовски - не е тука

Панче Насев - не е тука
Славе Наумовски - за
Богдан Неделковски - за
Душан Николовски - против
Јован Николов - против
Теодосија Паунов - за
Михаил Пановски - за
Томислав Пецаков - за
Тито Птковски - против
Тодор Петров - за
Мерсим Положани - против
Димитар Поповски - за
Киро Поповски - против
Љубомир Поповски - против
Шабан Превала - не е тука
Исмет Рамадани - против
Божо Рајчевски - не е тука
Иван Рамбабов - против
Неим Селмани  - против
Ферид садику - против
Наум Силјановски - за
Ацо Спировски - за
Ристо Станковски - против
Наќе Стојанвоски - против
Славјанка Стојанова - не е тука
Никола Стојанвоски - против
Стоиле Стојков - за
Томислав Стефковски - за
Ристо Стаменов - не е тука

Томислав Стојанвоски - за
Оломан Сулејмани - против
Џелил Таири - против
Петар Темелковски - за
Гоце Темелковски - за
Благој Тошев - за
Петре Трајановски - против
Петре Трајковски - за
Димитар Трпеновски - не е тука
Душан Трпчевски - за
Агим Фазлиу - против
Александар Флоровски - за
Благој Ханџиски - против
Абдурахман Халити - против
Сефедин Харуни - против
Мухамед Халили - против
Стојмир Цветковски - против
Неџати Џафери - против
Алил Џафероски - против
Веби Џемаили - против
Блаѓоја Чкатроски - за
Хисни Шакири - против
(Се пребројуваат гласовите).
Ве молам, да ги соопштиме резултатите.
Од вкупно присутни "99 пратеници , 49 гласале за амандманот, 43 против и 7 воздржани.

Според тоа, констатирам дека амандманот не е усвоен. Тоа е дефинитивна констатација да знаете.(реакција на пратениците)

БОРИС ЗЕМЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас имам примедба на гласањето, иако беше поединечно и се повикувам, бидејки предходното гласање многу јасно кажа колку вкупно пратеници сме присутни внатре во Парламентот. Јас реагирав на два пати дека некои исти пратеници двапати се јавуваа и гласаа против и затоа барам да бидат повикани сите пратеници во Парламентот . Најпрво , да се пребројат пратениците колку се вкупно пратеници во Парламентот. Од кога ќе се пребројат тогаш да се дадат на галсање.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, не постои никаква деловничка можност за повторно гласање.
Минуваме натаму.Отворам претрес по амандманот на член 5, став 2 поднесен од пратеничката група на Илинден-Слободни демократи.
Молам, кој бара збор?
Ве молам, што барате, господине Халили, што е сега. Не давате да работие,. Си има тертип секаде.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Јас со оглед на тоа дека сме многу заморени барам еден час за консулатација со пратеничката група.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние мораме да направиме ако било која пратеничка група бара пауза, пауза, само дали ќе можеме после да продолжиме.Во салата има расположение да продолжиме. А пауза мораме да дадеме, но после паузата дали ќе работиме.Молам, пауза од еден час. Господин Поповски

ДИМИТАР ПОПОВСКИ:

Господа пратеници, се малтретираме самите себе си, ги малтретираме граѓаните на Македонија три дена. Од тие причини предлагам ако се дава веќе пауза, а претседателот кажа дека се дава пауза, тогаш да ја продолжиме седницата утре.Пратениците реагираат на ваквиот предлог. До кога ќе рабоиме?(Пратениците велат дека ќе работат цела ноќ). Цела ноќ, тогаш прифаќам.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро,еден час пауза.

По паузата)
Седницата продолжи со работа во 22,40 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа. Дами и господа зарем не гледате дека мораме секого да го слушнеме овде.За збор се јави господинот Мухамед Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Почитувани пратеници, по извршената консултација во Пратеничката група, а со. оглед на фактот дека имавме додатни консултации со раководствата на партиите кои во меѓувреме закажале заеднички состанок утре со Пратеничката група и со оглед на тоа дека се вечерни часови, предлагаме седницата да продолжи наредните денови со тоа што по консултацијата со раководствата на партиите ќе ве известиме за конечниот став.(Негодување во салата)

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа го усвојуваме секогаш господа, ве молам само требаше на време да ни соопштите, немојте така, секоја пратеничка група има право.(Пак негодуванње во салата.)Господа, зошто толку викотници.За збор се јави господин Стефковски.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Мислам дека господинот Мухамед Халили се поигрува со трпението на пратениците. Имаме типичен пример на злоупотреба на говорницата за одредени цели кои имаше прилика и можност нашата јавност денеска да ги свати.

Предлагам да не се усвои таквиот предлог, бидејќи е дел од една игра која и штети на Републиката во овој момент. Ние се согласивме дека ќе работиме и ќе ги донесиме законите и дефинитивно да заврши 41-та седница. Оттука, не се впуштам во тоа кој барал и што барал, едноставно ние треба да работиме ако треба и до 5 часот и да ги донесиме законите во постапка како што е пропишана.Со други зборови предлагам предлогот да не се уважи, бидејќи е непримерен и недостоен и едноставно пратениците со гласање да се произнесеме за продолжување и одбивање на поднесениот предлог.

СТОЈАН АНДОВ:

Господа, јас само ви обрнувам внимание оти никогаш така не сме направиле секогаш кога некоја пратеничка група бара одлагање сме одлагале.За збор се јави Никола Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Прво, сум против да се прифати предлогот, се надоврзувам на соопштението. Прво, времениот деловник и одредбите од стариот деловник кои не се со Уставот воопшто не познавам пратеничка група. Новиот предлог деловник предвидува, тоа е една околност практиката да се по барање на пратеничка група што ја имаме прифатено важи, но ова не е консултација во рамките на пратеничката група, во рамките на деловната зграда на Собранието туку поради политички консултации со базата на партијата ПДП-НДП. Политика и законодавна функција не се мешаат. Инаку предлогот беше категоричен бараме еден час пауза за да продолжиме а не и понатаму да се констултираме со базата и политика ако треба потоа со странски земја треба да се договараме.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Задолжен сум во името на независните пратеници како и пратеникот Петковски седницата да продолжи, пратениците од ПДП-НДП да се консултираат на начин на кој се бара, а ние исто така доволно трпение да ги сочекаме, и сметам дека Собранието треба да продолжи со работата на 41-та седница за да ги заврши законите кои се на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Како пратеник на ВМРО-Демократска партија исто така инсистирам седницата да продолжи, и притоа да се земе аргументот што го изнесе господин Крстевски дека во процесот на одржување на седницата пратениците неможе политички да делуваат, тоа беше безброј пати искажувано впрочем од Претседателството на Собранието. И да се држиме на тој принцип.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Мене ми се чини дека јас бев јасен раководствата на партиите закажале за утре заеднички состанок со пратеничката група, и затоа не предлагаме ние тоа да се стави на дневен ред, бараме, и чим бараме да се удоволи.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам размислите сите ние досега секое барање сме го уважувале.

Господин Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Јас би го потсетил претседателот на Собранието дека во случајот кога јас непрецизно настапувам во името на политичката партија ми беше одземен зборот и се инсистираше на принципи. И во овој случај би требало да се има ист пристап.

СТОЈАН АНДОВ:

Овде никој не смее да зборува партиски документи и да настапува од партијата, а друго е тоа на господинот Халили. Тој бара да прекинеме.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Ние воопшто не спомнувавме политички партии, туку рековме бидејќи е ова политичка влада ред е ние по барање на политичките партии утре да одржиме состанок со нив и да заземеме конкретни ставови. Ова е политичка влада затоа спомнав политички партии.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро што мисли Владата.

ЉУВОМИР ФРЧКОВСКИ:

Ова е типично прашање за кое Собранието треба да одлучи, Владата нема ништо против ако Собранието одлучи да прифати одлагање на седницата.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш да го дадам на гласање.
Кој е за да продолжиме? (Не,не гласаме.)

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Господине претседателе досегашната пракса била сега не сакаме да предаваме деловнички работи, досегашната практика била

барањето да се удоволи и барање да не се става на гласање. Тоа е барање.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитуван претседателе, јас само сакам да укажам дека сепак во овој период од две години требаше нешто да научиме овде, а тоа е кога ќе се побара одлагање или прекин на седницата, обично и што беше практика постоеше една согласност од сите пратеници за таквото дејствие. Во случајот немаме согласност од пратениците за прекинување на седницата и поради тоа јас ви предложив со гласање да се одлучи дали ќе се прекине седницата или ќе продолжи со работа. Во тоа е разликата што требаше некој да ја научи.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас морам да кажам оти никогаш не сум прашал дали се согласуваат другите кога еве пред некој ден кога господинот Стефковски предложи да прекинеме и ние веднаш прекинавме. Прекинавме и продолживме утре. Сакам само да ви кажам ние на процедурални работи не треба да паднеме, не треба утре некој да ни префрли како сме донеле закон заради тоа што од праксата сме отстапиле не сме му уважиле. Ние закон треба да донесеме и тој закон треба да нема сенка,да нема ни процедурална сенка. Тоа е многу значајно. Тие закони се многу важни, во тоа е работата ништо друго.Збор бара господинот Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕСКИ:

Прво, не треба ни ставови и со импровизации да не се служиме. Парламентот треба да си има одреден протокол. Сосема е неоправдано барањето да се одложи седницата, бидејќи нема никакви аргументации.

Прво, дневниот ред не е изменет. Постапката што беше во текот на дискусијата имаше предлог од Илинден - слободни демократи кога ВД координаторот на ПДП-НДП категорично одби и рече дека не треба да се прекине. Дневниот ред беше однапред утврден, нема измени ниту потребни прашања и процедури што произлегоа во меѓувреме што бараат консултација.Второ, според Уставот секој пратеник е овде самостоен и постапува по своја совест, па ниту по политичка партија па ниту по изборната единица. Ова е злоупотреба на однесување. И така немаме изградено потребна култура  за парламентарно живеење, со ова треба да почнеме да  негуваме чисто процедурално, а не било обичај, било ова, обичај нема, има цркви и прават обичаи. Сметам дека нема оправ-дани околности, а кој не може да ја продолжи седницата самостојно може да си ги напушти просториите. Ако му треба одмор и консултации нека си изврши на наредна закажана седница да си присуствува. Ова е сосема иживување и однесување со деловник и со атмосферата на работење.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Исмет Рамадани, па Јордан Бошков.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Прво, една исправка не се работи за ВД координатор туку за координатор на парламентарната група на ПДП-НДП.Јас се сеќавам многу добро госпдинот Стефковски, еднаш бараше да се одложи седницата за два дена и не консултираше координатор од ПДП или од друг. Дали   беше кога расправавме за Уставот не се сеќавам добро, јас мислам дека се ова системски закони и сметаме дека треба да се одложи и да продолжиме утре.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа, со оглед на тоа што нашиот деловник не е доволно изгарден, а можеби не се потрудивме доволно околу тоа, а јас лично обично толкувањата што ќе ги слушнам од господинот Крстевски сосема ги прифаќам, бидејќи е така темелит. Инаку сакам и самиот претседател на Собранието да го охрабрам во тоа што и тој негува демократија на нашите простори, но јас ќе ви презентиорам сосема кусо. Членот 26 од деловникот на Бундестагот каде се говори децидно за одлагање на седница.Во тамошната, сепак за наша претства изградена демократија сосема децидно е запишано дека седницата може да се одложи на предлог на претседателот на Собранието поточно на тој Парламент со мнозинство гласови од составот на Парламентот или на барање на една фракција или од присутните пет проценти од пратениците. Овде имаме,по мое,првиот случај кога предлага, туку толкување нема да дадам, а тоа е дека мнозинството заклучува дали ќе се одложи седницата во развиената демократија. Вештачки дилеми да си наметнуваме дека не би било во согласност јас лично сметам дека сепак тоа е во духот на демократијата со мнозинство  да се одлучува и за тоа дали ќе се одложи една седница или не.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот Димитар Поповски.

ДИМИТАР ПОПОВСКИ:

Господас пратеници, многу ми е жал што пред два ипол часа кога предложив да ја одложиме седницата вие ме убедивте дека треба да останеме. Јас останав и да ви кажам право ми помина сонот и сега сум подготвен до утре сабајле да седам и за тоа сакам

да работам до утре сабајле, па да си одам потоа на тренинг.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Бидејќи во текот на седницата не се настанати суштински промени, барем такви не се содржани и во образложението на барањето на пратеничката група на ПДП и НДП, сметам дека не треба автоматски да се дејствува спрема праксата на случаи што не содејствувале на толку отворено сомневање дека една пратеничка група ја злоупотребува спремноста на пратениците за демократски консензус околу одредени прашања како што е прекинот на седница, а уште повеќе што беше јавно искажано од координаторот на ПДП и НДП дека таквиот прекин ќе им е потребен за политичка консултација со базата до сега немало таква пракса на која би сме се повикале, ни една пратеничка група до сега не барала прекин и не добила заради консултации со политичката база, па според тоа сметам дека нема да се прекрши праксата и да се направи преседан од тие причини е сосема чиста ситуацијата,а исто така, и во најавата од коордnаторот на ПДП-НДП сосема недефинирано се бараше прекин во наредните денови што личи на отворено потценување и одолговлечување на донесувањето на Законот  за лична карта. Земени сите причини заедно сметам дека во овој случај претседателот на Собранието со чиста совест и со најмал ризик да се свати дека ги прекршува своите овластувања би требало да побара одлука во мнозинството од парламентот.Овој случај е нов и неможе да се квалификува како повикување на пракса во Парламентот. Ова е сосема нова ситуација и како нова ситуација нема да има никаква грешка доколку постапиме на нов начин.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

На сите нас ни е познато дека Македонија не работи според германски устав ниту нашето Собрание според деловник на германско собрание.
Јас не упатив барање до пратениците туку барање до претседателството на Собранието.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сега плус тоа има и нови моменти што ми даваат за право за она што барав, во 20,45 часот пратеникот Тодор Петров достави нов амандман.,Еве сега, ако сакате и деловнички по овој амандман треба да се изјасни Владата. Такво изјаснување немаме, па еве ја и другата страна ако сакате деловничка.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Пратеникот од нашата партија околу 17 часот предложи да се прекине со работа, па бидејќи не беше усвоено тоа ние останавме да работиме и покрај тоа што беше оваа пауза од дваипол саати до крај на мерка нарушено достоинството на пратеничката функција што ја вршиме, затоа ставот на пратеничката група на Илинден -Слободни демократи е вечерва да се продолжи со работа.Исто така, сакам да го потсетам претседателот на Собранието  дека при  изборот за Влада, при напуштањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ јас овде предложив седницата да се прекине и тоа мое барање претседателот го стави изјаснување и се гласаше. Што значи дека барањето на Халили, според мене би требало да се стави на гласање и Парламентот да се изјасни. Значи ние еднаш така сме постаггиле и не гледам зошто сега да не постапиме уште еднаш, да не го ставиме предлогот на гласање.

РИСТО КЕЛЕШОВ:

Ставот на пратеничката група на Странката на југословените во Македонија е Собранието да работи до донесување најмалку до донесување на законот за лична карта.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Дами и господо мислам дека ова е втор или трет пат што нашата група бара одлагање на една ваква седница. И покрај тоа што интимно морам да ви кажам дека ова не личи, превише молиме тука за едно обично барање како што досега и колегата Пановски и Голубовски и други, незнам по кој пат оваа седница е одлагана, дневните редови седниците цели, а да не зборуваме за претседателот на Комисијата за избори и именувања кој што само заради неговите членови од не-говата партија што не биле во таа комисија, заради тоа што нешто евентуално не им одговара на нивните калкулации по месеци ги има одлагано комисиите и никогаш не сме имале потполн состав за донесување на одлуки. Мислам дека ако навистина вака се продолжува, нема смисла, ние ќе се повлечеме, ќе одлучиме, а вие наставите, продолжете носете одлуки и закони и ви честитаме да ги спроведете во жи-вот и во практика.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Прво, колегата Селмани ги помешал брзините скроз, не е на дневен ред состаноци на комисии за избори и именувања ниту дневен ред. Прво најуредно ги закажувам состаноците, а најнеуредно присуствува лично тој. Имаме проблеми на одредени седници заради кворум исклучиво заради негово однесување а ни бара пред состанокот покрај телефонскиот, писмениот и телеграма за да присуствува на состанок што му доставуваме и телеграма, за да не присуствува на закажаниот состанок. И дури ни влијае негативно. А после кажува не бил на состанок и незнам што. Да не се проширува прашањето ја сметам дека треба да имаме ред. Сето инсистирање беше да продолжи седницата. Консултации, нема наидено ново, меѓутоа кога ќе наидеме на ново прашање кое треба да се дополнува или појаснува тогаш. Меѓутоа, вашето вакво играње ја сметам дека во оние основни единици по

месни заедници нема вакво зафркавање а одовде започнува државата и демократијата и парламентарното  живеење.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Мислам дека може тоа да се констатира за мојата уредност во таа комисија, тоа воопшто не е проблем и овој Парламент е дол-жен во крајна линија да расправа за тие комисии кој колку пати бил во нив. Меѓутоа мора да констатираме дека толку сме сведени во ед-на стварност која не личи, ако можам така да кажам, поединци овде од луѓето што направија од овој Парламент циркузи. Тоа не личи за Европа, дури не е ни за Авганистан а не за Европа. Ние дури тоа сме го трпеле, да не спомнувам по имиња, по ред ги имам. Сега сме дош-ле о состојба овде некого да молиме. Не молиме, апсолутно не молиме ние тоа го поставивме до претседателството на Собрание и претседа-телот нека го постави на гласање и ништо друго.

ГОРГИ КОТЕВСКИ:

Да ги отфрлиме сите овие досегашни дискусии. Да ги отфрлиме и овие констатации. Меѓутоа, една голема причина во овие три дена е битна овде заради продолжувањето на седницата. Ние што сме од внатрешноста на Републиката дојдовме со една цел и со сознание дека за еден ден оваа седница ќе заврши, ќе се донесат овие закони. Останавме три дена и за овие три дена апсолутно, ние како луѓе прво не сме достоинствено ни наспани, ниту пресоблечени и тн. Затоа ве молам водете сметка, ова најсериозно го дискутирам, затоа што навистина треба еднаш да завршиме и да си одиме. И ако беше сериозна работава, и ако беше до тоа да се прекине седницата, уште кога се даде паузата требаше да се каже за да си отидеме сите дома. Инаку ова, јас мислам дека е просто едно изживување и тероризирање на сите пратеници, поготово ние што доаѓаме од внатрешноста на

Републиката. И затоа сватете не е во прашање тоа дека ќе се одложи седницата, меѓутоа дека функционално да ја завршиме оваа работа и да си одиме зашто имаме физичка потреба да сиодиме. Ве молам.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Овде сега слушавме и предлози а и предавања. Од предавања мислам дека ни е на врв глава. Па нека се престане со држење на предавања од оние кои што се склони на тоа. Мислам дека добар и јак аргумент имаме и координаторот на нашата група тоа го кажа. Како може ние да продолжиме да расправаме кога е во прашање амандман што е примен во 2 0,45 часот. Може ли така да расправаме. Зашто тоа секогаш сме го правеле кога за ова треба да имаме мислење од Владата. Од Владата немаме мислење. На комисија не бил. Што треба друго да бараме. Според тоа мора да се одложи седницата.

ЏЕЛАЛ ТАИРИ:

Јас мислам дека веќе овој закон не дошол до тој степен да мора и ноќе да го донесеме. Второ, оваа иницијатива од изготвувањето на овој закон е пред шест месеци, не е од денеска или од вчера. Сметам дека кога една парламентарна група бара одлагање за да продолжи седницата утре, укажува на тоа колку сме усогласени за донесување на овој закон. Затоа сметам дека закон што ноќе ќе се донесе а нема расправа по него, барем единствени ставови на сите парламентарни групи, тогаш за мене тој не е никаков закон. И ова брзање ќе не води во уште подлабоки тензии, затоа сметам дека се оправдани реагирањата наши и во смисла на тоа да мора во духот на тоа што толку амандмани и дури пред два саати сме добиле амандман. Некој вели дека нема битни промени од моментот кога се дава паузата. Досега, меѓутоа тогаш беше 21 часот, а сега е 23.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, ја сметам дека овој амандман не е причина за да се бара прекинување на седницата затоа што ние имаме амандмани, други амандмани кои што беа пуштени во процедура пред 10 дена. Како второ зашто сега да се прекине седницата кога беше побарано само еден саат пауза и да продолжиме. Кој и зошто се манипулира со овие пратеници овде, а плус тоа и со македонскиот народ и кој ќе ги сноси овие трошоци ако ја одлагаме оваа седница. Едно спиење во хотелот е 17 илјади денари. Замислење, што правиме со македонскиот народ! И немојте да си играме со тоа. Му текнало на некому да ја прекинам сега седницата. Не треба прекинување, има да се работи и да ги донесеме законите, па ако треба и до 8 часот наутро.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Не сакам да пренесувам нешто што еве на некој начин едни бараат да се ослободат, а другите вршат притисок за тоа да се држи и да се продолжи со донесувањето на овој закон. Верувајте дека 4 часа вчера по истиот амандман што до 8,30 часот расправавме а и денеска цел ден. Замислете сега дека имаме уште три такви амандмани со иста содржина. Најмалку ќе бидат потребни четири дена а не сега кога е 23,20 часот. Ја сум сигурен дека и по овие амандмани ако седиме и до утре, тука нема да се реши. Бараве, а бараа и прее-ка некои пратеници да се одложи седницата поради настанатата клима во Парламентот. И мислам дека е оправдано, исцрпени сме сите, сакале признале или не. И преескa сакав да ве поддржам (се обраќа до еден пратеник), само вие излеговте пред мене и ми го зедовте предлогот. Затоа мислам дека е ред да се прифати ова барање, затоа што е 23,20 часот.

ГОРАН ЗАФИРОВ:

Почитувани пратеници прво забележувам една суштинска разлика. Ова не е одлагаше на седницата туку прекинување на скоро завршена седница на која сите аргументи се исцрпени. Затоа да продолжиме вечерва и да завршиме и да не почнуваме после неколку дена со истите аргументи, со иста расправа, со исто исцрпување.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Видете јас бев прв овдека кој што од оваа говорница барав одлагање на седницата, односно прекинување. Тогаш беше една таква атмосфера скоро да дојде до една немила ситуација. А овде во овој момент само пред некоја минута ми побегна господинот Ештреф Алиу, да не речам дури и ми запрети дека некој земал дневница и треба таа дневница да се оправда. И рече дека мораме да работиме до утре сабајле, ако затреба, ако треба и цел ден, законите да се донесат. Тоа потекна од ПДП-НДП. Сега наеднаш, веќе имаме друга ситуација. Мене не ми е сватливо, па го барам господинот Ештреф Алиу, нека каже како таа работна сила наеднаш се изгуби. Според тоа ништо не прифаќам, мораме да ги донесеме овие закони, започна-тата работа да ја завршиме. Дали ќе ги донесеме утре сабајле или утре цел ден,еднаш мора да ги донесеме. Четири-пет месеци трае оваа седница. Затоа ве молам тоа, беше само пред 17 часот кога дури од таму доаѓање и претња некој земал дневници, оваа држава ја коштало. Сега наеднаш оваа држава ништо не ја чини и ајде да си одиме. Ве молам седницата треба да продолжи.

ГОРАН ЗАФИРОВ:

Почитувани пратеници прво забележувам една суштинска разлика. Ова не е одлагање на седницата туку прекинување на скоро завршена седница на која сите аргументи се исцрпени. Затоа да продолжиме вечерва и да завршиме и да не почнуваме после неколку дена со истите аргументи, со иста расправа, со исто исцрпување.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Видете јас бев прв овдека кој што од оваа говорница барав одлагање на седницата, односно прекинување. Тогаш беше една таква атмосфера скоро да дојде до една немила ситуација. А овде во овој момент само пред некоја минута ми побегна господинот Ештреф Алиу, да неречам дури и ми запрети дека некој земал дневница и треба таа дневница да се оправда. И рече дека мораме да работиме до утре сабајле, ако затреба, ако треба и цел ден, законите да се донесат. Тоа потекна од ПДП-НДП. Сега наеднаш, веќе имаме друга ситуација. Мене не ми е сватливо, па го барам господинот Ештреф Алиу, нека каже како таа работна сила наеднаш се изгуби. Според тоа ништо не прифаќам, мораме да ги донесеме овие закони, започна-тата работа да ја завршиме. Дали ќе ги донесеме утре сабајле или утре цел ден,еднаш мора да ги донесеме. Четири-пет месеци трае оваа седница. Затоа ве молам тоа, беше само пред 17 часот кога дури од таму доаѓање и претња некој земал дневници, оваа држава ја кош-тало. Сега наеднаш оваа држава ништо не ја чини и ајде да си одиме. Ве молам седницата треба да продолжи.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Сите сме свесни и сведоци сме на тоа сите сме свесни и сведоци на тоа дека  ние расправавме два дена за амандманот на Петров. Расправавме и гласавме два пати и се потврди тоа. Сега, обично во модерните парламенти се практикува ако има еден амандман кој е спротивен на другата страна од парламентарната група барам редоследот на амандманите да биде, сега да се постави мојот амандман на ред бидејќи за амандманот на Петров расрпававме два дена. Сега прво ќе расправаме за мојот амандман. Исто така ќе видиме дали тоа ќе трае два дена затоа што имам и јас мој аргументи и може да продолжиме.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Штом почнавме да сметаме сите, па решив и јас да сметам а тоа значи дека преуморни сме и за овие важни закони неможеме тек така да ги донесеме. Меѓутоа, сум должен да речам и тоа дека за 30 минути почнува молкот така речено за изборите што ни се во изборните единици, па мислам дека некои пратеници тоа можеби сакаат и да го злоупотребат. Па водите сметка за тоа.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Ставот на Владата по прашањето за продолжување на седницата го презентираше господинот Фрчковски и рече дека тоа е прашање на кое што одговор треба да даде Собранието и пратениците. Меѓутоа бидејќи почувствував дека вие скоро да бевте спремни да го ставите предлогот за продолжување на работата на изјаснување, предлагам претходно добро да биде дефиниран предлогот бидејќи овде од пратеници некои дискутираа да се заврши седницата до крај , некои се чини, господинот Келешов рече Законот за лична карта и тн. Ова го велам од причини да не заборавиме дека ова е претпоследна точка и имаме уште една точка а тоа е донесување на Законот за грбот на Република Македонија, закон кој што бара двотретинско мнозинство за да може да биде донесен. Сакам да кажам да го имаме тоа во предвид кога ќе се

договараме дали ќе се продолжи воопшто со работа и ако се продолжи како ќе се продолжи бидејќи мислам дека основна претпоставка што треба да се обезбеди барем за еден таков закон е што е можно поголем број на пратеници да бидат присутни заради големиот квантум на гласови што се потребни за да се донесе тој закон, дво третинско мнозинство односно 80 гласа .Но, треба да се замислиме дали е добро за едно такво гласање каков што е законот за грбот за еден од трите симболи да Република Македонија да разговараме , незнам, некој вика на сабајле до три до четири, до пет и тн. Едноставно предлагам ако мислите претседателе да го ставате ова прашање на изјаснување претходно добро да размислите како ќе го дефинирате случајот што го предлагате да не го ризикуваме законот за грбот или да го сведеме ризикот на што е можно помала мера. Јас само тоа како сугестија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не)
Видете, само да објаснам, ние сега одлучуваме да продолжиме ако се изјасниме за тоа. Инаку, кога ќе ја завршиме оваа точка пред да почнеме на наредната точка јас морам да пребројам и да констатирам број колку имаме овде пратеници, дали се исполнети условите, и дали можеме да минеме на таа точка. Тоа е претходен услов. Е, тогаш може некој да даде предлог за таа точка да одлучуваме и тн. Сега не можеме да одлучиме за друго ништо оти не знаеме дали ќе има луѓе. Тоа мора тогаш да се разјасни. Инаку сега е предлогот по овие амандмани да продолжиме.
Кој е за предлогот да продолжиме молам да крене рака.
(пратениците креваат рака)
За гласаа 64 пратеници.
Според тоа предлогот е усвоен и има апсолутно мнозинство.

Видите, ајде да продолжиме, јас морам инаку да ви соопштам и јас сум уморен и немојте премногу да ми ...., морам висока концентрација а овде е различно отколку за секој вас поединечно.ги минува физичките можности на човек, се работи за тоа дека е сега 23,30 часот и ве молам да се држиме за ред оти едноставно неможе во 23,30 часот да се држи концентрација а законот е многу важен, секој амандман е многу важен. Затоа ве молам сега да направиме една пристојна атмосфера да можиме да работиме.
Отворам претрес на амандманот на член 5 став 2 поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.
Молам кој бара збор? (некој од пратениците му укажува на претседателот дека се настанати некои промени во редоследот на аман--дманите) Само еден момент, не не, не биле пред тоа по редослед на донесување, затоа сум го прочитал , ама ги преместивме сега. Според сатот по кој стигнувале амандманите, они биле по ставовите а не по редоследот. Бидејќи се однесуваат на исти член сега е по:редоследот на пристпгнување.
Кој бара збор?
Господин Стефковски.
Ве молам уште еднаш пак да нема забуна отворам претрес по амандма нот на член 5 став 2 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас ќе се држам на текстот, ќе уважувам она дека навистина часот малку е поодминат и во основа ќе.се потрудам да објаснам што е суштината на нашиот амандман. Откако го добивме текстот фактички амандманот на предлогот на законот за личната карта од страна на Владата внимателно го прочитавме

и дојдовме до едно сознание дека сакале или не пак ќе се повторува она што го кажавме дека имаме еден непримерен предлог спротивен на Уставот каде што не се почитува членот 7 став 1 од Уставот на Република Македонија според кој во Република Македонија службен јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо. Кога се работи за членот 7 став 1 недвосмислено е дека на територијата на Републиката службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Отука нас не зачуди предлогот што дојде од страна на Владата каде што во образецот на личната карта се говори дека ќе се запишуваат и имињата на припадниците на националностите според јазикот и писмото на соодветната националност. Ние како пратеничка група оценивме дека во случајот имаме директна повреда на членот 7 од Уставот на Република Македонија и дека ваков текст на закон е спротивен на Уставот. Пак ќе повторам дека Владата нема уставен основ за предлагање на ваков закон што беше потврдено на денешната дискусија по амандманот на господинот Петров. Ниедно образложение што се даде од рептставникот на Владата во случајот не држи ниту има свое оправдување.Денеска имавме прилика да чуеме многу дискусии од аспект кој што се ослонува на фактот дека ова решение што го нуди Владата, а тоа значи дека се однесува за територијата на целата Република Македонија, што значи дека и во било која општина на територијата на Република Македонија секоја националност ќе се запишува во личната карта и на писмото и јазикот нејзиното име па било каде , значи , во Републиката. Со тоа фактички се овозможува на еден перфиден начин да се воведе латинското писмо во употреба на територијата на Република Македонија. Се овозможува да една таканаречена измислена на потешкотија предизвика илјадници и стотици илјадници потешкотии во секојдневното комуницирање токму со личната карта на која што ќе биде запишано

името и на соодветната националност. Јас ќе ве прашам, а вие сами одговорете дека она што е име запишано во личната карта одеднаш ќе добие граѓанство во Републиката и ќе се појавува на сите сметкопотврди во сите фактури било за плаќање на комунални услови на сите телефонски претплати, за струја и секаде , што значи на секој шалтер ќе ги принудуваме работниците што работат да.го пишуваат името и на латинско писмо, се со тоа да се погоди на одредена националност една да речам не до крај обмислена постапка и предлог на Владата на Република Македонија.Јас сакам понатаму да кажам дека ова што се нуди во законот има далекусежни последици воопшто во Република Македонија и претставува само еден мал дел , почеток на остварување на одредена цел, а тоа е а јас кажав на одреден начин постигнување на одреден паритет и во употребата на јазикот и почеток на двојазичност, тројазичност, петојазичност и слично. Е, само да земеме еден пример една општина во Скопје, да речеме Чаир. Во таа општина Чаир според составот на населението ќе има потреба еден исти орган да пишува лични карти на македонски, на албански, на српски ќе се изразам па и на ромски. Значи тоа е само состојба на подрачјето на една општина. А до каде ова ќе не однесе кога ќе се работи за Републиката тоа нека секој од нас размисли.Оттука да не повторува она што го реков треба да се почитува мислењето што го даде законодавно правната комисија во однос на оваа состојба и да се уважува во понатамошната постапка Друго сакам да кажам дека кога се повикува од оваа говорница на членот 48 од Уставот лично сметам дека јазичниот интегритет и културен и било како е кажано во член 48 ама со ништо не се обезбедува со ова решение кое што само јас мислам е и одредена заложба заради одредени политички потреби.

Членот 7 ја исклучува употребата и било какво решение на членот 48 во решението  што е дадено во законот за личната карта. Јас пак ќе речам тоа прави и претставува едно залажување, меѓутоа залажуван е за кого. Исто така сакам да напоменам да ни е јасно на сите особено ние што бевме членови на Уставната комисија дека државен јазик, службен јазик во републиката е македонскиот јазик. Не случајно имаме ние став 2 и 3 на членот 7 каде што се зборува за употребата на јазикот на националностите во локалната самоуправа. Тоа значи дека во државните работи нема место за употреба на јазикот и писмото на националностите. Ако тоа некој не го расчистил сметам дека во случајов тоа е Владата и нејзиниот претставник кој што беше исто така и учесник и еден од авторите на Уставот господинот Фрчковски кој што сега моментално излезе.Оттука за да бидеме до крај консеквентни на она што ВМРО го предлага, пратеничката група тоа е дека навистина нема место за еден ваков тек на закон кој што го понуди Владата на Република Македонија. Во тој смисол сметам дека како координатор на пратеничката група ја имам подршката на пратениците најверојатно ги повикувам да го искажат своето присуство и своето учество во подршката на нашиот амандман на оваа говорница сите до еден.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Почитувани дами и господо, навистина немам желба и мотив и незнам што како поинаку да се изразам повторно да се јавам на оваа говорница после сето тоа што беше кажано. Меѓутоа направивме на почетокот еден можеби процедурален, несакајќи пропуст  што сите овие амандмани кој впрочем имаат иста содржина, од ист карактер се и на ист начин се рефлектираат по однос на законските одредби на член 5

што не ги изгласавме наеднаш. Но тоа беше што беше.
По однос на амандманот кој впрочем е исто со претходниот овде координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ изнесе некои факти по однос на уставноста и законитоста на овој амандман односно негирајќи ги одредбите на членот 5 поднесени од Владата во форма на амандман со кој се овозможува правото на граѓаните од другите националности да го имаат напишано своето име во личната карта и во своја оригинална форма. Не само координаторот на пратеничката група на ВМРО, но тој беше последниот кој што рече дека овој член односно овој став од членот 5 директно се коси со Уставот на Република Македонија, односно со став 1 од член 7.Незнам од каде потекнува ваквата идеја. Јас би го прашал сега господинот Стевковски колку става има тој член 7 од Уставот на Република Македонија и како смееме ние така да го интерпретираме членот земајќи го во предвид само првиот став. Се знае според став први кој е службен јазик во Република Македонија.Но исто така се знае и тоа кои се уште други јазици службени во Република Македонија согласно ставот 2 и 3. На крајот на краиштата ова прашање не се регулира со членот 7 иако имаше и такви обиди тоа да се поврзе со член 7 односно правната основа да се бара во членот 7 од Уставот.Правната основа по однос на оригиналното пишување на името и презимето на носителот на оваа јавна исправа не лежи и не може да се бара во членот 7. Напротив во членот 48. Така да залудни се сите обиди кои одат во смисла да се докаже неуставноста на овие одредби во смисла на членот 7 став 1 од Уставот на Република Македонија. Прашањето на името и презимето е прашање на идентите господо. Пра-шањето на иднетитетот се регулира токму со членот 48 и тоа ставот 1 Ако сака господинот Стевковски нека го отвори уставот и да го прочита да види што таму пишува. Ова нема врска воопшто со член 7 став 1 од тој Устав.

(некој од пратениците од место се уфрлува во дискусијата)

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте од место ве молам, немојте од место. Само од говорница и немојте да се обраќате еден на друг.
Продолжете ве молам, продолжете вие.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Дозволете да се искажам, не ме прекинувајте од место зашто сепак треба да имаме еден ред овде на однесување.Што сакам да кажам уште? Сакам да кажам дека кога се задираат овие прашања во однос на идентитетот, секој граѓанин од Република Македонија, без оглед на неговата национална  или верска припадност е многу алергичен, многу чувствителен. И многу е неуралгична оваа тема. Впрочем, најдобро го вкусивте токму во прв ред вие Македонците ова прашање  со ставот на 12-мината односно со заклучокот од Лисабонската конференција.

НЕКОИ ПРАТЕНИЦИ:(од место).Па и вие сте во Македонија.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Мислам дека бев јасен по однос на ова прашање. И сите овие македонци кои денес овде седат станаа на нозе да се спротивстават на тој нелогичен, неразумен и несфатлив по нас заклучок на таа Лиабонска декларација. И токму ние албанците бевме против тој став, и дури од вас од едната и од другата страна пратеници се слушаа добри зборови, зборови на поддршка и охрабрување на нашата пратеничка група на ставот кој го изнесовме тука по однос на тоа прашаше. И зошто господа сега, кога сме ставени ние, не по наша вина и не со наша волја во таква состојба друг да ни ја крои судбината по однос на името, вие се ставате во положба во која беше ставено токму од дванаесетмината на Европската заедница.Јас навистина не би сакал понатаму да продолжам, зашто навистина овде се исцрпени сите аргументи и во однос на уставноста

и во однос на политичкиот момент, односот на политичките сили, но верувајте дека вакви прашања се длабоко поврзани со чувствата и идентитетот на секој граѓанин. И не дозволувајте вие кои не го чувствувате во овој момент тоа прашање, да ја кроите судбината за другите граѓани.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Стефковски има реплика.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас се извинувам што на господинот Зибери му дофрлив од место. Инаку изгледа дека тој не го прочитал уставот. Се работи за став 2 на членот 48, значи сум во право, а исто така сум во право бидејќи постручни и поквалификувани луѓе од мене во одбраната на законот се повикуваат токму на членот 7, ставот 1.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Барам реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

Немате вие реплика.Само Насер Зибери може да бара реплика, а Вас ќе ве запишам дека барате дискусија.
Има збор господин Нeџадин Џафери.

НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:

Бидејќи амандман со иста содржина пак се повторува и многу аргументи беа изнесени од оваа говорница и некои колеги овде не убедуваа кога се донесуваше уставот дека се донесува граѓански устав, но за жал со таа стратегија ние излегуваме во Европа и во светот, да ги убедиме другите политички субјекти во Европа дека навистина имаме граѓански устав, и со тој граѓански

устав Бадентеровата комисија утврди дека нема причина да не се признае Македонија. Но, како се одвиваат работите вчера и денес докажавме една спротивна страна, дека тој устав што е гласан не бил граѓански устав туку токму национален устав. Такви устави, колеги, припаѓаат на минатото, сите тоа знаеме оти веќе тука ни е 21-ви век. И некои фрустрирани дискусии исто така не припаѓаат, за денес и вчера што се одвива. Мислам дека уште не сме оформиле една кутија, а сме именувале дека таа кутија ќе биде пандорина кутија, кутија во која ќе ги собереме сите болести на човечанството. Таа кутија, колеги, сигурно утре ќе се отвори. Дали ќе страдаме од тие болести на таа Пандорина кутија. Сигурно никој не ќе страда, ќе страдаме пак ние што сме тука. Нели имаме дело на видело денес во бившите простори на Југославија? И тоа нели се доволно аргументи за денес барем за овие простори ние што живееме. Нели не се доволни аргументи што нашите довчерашни сограѓани станале крвни непријатели. Нели не сме сведоци денес дека со милиони луѓе скитаат по другите земји? Нели не сме сведоци дека во нашите простори имаме од тие луѓе со 300 јадови? Навистина, чест да им е на тие граѓани што створија вековни омрази меѓу себе. Дали и ние се трудиме овде такво нешто да донесеме? Немојте колеги оти навистина, страстите да ги задржиме за себе. Дајте без страсти, без закaнувања и од едната и од другата страна трезвено да размислиме за утре овој закон како ќе биде примен од обичниот граѓанин.Ние од националностите не бараме на личната карта на Македонецот да пишува на јазикот на националноста. Македонецот, колеги, ќе ја носи својата лична карта само на својот јазик.

Зошто и јас да не носам, покрај на македонскиот јазик, и на мојот јазик? Таа лична карта лично ми служи само за мене. Нели пак ќе пропаднеме во таа сопствена грешка и да не се почитуваме меѓусебно? Зошто? Затоа што не ни го пишува името, твоето име го пишува на твојот јазик, моето не. Нели ова е една кардинална грешка? Дајте, колеги, навистина да не ги повториме повторните дискусии,сега некој ни наложува некои свои принципи и сите знаеме тие принципи кои се. Со овие имиња дали ние алергични станавме во овие простори на Балканот? Дали тоа име еве сега моментално е главна пречка за непризнавање на оваа држава? Сведоци сме дека така е. Така е оти комшијата исто како нашите комшии што не го признава моето име, мојот комшија исто еден комшија не го признава името на државата. Дај смени го името,ќе те прифатиме како држава. Значи, и ние сега, и јас како Неџат треба да го сменам името за да колегата Голубовски ме прифати како граѓанин на Македонија. Се извинувам, само еден пример, драстична грешка што прави нашиот сосед. Дали и ние паднавме на тој испит? И на крајот да имаме малку трпение дека не не праќаат само во овие простори. Да знаете дека аудиториум имаме и надвор од овие граници, па сите зборови било добри било лоши се регистрираат, не регистрира некој и тоа не се наша полза. Во тоа сигурни да сме дека не регистрираат за наша полза. И некој си во овие простори, тие бараат наши слабости. И скоро секој ден ни нуди некое решение, а најгубитачно решение такви решенија токму за македонскиот народ ќе бидат оти, еве историска прилика во својата историја да создава сопствена држава. Дали и ние придонесуваме за стопирање на тие активности. За тоа како ми се чини и те како овие денови сме придонеле.

ЏЕМАИЛ ТАИРИ:

Јас ќе бидам малку пократок, имено, сакам да го изнесам она што најмногу ме загрижува.Изгледа овде имаме цело време и околу Уставот и околу законите едно големо недоразбирање или недоверба едни спрема други. Постојано не убедуваа, само да се донесе Уставот, па со законските прописи лесно ќе биде. Македонија е во таков миг што сакаме да се донесе Уставот, па дајте вие помогнете и во таа смисла сето тоа беше само со задни намери. Тоа го потврдува и вечерашната седница. Чудно ми е тоа што заправо најгрлатите кои се против овие наши барања, заправо тие убедуваат дека ќе биде се во ред, меѓутоа, еве до каде дојдовме со таквите убедувања. Јас нема да го повторам господинот Зибери бидејќи доста подробно од правен стручен аспект го кажа своето. Јас само да завршам дека Републиката во каков миг се наоѓа, Македонците треба Албанците само да ги помнат по добрите намери и ако има било какво човечќо чувство, тоа треба и да го сторат.

КИРИЛ КОДАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, краток ќе бидам, целосно само за амандманот од мојата партија ќе кажам нешто.Член 7, став 1 кажува конкретни одредби, многу децидни, прецизно. Се тоа е концентрирано во ставот 1 и не можеме да преми-неме прет^у тие конкретни одредби. Додека член 48, став 1 содржи општи одредби и не можат тие општи одредби да бидат појаки од оние конкретни одредби. Во општите одредби тука можеме да ја ставиме јазичната комуникација, слободната јазична комуникација надвор, школувањето, фолклорот итн. И не може членот 4 8 да го

поништи членот 7, став 1 кој е многу дециден и јасен. Во тој случај ако може тој член да го поништи, тогаш дај да го нема член 7. Зошто е ставен член 7? Не е тука министерот, јас министерот би го прашал. Тогаш нека не постои член 7, ако може со членот 48 да го решиме тоа прашање.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што се веќе вечерни часови, може по нешто и да згрешиме, меѓутоа ќе имате разбирање и за грешките.Некои дискутанти непотребно сакаат да укажат дека ете се добри познавачи на уставните одредби и дека добро ги познаваат работите итн. Еден ден читајќи еден гласник од ВМРО-обединети, гласникот беше "Македонија" и таму во една статија имаше слична хистерија како тука, дека ете наводно во Бугарија Турците барале службен јазик да биде и турскиот јазик во Бугарија и авторот на статијата крокодилски солзи пушташе дека ете веќе стана пропаст на Бугарија и нема веќе бугарска држава. Слични тензии ми се чини се појавија и вечерва тука на трибината, верувајќи некои под притисок на таа статија.
Некои луѓе тука правеа обид да докажат дека еден личната карта е јавен документ, а тоа што ние бараме тука, тоа би требало да биде едно резервирано право кое ќе се употребува во нејавни документи, во тајни документи. Значи тоа би можело да биде едно љубовно писмо од бившата љубовница и тоа тајно да му го покажеш на некој другар. Јас незнам како му беше името на докторот по ишијас.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:; (продолжение)

Евидентно е дека тој прочитува тука некои подготвени текстови за од некој таканаречени правници од една институција во Тетово, меѓутоа, со оглед на непознавањето на мајчиниот јазик, на македонскиот, тој вели дека македонскиот му е мајчин јазик а не го познава, не знае да ги толкува работите. Сега тука стана една збрка ги меша членовите, не знае каде е член 48, не знае член 7 и навистина тој навистина мисли дека Уставот и законите можат да се толкуваат и ако се оди во Дебарска бања да се лечи за ишијас. Мене ми се чини дека не е време да го толкуваме тука Уставот и законите. Ги знаеме тие работи, тоа е јасно. Ако имаме некои дилеми сопствени секој може да се обрати до тие институции кои го толку-ваат Уставот, а бидејќи се повикуваме многу на Бадинтеровата комисија која ете без да се состане донесе одлука за пополнување на критериумите на Македонија за признавање . Можеби Бадинтер ќе му даде виза дека неговата визија за еднојазична држава е праведна.Прашањето на употребата на јазиците е прашање на правото и на социјаллингвистиката. Затоа би требало да се има дебели докази за да ја убедиме јавноста. И не треба на дилетантски начин тука да излеземе и да даваме такви квалификации.Бидејќи опозицијата не е на ниво на теоретски можни знаења не би сакал да трошам време нив да им кажам што е службен јазик и кои се лингвистичките и вонлингвистичките елементи кои условуваат една држава да крои праведна јазична политика. затоа мислам дека со некои ставови и убедувања смешни за времето не би требало тие луѓе да излегуваат тука.

СТОЈАН АНДОВ:

Реплика бара господинот Ковачевски. Па не ве спомна. Јас не чув Ковачевски да кажи

. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Не рече , ама тој доктор за ишијас јас сум.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро ако се препознавате толку многу.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

освен тоа тој не нарече и дилетанти. Веројатно и со гума се бави па ќе треба повеќе нешто да одговори.Би го замолил секретарот нешто да ми толкува , тоа е негова должност. Секретарот на Собрание тоа е негова должност, дали разликува член 7 став 1 од член 48 став 1.

СТОЈАН АНДОВ:

Нема должност секретарот. Тоа е ваше право да разликувате, или нарочно да не разликувате. Вие сте пратеници си зборувате како сакате.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Така кажа, дека јас не разликувам. Ке му повторам уште еднаш. Членот 7 став 1 многу децидно кажува, дава конкретни одредби и не може членот 48 да го потисне членот 7, кој има општи одредби. Ве молам господин секретаре да кажете што сум кажал, дали е точно или не. Ако е толку важен членот 48 кој има општи одредби тој тогаш нема потреба да постои членот 7, кој има конкретни одредби. Јасно ти е? Дали ти е јасно или не?

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Халипи- Само, Ве молам секретарот не е должен воопшто за Уставот да толкува.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Мене ми е драго што тој призна дека тој бил тој господин по ишијас, меѓутоа, јас навистина ништо не разбрав околу тоа. Бидејќи не знаеше да го толкува.

СТОЈАН АНДОВ:

Морам да интервенирам. Устав никој не толкува. Пратеникот кога доаѓа овде си зборува како тој си го разбира уставот. Сеедно е, другиот мисли дека не го разбира, тоа си е негово мислење. Тоа си е мислење на пратениците и не можеме да ги усогласиме тука. Нема смисла тоа, тоа нема надеж. Луѓето си мислат различно.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

По Деловникот должност има секретарот да толкува.

СТОЈАН АНДОВ:

Никој нема право да толкува Устав, ни секретар ни Собрание, ни претседател на Собрание ни никој. господинот Зимбаков, нешто процедурално сака да каже.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:

Почитувани пратеници, јас мислам дека тоа е игра со македонската држава. Ние овде може да седиме и до утре сабајле и до други ден и три дена до глаеање оваа вечер нема да дојдеме. Тоа да бидеме на јасно. Народот бираше најдобри и најпаметни мислеше, а ние си играме со народот. Тоа е за подбив тука. Групата од ПДП ќе се јавува нон-стоп ќе кружи како лента, нема да дојдеме до гласање.

Тоа е игра со македонската држава, многу несериозно. Тоа е загрижувачки да ви кажам право. Дајте да се свестиме, сите сме тука сите сме академски граѓани. Јас мислам дека тоа не личи и предлагам да ја прекинеме седницата, бидејќи нема резултати од оваа седница сега. Оваа вечер ќе нема гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Барате ли изјаснување? (Не).Не даваме на изјаснување, иако кога е во име на пратеничка група, морам, барем така досега работевме.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Би почнал од констатацијата на претходниот дискутант -си играме со сопствената држава. Меѓутоа, сосема совесно, без желба да се приклучам кон овој предизвик во играта која се наметнува првокласна гњаважа терапија, дозволете јас ќе се обидам да гњавам тука на оваа говорница.Имам пред себе два амандмани поединечно на господин Тодор Петров, амандманот на Илинден-слободни демократи и амандманот на Партијата со многу славна кратенка , за жал без содржина за иднината. И имам амандман на господин Петров кој ги соединува двата претходни амандмани. Содржината на сите амандмани е игра на зборови, а потполна е иста. Позицијата нивна потполно е иста, не идентична. Па, ова не може друго да се нарече, отколку една сосема наивна прозирна игра со однапред поставена цел. Впрочем, на Партијата тоа и доликувало за оваа година дена во Парламентот бидејќи со апсолутно ништо не се позабавила, отколку да гњњави, да клевети, да инсинуира, да ги придобие, да ги присвои залагањата на другите, да го чека крајот, да контаминира терен и направи да приреди свечености во име на големомакедонство дека ако народот случајно ги бара некаде

најзаслужните , ете тоа сме ние претставници на славната кратенка. Токму денес веќе потполно се откри намерата на претставниците на славната кратенка, а тоа им било доаѓањето на Парламентот на Република Македонија, тврдокорно да се постават во позиција од сите страни да ги бомбардираат претставниците на својот прв сосед, бидејќи нивното присуство воопшто по се изгледа е непожелно, а нивните залагања сомнителни, нивното постоење во погрешен простор и ред е можеби и да бараме молба да ни дозволат овој воздух што го дишеме бесплатно да им платиме и некоја такса.По дводневна расправа околу намерно напишаниот амандман и тепирање да тече се онака како што е испланирано,да се издејствува единствено позицијата која е цврсто закопана и надалеку читливо и јасно национална поминува во онаа националистичка бидејќи на првоот досебе не му дозволува да зборува за себе, да каже со сила на аргументите за најосновни цивилизациски потреби на тој прв до нив, а тоа сме нме, тоа сум јас во моментот, обидувајќи се од позиција на поистоветување и со власта и со силата дека ние во овој Парламент ќе правиме ама баш се онака како што ние сакаме. Што значи ова? Како впрочем на друг начин да се протолкува сето тоа иако вршев огромни напори претпладне на оваа говорница да зборувам обраќајќи се со дами и господа пратеници и неупотребувајќи го атрибутот почитувани. Ние со лажна глазура не можеме долго да опстоиме, ниту јас што зборувам, ниту претставниците на славната кратенка што ја присвоија и што ја злоупотребуваат до бескрај.

Затоа во посебни расправи со конкретни примери би се потрудил да го докажам со силата на аргуметитите, па дури тогаш навистина ќе приредиме приредба "побаравте,гледајте" . Тоа од оваа говорница се повторува по втор пат. По се изгледа сосема ни е јасно дека позицијата од која се настапува не поседува аргументи. И затоа мора игра на зборови мора да се произведе тука да се комплицира играта колку да се добие во време, колку да се повикуваат во нешто свето кое мора да служи како алиби да се уништи првиот до себе. Господинот министер објасни каде е уставната оправданост на законот што го предлага, ги објасни сите работи. Јас немам докази дека тој лажел, а вие кога ќе излезете, тоа докажете го. Јас сум склон да верувам на тоа иако не ги исполнува моите барања и моите погледи на конечното решение на проблемот за кој се произнесе господинот министер. Во игра цело време е првокласен медиокритет македонски. И тој првокласен медиокритет си дозволува на себеси да си игра и со сопствената иднина и да нервира други и да не води грижа за дигнитетот ни на министер, ни на Влада, ни на пратеници од други партии. Како поинаку јас тука во ова Собрание да ги сватам денешните излегувања на оваа говорница на 50-сетина пати повторени како да ништо никој друг не рекол, како да ништо никој друг не објаснил, како да ништо никој друг не поткрепил со силата на аргументите,нешто спротивно што го кажуваат и што го повторуваат претставниците на партијата со многу славна кратенка. Тоа што го прави таа партија сосема ми е јасно дека нема две чисти со демократијата и демократските процеси. Сето тоа покажува еден недостаток на апсолутна неготовност за рамноправен дијалог. Сите позиции докажани преку оваа говорница ме убедуваат дека веќе е сосема јасно и сосема сватливо и уочливо дека се брани позиција која е чисто националистичка, позиција

која за да се поткрепи се служи сосема само со претпоставки вршејќи напор, или претставувајќи се паметен да ги чита и прочита однапретд мислите и задните намери на другите од противничката партија. Не осеќајќи апсолутно потреба и грижа на совест тоа да се поткрепи со еден конкретен пример. Јас признавам мене ми е многу тешко да воспоставувам врска со таа позиција и воопшто немам желба да и се спротивставам на таа позиција, но заклучокот од позицијата на која се се зборува и се говори мене ме вознемирува , мене ме загрижува, мене ме прави несреќен, мене ме прави несигурен и мене нормално ме демотивира  за работи за кои ние првобитно сме повикани да дадеме доиринос во овој Парламент. Овој е најпримерен еден од најтешкмте конкретни атакувања на оваа кревка демократија. И заправо човек би се запрашал, ако е тоа толку црно во Македонија како што се добива слика денеска навистина нема потреба тука многу да се води дијалог, тука многу да се објасни и дообјасни, бидејќи работите совршено се јасни. И сосема е јасно дека се атакува директно на идентитетот на една националност. Како јас како Ештреф Алиу да ја сватам неготовноста за првиот кој седи до мене да не ми дозволи, апсолутно да ме оневозможи, јас во мој личен документ да имам пишувано име и презиме мое лично,кое е најцивилизациска потреба која ја  поистоветува само со носителот, со личноста на таа исправа која потреба произлегува и од неможноста на официјалниот јазик, реалната, научната неможност.

ЕШТРЕФ АЛИУ: (Продолжение)

Тоа да го напише онака како е тоа име без тешки деформации и без тотални кзмени. Пошто веќе почнавме да вежбаме гњаважа, дозволете да ве потсетам дека од оваа говорница најдобро-намерно сум се обидел , по се изгледа воопшто не сум успевал да ви предочам конкретни примери каде имињата стануваат сосема трети, пети, педесети, а воопшто не е тоа штое првобитно. Тоа е името Фана на македонски може да се прескибира или да се пренесе  само Тана, што на албански има име Тана, а не е Фана и тоа е сосема стота работа, или Сана исто така и тоа е сосема петстота.Па Вие господа изгледа не сакате, терате инает да ги  сватите најосновните потреби на оваа македонска цивилизација. Вие си станувате и против сопствената наука и утре се  се плашам ќе оптужувате, обидувајки се да станете специјалсити на негативно толкување на законите и Уставот  , да ги оптужувате и сосптвените научници Што си дозволуваат еден луксуз, поради комуникација со светот имињата на научници да ги пишува во оргинална транскрипција и тоа во заграда. Вам како да ви е криво. Па јас би ве замолил, јас се сомневам, апсолутно се сомневам и имам докази дека не ви останало ниту до правда, туку до еден примитивен инает и оној животински нагон кого ќе го стигнам  или кого можам да го совладам да не му давам ни слободно да дише. Ние тука веќе некореспондираме со културен дијалог. Ние престанавме со тоа веќе во денешната седница. Тој културен дијалог по се изгледа не ни е воопшто потребен. Бидејки тој ние не го сакаме. Тој културен дијалог е поткрепен со потреба да е и демократски, да е  и цивилизациски, да не носи напред, да не носи во Европа, а ние самобендисани на себе си си тераме тој татковски, балкански инает во онаа најцрна светлина. Залагањето на веќе пратеници само со славна кратенка.

ништо повеќе е спротивно, во потполна спротивност на Уставот
и сето тоа што е демократско во тој Устав, сето тоа што е циаилизацихко во тој Устав, а јас тој Устав не сум го гласал ради четири члена, а не ради 136 члена . Вие денеска отворено станувате целосно против тој Устав. Вам тоа ви доликува, бидејки вие цело време се боревте за друг Устав. Кога видовте , благодарејки на паметните дека тоа нема да ви успее се снајдовте многу, многу, многу фино. Ги присовивте сите аплаузи, сите заслуги, скандиравте лажно, покажавте задоволство кое воопшто не беше во склад со вашите залагања. Но, тоа е ваш проблем. А јас сум на говорница тоа да ви го посочам, ништо повеќе и да сватите и лека полека да се научите да сватите дека имате потреба да учите и од луѓе малку надвор од вас, и од противниците и од претставниците на ПДП. не велам од Ештреф Алиу.Втора работа , тоа е директен атак на колку толку од тоа наше единство што успеавме да го чуваме поединечно со лич-нсоти и заедно со партии. Не треба многу филозофија Гла се свати. Настојвуањето на претставниците кои ја присвоија најелссвната кратенка воопшто не е тешко тоа да се прочита и да се свати. Тоа е директен атак на мирот, ро овој простор на Република Македонија. Тоа е директен атак на и онака доста пољуљана крефка меѓусебна доверба. Каде сето тоа води, вие тоа го знаете. Но, на зборови се правите многу силни. Јас се плашам на дела ќе испаднете кукавици Во конкретниот случај радаваме за политиката на јазикот и за позицијата на јазикот од уставно правен аспект, од културен аспект од цивилизациски аспект, од демократски аспект од конкретен аспект од практичен аспект. За оваа тема не се осеќам способен да се доискажам прецизно само од едната позиција, а тоа е уставно правната и на тоа склон сум да поверувам на толкувачите на Уставот или

на читачите на Уставот со добра намера. Тоа се голем дел пратеници на ова Собрание, тоа се пратеници од сопствени редови, тоа е и министерот гоподин Фрчковски.Кога зборуваме за позицијата на јазикот од претставниците на славната кратенка не чув ниеден научен факт и аргумент. Доволно ми е и јас сум им благодарен што тотоално веќе ме освестија до каде се протега и до каде достигнува нивниот дострел во овој план или во овој домен обидувајки се по секоја цена да се спротивстават на најосновните цивилизациски потреби на еден национален колективитет, кои во овие простори се осеќа во свој дом, во своја држава, во своја Република, кои во овие простори има традиција вековна, има култура, јазична култура, има вековна традиција на постоење на јазикот, на негување на јазикот, земајки предвид условите на времето и во најсовремени услови и методи. Господа пратеници од најславната кратенка, обидете се за просторите на оваа Република да учите малку повеќе и за вистините на сите народи кои тука дишиме и за оние кои дишат и за оние за сите како треба да дишат. Вие атакувате на се што ние изразуваме готовност, спремност и цврста определност заедно, токму заеднио со македонците да чекориме напред. Што ние водиме лавовска битка со противници од сопствените редови да ги отстра-ниме екстремностите, да ги отстраниме грешките, да го отстраниме сето тоа што во споредба со вас или кај вас предизвикува негодува-ње, сомневање, недоверба. Вие како да имате апетити во тоа да не задушите. Јас во тоа не верувам, како и да дејствувате понатаму личната карта е веќе јасна. Вие дејствувате против основните придс бивки на демократските процеси во Македонија. Вие не сте за демо-кратска Македонија. Вие не сте за рамноправност на граѓаните во оваа Република и би ве замолил таа позиција бранете ја колку што

сакате, како што сакате, но во ова Собрание ред е има право другиот да побара да се почитувааат правилата на игрите. Ако се престроиме во тие правила на игрите , тогаш нема да дозволиме тука да применвуаме гњаважа терапија. Ние тука останавме ради инает. Веќе бевме сигурни дека нема никој ново што да каже дека тоа е вредно. Е, па во гњаважа терапија, дозволете да ве потсетиме дека во овие простори ние повеќе од 500 -тини години сме имале училишта на албански јазик. Сме имале учители албанци, се пишувал и се негувал јазикот и тоа не му пречел на дедо македонец, кој бил комшија со мојот дедо туку се израдувал тој дедо  за чудо македонец, што албанецот успева, има буквар, учи на свој јазик и се мотивирал и тој да научи да се спреми да направи буквар. Ние за несреќа радоста овој народ да стане тоа што е многу доцна го доживеавме. Па вие акЈѓо да сакате да ни го одземете тоа основно право, ние и како луѓе да се радуваме подеднакво на  достигашата во овие простори. Сакате се што почнува со м, тоа апсолутно така да ви припаѓа само вам, а воопшто на другите партии, што е невозможно, оти партии од национален блок има и вон парламентот, дозволете некоја заслуга и за нив, па и тие  развиваат големи активнсоти и тие ја урнваат многу длабоко оваа Македонија и тие вршат напори да ја дестабилизираат до немајкаде  и тие водат и подземна политика, па разговараат и со непожелни елементи за оваа млада држава. Па тие си прават и си кројат планови, најверојатно до вас ги доставувааат и ве осоколуваат да бидете цврсти, трајни во определбата на другиот да не му дозволите ништо ама баш ништо. Вашето залагање во денешната седница 100 дена да с-е^борува,тоа е. Вашата цел е другиот ништо да не добие. Па, дозволете само да ве прашам во овие услови сега можете случајно  да се осеќате и горди и среќни. Но, штом ќе

се освестите , ќе бидете во кругот на фамилијата, ќе бидете многу критикувани. Македонска јавност нема да ве прифати.Македонската јавнсот се залага за нешто друго, не за вакви амандмански решенија. Македонските граѓани не задржуваат на пат со други желби, со други намери, со сосема други молби и макдонските граѓани , ми испаѓа доста тешко тоа да го признам, и мене дури ме молат сторете се што сакате, сочувајте го мирот. Па, кој сум јас да допринесам гра-ѓанинот на оваа Република да биде до тој степен вознемирен и понижуван, кој го прави тоа. Денеска тоа е сосема јасно. Намерно не упатувам критики кон сопствените редови. Ќе барам да создавате можнсоти и услови и од оваа говорница да се престроиме , се враќам на тоа вредното по вредноста, не по национална определност. Јас не би се осмелил да прифатам дека приредувам шоу, бидејки ме бива за успешен шоу. Ова е гњаважа терапија, господа, не е шоу, шоу нема. Тоа го посакувате вие. Јас се обидувам тоа да ви го приредам а на другите поединиечно ќе им се извинувам секој ден и ќе се гордам што ќе ми се даде шанса да им се извинам. Вие тоа го посакувате јас се трудам да го задоволам тој ваш нагон. Вие станавте конкретни наследници на сто тоа што било негативно во бившиот еднопатиски режим и воопшто за тоа ниту се црвенеејте, ниту се срамите. Воопшто тоа многу ме чуди, тоа ме запрепастува. Јас признавам во ваши редови имало ортодопсни комунисти, не такви потајни комунисти, кои подалеку од себе не умееле ништо да видат и никого да го прифатат веднаш до себе. Тоа не сум можел да го претставам. А се претставивте во јако добра светлина, во тој поглед им олесновте на тие што им префрлувате дека се дирекни наследници. Јас тој ортодоскиот комунист го гледам само до претставниците на таа славна кратенка.

ЕШРЕФ АЛИУ: (Продолжение)

Заправо, во другите воопшто не го почуствував. Другите ги почуствував како граѓани на Република Македонија кои се обидуваат да не убедат со силата на аргументите дека цврсто се определиле кон индината на Македонија, тоа им е прва цел, таа иднина на Македонија, таа желба малку сигурност повеќе за генерациите што ги оставаме зад нас. Во тоа нема ништо лошо, апсолутно ништо лошо. Па господата претставници на најславната кратенка што ние ја имаме во овие простори и културно историски знаат да ја злаоупотребат на најнепримерен начин. Едниот од нив се обиде да врши излет, да се снајде и тука во Парламентот и се претставува партија која воопшто ие учествувале на изборите. Тоа ние го дозволуваме, тоа ние го сакаме, тоа нас воопшто не ни пречи. Тој легитимен пратеник а без никакви законски уставни права и основи претставува партија која не учествувала на изборите тука врши напори да делува сосема својствен  само на него досега елемент. И во тоа успева.Па, господа пратеници во терапија гњаважа сепак треба да се има крај, па, штом имате желба да продолжам, слушајте уште малку.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам сега и вие провоцирате.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Случајно ќе ве потсетам малку на историја од Второто заседание на АСНОМ. Веројатно во просториите на оваа зграда во друга прилика оти таму ќе ве срозам скроз оти немате аргументи.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, немојте од место да дофрлувате.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Во ова Собрание претставниците во оваа зграда, претставниците на најславната кратенка изгледа заборавиле дека се зборувало на три јазика. Тоа тие го заборавиле. А чудо на нивните татковци тоа не им пречело. Тие сметале дека тоа не ја загрозува Македонија, тие сметале дека тоа е придобивка на таа промена на крв,...(пратениците негодуваат затоа што министерот Фрчковски не е во салата).(Претседателот ги известува дека пратил порака да го викнат)на таа промена на крв на највредни синови. Албаниците зборувале доста трапаво албански, бидејќи не биле образование доволно на свој мајчин јазик. Вие немате претстава како јас точно, сочно и прецизно зборувам на албански. Јас се трудам истото да го правам и на македонски за разлика од оваа терапија гњаважа.Во 1944 година тие наши татковци толку биле глупи отворале на ист ден училишта на три јазика. Голема несреќа што не сте биле вие толку паметни наследници на најславната кратенка да им го забраните тоа. Па тоа да им го забраните оти вие сте сила, ако не успее аргументот и Уставот тука е силата и јунаштвото па другите се зајаци во споредба со вас. Тоа е токму така, тоа е голема несреќа голема несреќа, голема несреќа е тоа.Во погледот кон иднината албанците имаат потреба да се интегрираат во дел на ова македонско општество, да соработуваат со дел на ова општество, да чекорат напред со дел на ова општество.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам држете се пристојно.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Но, не се готови да чекорат напред и да бидат со ист строј со национал шовинистите кои се претставија во најдобро светло во денешните обиди да протолкуваат устав и да наметнат уставни решенија, Кога македонецот би бил онаков каков вие го претставувате одамна би бил бришан од овие простори.Но, македонецот е сосема оној другиот. Тој е слика и прилика на многумина од вас тука и на милион и повеќе надвор во куќите во Републиката во дијаспората насекаде по светот кои тргнале да обезбедат нешто за фамилијата за себе и за иднината. Вие станавте првокласни оние слепи ноќни птици во напорот тука да наметнувате политика која ги затвора сите можности за конструктивен дијалог.Кворум за работа има да му отстапиме место на друг за гњаважа терапија.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега јас ве молам на неко.ј начин да се договориме. Јас ве молам, само нешто сакам да ви кажам. Јас се носам овде и со Пановски и со Петров и со маса тука луѓе, меѓутоа мене Ештреф ќе ми....

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Претседателе, ми чини задоволство, вам уште сега да ви се извинувам далбоко, но јас морав ова да го направам.

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте. Не. Навистина не можам да издржам вака
За збор се јави господин Крстевски.

(повторно . негодување во салата затаоа што не е присутен министерот Фрчковски).
Го нема министерот, што да правам јас, го викав но и тој е уморен.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас ве молам, навистина ве молам барем мојата пратеничка група не ја злоупотреби говорницата на овој начин како што сега се отвора дебата и како што се мисли да се води. Очигледно нешто се случува со нас, ние треба да се преиспитаме.(Некој во салата дофрли, се сетивте).
Не се сетив јас, господа вие сте некои ново компонирани комунисти,во што ја претвараме оваа работа, навистина нема смисла ова што го правите. Ќе не осудат сите, не осудуваат верувајте.Предлагам две работи или ние координаторите да се повлечеме, се разбира со претставник и од независните пратеници, па да видиме дали можеме нешто да договориме или да видиме поединечно како пратенички групи како да се понесеме или формално исто и јас да побарам 10 часа пауза, па по некоја деловничка форма да се спасам од вас, едноставно. Јас ве молам да се вразумиме. Мене не ми е проблем да седам, ќе седам нема проблем, ќе ве оставиме сами овде па правете си муабет до утре сабајле.Предлагам прва пауза меѓу координаторите да седнеме и да поразговараме, ако не молам нашата пратеничка група да се ослободи 10 часа пауза.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве да констатирам дека околу 14 пратениии се јавија за дискусија.
Само да ви кажам вие можете да си седите и  да си излегувате, но јас треба да пазам секој што рекол овде. Дали се разбират во нешто оти овој начин на работа не може така. Ова е невозможно.За збор се јави госпоѓа Лазаревска, па Давчев па Харуни.Но, треба да дадеме една пауза, овие што се јавуваат сега се за процедурални прашања.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Јас ќе го замолам претседателот на Собранието ваква дискусија каква што беше дискусијата на господинот Ештреф Алиу, кој инаку многу го ценам и почитувам а денеска сум навистина изненадена, бидејќи цело време тој покажува, не убедува дека работи и за заокружување на државјанството на Македонија, а овде излегува со една гњава терапија на која и предходи некоја шок терапија, сметам дека претседателот на Собранието кога ќе се најават вакви гњаважа дискусии да не дозволува дискусии на говорницата. Ова е проигрување со законот за личната карта, ова е проигрување со иднината на Македонија, ова е протигрување воопшто со државноста на нашата Република. Јас мислам дека со вакво потсмевање во однос на овој закон и вакво потсмевање воопшто во однос на донесувањето на системските закони од страна на рпатениците на ПДП, јас мислам дека е навистина е ндолично во овие утрински часови.
Знаете што, во 20,30 часот најавивте пауза од еден ипол час, а се прибираме во 11 часот, гњаважата терапија започна од пред шест месеци кога се одлага овој закон токму заради вас.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот Ештрев, бидејќи беше спомнат, а веднаш потоа мораме да дадеме пауза, затоа што пауза побара господинот Крстевски.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Јас бев искрен и ви кажав што правам на говорница. не излегов и не ве залажав ништо. Вие одредивте оро кое јас по се изгледа цело време ве гњавев и кажав намерно дека тоа е гњаважа терапија и се виде дека незнам да ја играм, но вие ја започнавте и сега јас се чувствував многу тесно воопшо да не се прифатам во тоа ваше оро кое ниту временски ниту просторно покажуваше дека има граница. Госпоѓо Лазаревска тоа е одговорот.

СТОЈАН АНДОВ:

Има предлог од 30 минути пауза. Предлогот е од координаторот. Нека се договорат координаторите, како ќе работиме.
(Седницата прекина со работа во; 01,оо часот) Продолжение по третата пауза во  01,25 часот Продолжуваме со работа. Молам службите да ги пребројат пратениците.
(Се врши пребројување)
Во салата се присутни 43 пратеници, според тоа нема услови за продолжување на седницата.
Ја прекинувам седницата, а продолжението ќе биде закажано по писмен пат. За идното продолжение да се подготвите за да не доаѓаме во ситуации како денеска. За денеска завршуваме.(Седницата заврши во 01,35 часот).